Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола
Факултет за безбедност - Скопје
University „St. Kliment Ohridski“ - Bitola
Faculty of security - Skopje

Милица Гарески

# Ризик фактори за виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи

*(магистерски труд)*

Скопје, 2024 година

Ментор:

Проф. д-р Наташа Јованова – Пеовска

Вонреден професор на Факултет за безбедност – Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

Членови на комисија:

Проф. д-р Драгана Батиќ

Редовен професор на Факултет за безбедност – Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

Проф. д-р Весна Стефановска

Редовен професор на Факултет за безбедност – Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

Датум на одбраната: ___________

Датум на промоцијата: ___________

Наука на која што се стекнува магистерското звање: **Криминалистика**

# ИЗЈАВА

Од **<u>Милица Гарески</u>**

(Име и презиме на кандидатот)

Изјавувам дека при изработката на магистерскиот труд ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди.

Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност.

Изјавил:

Милица Гарески

**АПСТРАКТ**

Несомнено е дека користењето на социјалните мрежи е дел од секојдневниот живот на децата и младите луѓе. Со развојот на технологијата насилството на интернет се зголемува, а децата кои манифестираат насилство постојано се во потрага по нови начини за повредување на потенцијалните жртви. Виктимизираните, честопати живеат во еден затемнет лавиринт од каде не гледаат излез. Поради достапноста на техничките уреди, виктимизацијата е постојано зад нив. Ваквото секојдневие предизвикува немир кај жртвите. Лицата кои доживеале насилство на социјалните мрежи се соочуваат со разни краткотрајни и долготрајни последици. Уште потешко е кога жртвите се деца кои се во фаза на развој и кои доживуваат големи промени во нивниот живот. Во зависност од личноста на детето, но и од околностите кои го опкружуваат, реакцијата за вакво доживеано насилство е различна од една до друга личност. Она што со сигурност може да се каже е дека ваквата виктимизација може да има тешки последици врз животот на жртвата. Некои од тие последици, дел од жртвите не успеваат да ги надминат во својот живот. Токму затоа потребно е науката да се сврти кон истражувања кои се однесуваат на доживеано и извршено насилство на социјалните мрежи. Многу е важно да се пронајде причинско-последичната врска за ваквото насилство.

Во нашиот труд, посебно внимание се посветува на дефинирање на сајбер насилството од една страна и на сајбер виктимизацијата од друга, објаснување на појавните облици, разгледување на ризик-факторите кои постоечките истражувања ги имаат веќе истакнато, објаснување на последиците кои настануваат врз жртвите, како и разгледување на начините за натамошна превенција. Во овој труд се разработуваат следниве ризик фактори: индивидуални (социодемографски и психолошки), семејни и технолошки фактори и нивното влијание врз појавата виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи. Потребата за изработка на овој труд и спроведување на истражувањето кое доаѓа со него, произлегува од недостатокот на истражувања на нашите простори за оваа тема. Постоечките истражувања не даваат целосна слика за ризик факторите кои придонесуваат за појавата, а со цел соодветно да се реагира, потребно е да се пронајдат истите за да можи навремено да се интервенира и превенира.

*Клучни зборови: сајбер виктимизација, сајбер насилство, социјални мрежи, деца, ризик фактори, последици*

## ABSTRACT

*There is no doubt that the use of social networks is part of the daily life of children and young people. With the development of technology, internet violence is increasing, and perpetrators are constantly looking for new ways to harm potential victims. Victimized persons often live in a dark circle. Because of the availability of technical devices, victimization is constantly behind them. This kind of life causes restlessness among the victims. People who have experienced violence on social networks face various consequences. It is even more difficult when the victims are children who are in the stage of development and who are experiencing major changes in their lives. Depending on the child's personality, but also on the circumstances that surround him, the reaction to such experienced violence is different from one victim to another. What can be said for sure, is that this type of victimization can have devastating consequences on the victim's life. Some of those consequences can never be overcome. This is exactly why science needs to dedicate to researches related to experienced and committed violence on social networks. It is very important to find the cause-and-effect relationship for this kind of violence.*

*In our paper, special attention is given to defining cyber violence on the one hand and cyber victimization on the other, explaining the emerging forms, looking for the risk factors that other researches has been made about, explaining the consequences that occur on the victims, as well as consideration the ways of further prevention. The need to produce this paper and conduct the research that comes with it, stems from the lack of research in our country about victimization among children on social networks. Existing research does not provide a complete picture of the risk factors that contribute to this negative phenomenon, and in order to respond appropriately, it is necessary to find them, so we can be able to intervene and prevent in a timely manner.*

Keywords: cyber victimization, cyber violence, social networks, children, risk factors, consequences.

## СОДРЖИНА:

ДЕЛ I....................................................................................................................................9
МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ.......................................9
1.1 Формулација на проблемот.....................................................................................................9
1.2. Определување на предметот на истражување.................................................................11
1.2.1 Теоретско определување на предметот на истражување..........................................13
1.2.2 Појмовно-категоријален систем.........................................................................................19
1.2.3 Операционално определување на предметот на истражување................................20
1.2.4 Временско и просторно определување на истражувањето.......................................21
1.3. Цел на истражувањето.............................................................................................................21
1.4. Хипотези......................................................................................................................................22
1.5. Научни методи, техники и инструменти користени во истражувањето.........................22
1.6. Научна и општествена оправданост на истражувањето..................................................24
ДЕЛ II..................................................................................................................................25
1. Основни објаснувања за социјалните мрежи..................................................................25
1.1. Кратко објаснување за некои социјални мрежи (Facebook, Instagram, Viber, Tic Tok) ....................................................................................................................................27
1.2 Политики на заштита на приватноста на корисниците...............................................28
2. Дефинирање на појавата сајбер насилство меѓу децата на социјалните мрежи...............30
3. Дефинирање на сајбер виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи......................32
3.1 Појавни облици на виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи......................33
3.2 Карактеристики на виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи..................36
ДЕЛ III.................................................................................................................................38
1. Ризик фактори за виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи..............................38
1.1 Социо-демографски фактори кои се поврзуваат со виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи.........................................................................................................38
1.1.1 Поврзаноста на полот со ризикот од виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи.........................................................................................................................39
1.1.2 Возраста на детето како фактор за виктимизација на социјалните мрежи.........42
1.1.3 Поврзаност меѓу социјалниот-економски статус на детето и виктимизацијата на социјалните мрежи...............................................................................................45
1.1.4 Поврзаност меѓу етничката припадност на детето и виктимизацијата на социјалните мрежи...............................................................................................48
1.2 Поврзаноста на социјализацијата на децата со виктимизираноста на социјалните мрежи.........................................................................................................................49
1.2.1 Поврзаноста меѓу влијанието од врсниците со виктимизираноста меѓу децата на социјалните мрежи...............................................................................................51
1.3 Поврзаноста меѓу образовната средина на детето и виктимизацијата на социјалните мрежи.........................................................................................................................52
1.4 Психолошки фактори кои се поврзуваат со виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи.........................................................................................................54
1.4.1 Ниска самодоверба како ризик фактор за виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи...............................................................................................54
1.4.2 Депресијата и мислите за самоубиство како ризик фактор за виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи..................................................................57
1.4.3 Емпатијата како ризик фактор за виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи.........................................................................................................................58
1.4.4 Сликата за себеси како ризик фактор за виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи...............................................................................................60

1.4.5 Претходна виктимизација како ризик фактор за виктимизација меѓу децата на социјалните мрпежи....63
1.5. Семејни фактори кои се поврзуваат со виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи....64
1.5.1 Односите во семејството како ризик фактор за виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи....65
1.5.2 Недоволен надзор врз децата од страна на родителите како ризик фактор за виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи....68
1.6. Технолошки фактори кои се поврзуваат со виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи....69
1.6.1 Зачестеното користење на интернет и ризикот за виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи....69
1.6.2 Ризични однесувања на децата како ризик фактор за виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи....71
2. Последици кај децата од доживеана виктимизација на социјалните мрежи....74
2.1 Психолошки последици кај децата кои искусиле виктимизација на социјалните мрежи....75
2.2 Социјални последици кај децата кои доживеале виктимизација на социјалните мрежи....77
ДЕЛ IV....79
1. Реални примери за деца кои биле виктимизирани на социјалните мрежи....79
ДЕЛ V....82
1. Превенција на виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи....82
2. Ангажираност на клучните чинители за превенција на виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи....83
2.1 Училиштата и превенцијата....83
2.2 Родителите и превенцијата....84
2.3 Децата и превенцијата....87
2.4 Заедницата и превенција....88
3. Превенција на повторна виктимизација на децата на социјалните мрежи....90
ДЕЛ VI....91
ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ВИКТИМИЗАЦИЈА МЕЃУ ДЕЦАТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ....91
1. Примерок на емпириското истражување....91
2. Резултати од емпириското истражување....92
2.1 Резултати од истражувањето кои се однесуваат на појавни облици на виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи....92
2.2 Резултати од истражувањето кои се однесуваат на сајбер насилството меѓу децата на социјалните мрежи....94
2.3 Разлики меѓу децата од различен пол во однос на искуство со доживеана виктимизација од врсници на социјалните мрежи....94
2.4 Разлики меѓу децата од различна возраст во однос на искуство со доживеана виктимизација од врсници на социјалните мрежи....95
2.5 Поврзаноста на виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи со понискиот степен на социјализација....96
2.6 Поврзаноста меѓу некои психолошки фактори и виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи....98
2.7 Поврзаноста меѓу семејните фактори и виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи....105

2.8 Поврзаноста меѓу технолошки фактори и виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи....110
2.9 Поврзаноста меѓу комуникацијата со непознати лица и зголемената достапност на личните податоци со виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи....116
2.10 Поврзаноста помеѓу индивидуалните карактеристики на децата (социо-демографиски и психолошки), семејните и одредени технолошки фактори и виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи....119
ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ....123
1. Заклучоци....123
2. Препораки кои произлегуваат од истражувањето....128
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:....130

## ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ:

Табела 1: Примерок во истражувањето....138
Табела 2: Појавни облици на виктимизација меѓу деца на социјалните мрежи воопшто....139
Табела 3: Појавни облици на виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи во последните 12 месеци....140
Табела 4: Појавни облици на сајбер-насилство меѓу децата на социјалните мрежи воопшто....142
Табела 5: Појавни облици на сајбер-насилство меѓу децата на социјалните мрежи во последните 12 месеци....143
Табела 6: Разлики меѓу децата од различен пол во однос на искуство со доживеана виктимизација од врсници на социјалните мрежи....144
Табела 7: Разлики меѓу децата од различна возраст во однос на искуство со доживеана виктимизација од врсници на социјалните мрежи....146
Табела 8: Поврзаноста на виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи со понискиот степен на социјализација....149
....149
Табела 9: Поврзаноста помеѓу самодовербата и виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи....152
Табела 10: Поврзаноста помеѓу депресијата и осаменоста со виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи....156
Табела 11: Поврзаноста помеѓу надзорот од родителите и виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи....159
Табела 12: Поврзаноста помеѓу негативните случувања во семејството и виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи....165
Табела 13: Поврзаноста помеѓу односот на децата со родителите и виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи....171
Табела 14: Поврзаноста помеѓу интензитетот и зачестеноста на користење на социјалните мрежи и виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи....174
Табела 15: Поврзаноста помеѓу комуникацијата со непознати лица и виктимизацијата на социјалните мрежи....182
Графикон 1:....184
Графикон 2:....184
Графикон 3:....185

**ДЕЛ I**

# МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1.1 Формулација на проблемот

Насилството е актуелна појава за која сè почесто се дискутира насекаде во светот. Особено значајно прашање што се разгледува во последните дваесет години, е прашањето за насилството меѓу децата. Децата растејќи често пати знаат да бидат предизвикувачи или жртви на врсничко насилство. Со оглед на тоа дека децата најголемиот дел од денот го поминуваат во училиштето, сè повеќе се разгледува насилството меѓу децата што се случува во училиштата,[1] иако истото е присутно и на други места (во соседството, места каде што децата се собираат итн.).

Во литературата, разни научници прават различни поделби за видовите на врсничко насилство. Во принцип, повеќето ја прифаќаат поделбата на физичко, психичко и сексуално насилство. Но, во оваа листа се повеќе има согласност дека треба да се додаде и насилството преку интернет (наречено сајбер насилство), како нов вид на врсничко насилство. Појавата на насилство меѓу децата во сајбер просторот во суштина е резултат на развојот на технологијата, дигитализацијата и секојдневната употреба на интернетот, со што се отворија можностите за новитети и иновации во секојдневниот живот на децата, но истовремено се зголеми ризикот за повреда на нивниот живот и достоинство. Социјализацијата, онаква како што ја познаваме, со непосредна размена на комуникација, се повеќе исчезнува и се заменува со една нова форма на меѓусебно запознавање, општење и дружење меѓу децата, комуницирање со допишување преку електронски пораки и разни социјални мрежи, блогови и визуелно гледање преку камери. Но, со тоа доаѓаат и новите предизвици на општествата. Особено децата и младите се актуелна таргет група на сите ризици кои ги носи развојот на технологијата, со оглед на тоа што тие се оние кои најголем дел од времето го поминуваат пред своите компјутери и телефони. Децата сајбер просторот го користат за стекнување на нови знаења и вештини, но истиот може да ги доведе во ризик да доживеат виктимизација и да манифестираат насилство спрема други деца. Лицето кое е жртва на ваквото насилство велиме дека е сајбер-виктимизирано. Сајбер-виктимизација претставува состојба на жртвата

[1] Јованова, Н. (2014). *Насилството меѓу децата во училиштата, со посебен осврт на превенција*. Докторска дисертација, Факултет за безбедност, Скопје.

која се однесува на претрпено насилство преку мобилен телефон или интернет. Ваквите однесувања вклучуваат писмено-вербални или визуелни насилства, имитирање или исклучувања на жртвата од одредени групи.[2] Сајбер-виктимизацијата меѓу децата се одликува со карактеристики кои ја разликуваат од традиционалните форми на виктимизација. Имено, со сајбер виктимизацијата за многу кратко време може да се дојде до масовна публика, сторителот најчесто е анонимен, интернет просторот не дава временски и просторни ограничувања, виктимизацијата може да се врши постојано, и дење и ноќе, лицето кое е виктимизирано во реалниот живот најчесто продолжува да биде сајбер виктимизирано во неговиот дом, со што се нарушува неговото право на приватност.[3]

Според Бојд (2007), децата во сајбер просторот најчесто ги користат социјалните мрежи како место за јавно изразување, комуникација и разменување разни содржини и искуства, но ги користат и како алатка за други цели како што е сајбер-виктимизацијата.[4] Социјалните мрежи кои децата и младите најчесто ги употребуваат се сајт за социјално вмрежување (Facebook), сајт за микро блогирање (Twitter), сајтови за споделување фотографии (Instagram, Snapchat, Viber), сајт за споделување видеа (YouTube, Tic Toc), и разни форуми.[5] Во прилог тоа се и податоците од анализата направена од страна на Асоцијацијата за електронска трговија во Македонија, која констатира дека интернетот најмногу се користи за социјални мрежи (84%), односно за креирање на кориснички профили, објавување на статуси и коментари на познатите социјални платформи како Facebook, Instagram, Viber, Tic Toc и други, што ја рангира Република Северна Македонија на четврто место во Европа во користење на социјални мрежи, веднаш после Исланд (91%), Малта (87%), Норвешка (84%) и Унгарија (84%).[6] Ваквата распространетост на употребата на социјалните мрежи им помага на децата да го развијат својот идентитет и мрежа на пријатели, но зачестеното користење носи и низа опасности во однос на можна виктимизација од страна на други деца. Така, податоците од истражувањата ни покажуваат дека истите се користат  за исклучување, оцрнување и исмејување преку објавување приватни пораки во јавност или закана на некого на неговиот профил, било тоа да е Facebook,

---

[2] Garsia, D., Perez, J., Gonzalez, A., & Perez, C. (2014). *Risk factors associated with cybervictimization in adolescence*. In Sierra, H. C. (Ed.), *International Journal of Clinical and Health Psychology*, Granada.

[3] Patchin, J. W., & Hinduja, S. (2006);Bullies Move Beyond the Schoolyard A Preliminary Look at Cyberbullying

[4] Цитирано во Corliss, C. L. (2017). *The established and the outsiders: Cyberbullying as an exclusionary process*. Doctoral dissertation, University of Glasgow.

[5] Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

[6] Цеков, А. (2019). *Водич за сајбер безбедност на децата во домот и училиштето*. Проект на Европска Унија, Скопје.

Youtube, Viber, Tic Toc. Честопати нападите се во врска со теми поврзани со имиџот, телото или сексуалната определеност.

Децата може да бидат во ризик поради начинот на кој се однесуваат на социјалните мрежи, односно преку откривање и споделување на лични информации и податоци кои подоцна може да се искористат за други цели, бидејќи во дигиталниот свет активноста на интернет остава дигитална трага во форма на лични податоци и информации кои што можат да бидат употребени за најразлични цели.

Појавата на виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи предизвикува низа негативни последици во секојдневниот живот, особено за жртвите. Дел од таквите последици се: чувство на небезбедност, чувство на гнев, чувство на немоќ и беспомошност, депресивни симптоми[7], вознемиреност, употреба на алкохол и дрога, несоодветно сексуално однесување, немање емпатија, немање на одговорност, непочитување на себеси, проблеми со учење, проблеми со спиење и јадење, обид за самоубиство. Бидејќи виктимизацијата на социјалните мрежи се случува во сајбер-просторот, децата знаат дека штом еднаш нешто е објавено на интернет, засекогаш останува. Сајбер виктимизацијата придонесува жртвите да се чувствуваат изложени, понижени и засрамени. Големата публика на ваквите случувања го прави понижувањето уште поголемо. Честопати, поради ваквите вознемирувања, децата остануваат без пријатели. Ова искуство може да биде особено болно, бидејќи пријателите се клучни на оваа возраст. Кога децата немаат пријатели, ова може да доведе до уште поголемо разочарување.[8] Истражувањата за виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи имаат за цел градење на глобална политика за подигање на свеста за заштита на идентитетот на детето и неговата приватност при употреба на социјалните мрежи, со цел препознавање на ризик факторите кои делуваат детето да стане жртва на оваа појава, навремено реагирање и превенирање од соодветните институции и целокупниот систем во општеството.

## 1.2. Определување на предметот на истражување

Досегашните научни сознанија укажуваат дека оваа појава се извршува на различни начини и притоа има одредени карактеристики кои ја прават да биде уште поопасна за

[7] Sourander, A., & Klomek, A. (2010). *Psychosocial Risk Factors Associated With Cyberbullying Among Adolescents*. In Xu, Y. (Ed.), *Archives of General Psychiatry*, American Medical Association, USA.

[8] Gordon, S. (2021). „The Real-Life Effects of Cyberbullying on Children“. Достапно на: https://www.parents.com/what-are-the-effects-of-cyberbullying-460558 (пристапено 01 Декември 2021).

жртвите за разлика од традиционалните облици на виктимизација што ги доживуваат децата во училиштата.

Достапните истражувачки резултати ни кажуваат дека виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи е доста раширен проблем. Истражувачки проект спроведен во периодот помеѓу јули и октомври 2016 година врз репрезентативен примерок од 5.700 тинејџери кои биле на возраст меѓу 12 и 17 години во САД, укажал на резултати дека 33,8% од анкетираните доживеале негативни искуства на социјалните мрежи како на пример: злобни или навредливи коментари (22,5%), онлајн гласини (20,1%), објавување на лоши сексуални коментари (12,7%), онлајн закани за повреда (11,9%), објавување на навредливи слики (11,1%), имитирање (10,3%) и изложување на исмејување на коментари за раса или боја (10,1%). Иако виктимизацијата на децата не е нов феномен, достапноста на социјалните мрежи, го зголемува ширењето на оваа појава преку сајбер виктимизирање.[9] Особено во потешки случаи, ваквите ситуации може да му наштетат на менталното здравје на засегнатите лица, придонесувајќи за појава на депресија и самоубиствени идеи (Бонано и Химел, 2013).[10]

Појавата што ја проучуваме се јавува во различни форми. Така, Кван и Скориќ (2013) го проучувале насилството на социјалната мрежа Facebook. Како резултат од ваквото насилство, заклучиле дека сајбер виктимизацијата која ја доживувале децата се јавува во форми на навреда, игнорирање, исклучување од групите и измама на жртвата за да прикаже некоја тајна за себеси. Кернаган и Елвуд (2013) го истакнаа малтретирањето преку социјалните мрежи за допишување. Според нив, ваквото малтретирање може да се случи на начини кои детето го виктимизираат преку: (а) споделување на разговори со други луѓе кои не се вклучени воопшто во разговорот, (б) имитирање на жртвата, (в) лажно претставување, (г) навредување.[11]

Во однос на последиците, 34% од младите кои биле виктимизирани се чувствуваат фрустрирано, 30% се лути, а 22% се тажни. Девојчињата чувствуваат многу повеќе лутина од момчињата. 41% од жртвите не кажале за тоа никому во реалниот живот, а 38% се довериле на онлајн-пријател. Само 19% од жртвите кажале некому за претрпената виктимизација. 17% признале дека извршиле сајбернасилство. Повеќе од половината учесници во истражувањето,

---

[9] Шумадиева, И., & Ресавска, Т. (2011). *Сајбер насилство - и тоа е насилство*. Достапно на https://dzlp.mk/sites/default/files/u1002/Sajbernasilstvo-II-izdanie.pdf (пристапено 27 Ноември 2021).

[10] Цитирано во Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

[11] Цитирано во Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

сметале дека сајбернасилството е лошо, па дури и полошо од насилството во реалниот живот.[12]

Ваквите податоци и негативните ефекти кои може да ги има виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи е доволен аларм за идентификување на ризик факторите кои можат значително да влијаат на веројатноста детето да стане жртва.[13] Секое дете не е виктимизирано од неговите врсници. Идентификувањето на ризик факторите претставува основа врз која институциите може да се потпрат со цел правилно да ги насочат превентивните активности. Постоечката литература истакнува дека постојат одредени фактори на ризик кои ја зголемуваат можноста децата да се најдат во овој проблем. Тие може да се поделат во неколку групи:

1. Социодемографски фактори (пол, возраст, влијание од врсниците, семејна средина, социјален-економски статус, етничка припадност);
1. Психолошки фактори (ниска самопочит, депресија и мисли за самоубиство, емпатија, зависност од интернет, сликата за себеси, претходна виктимизација); [14]
2. Семејни фактори (поврзани со структурата на семејството, односите меѓу членовите, надзорот од страна на родителите);
3. Технолошки фактори (кои се поврзани со зачестеноста на користење на интернетот и вклученост во ризични активности на интернет).

Децата и младите се иднината на секое општество и затоа, потребно е научно да се истражат одредени социодемографски фактори, психолошки фактори, семејни фактори и технолошки фактори, кои ја зголемуваат можноста одредено дете да стане жртва на врсничко насилство на социјалните мрежи, со цел добивање на сознанија кои ќе се искористат за креирање стратегии за превенција и интервенција при врсничко насилство на социјалните мрежи.

### 1.2.1 Теоретско определување на предметот на истражување

Во врска со сајбер насилството како поширок термин кој ја опфаќа и виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи,  во литературата се среќаваат слични дефиниции.

---

[12] Cyberbullying Research Center USA (2010). *Достапно на* www.cyberbullying.org (пристапено 26 Ноември 2021).

[13] Garsia, D., Perez, J., Gonzalez, A., & Perez, C. (2014). *Risk factors associated with cybervictimization in adolescence*. In Sierra, H. C. (Ed.), *International Journal of Clinical and Health Psychology*, Granada.

[14] Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

Работната група на Советот на Европа која се занимава со насилство на интернет ја има прифатено следнава дефиниција „сајбер насилство е појава на употреба на компјутерски системи за предизвикување, извршување на насилство или закана за насилство врз поединци, што може да резултира со физичка, сексуална и психолошка или економска штета или со страдање врз жртвата“[15]. Сајбер насилството често пати се идентификува со „сајбер малтретирање“. Под „сајбер малтретирање“ се подразбира агресивно и намерно однесување што е повторувано повеќе пати, и е извршено од страна на индивидуа или група со помош на употреба на електронските мрежи и е фокусирано на жртва којашто не може самата лесно да се одбрани.[16] Овој термин за прв пат е создаден и дефиниран од страна на канадски едукатор Бил Бејси (2005) кој го дефинира како употреба на информатички и комуникациски технологии за намерно непријателско однесување од страна на поединец или група чија цел е да им нанеси штета на некои луѓе..[17] Врз основа на наведеното, генерално може да се заклучи дека секоја дефиниција содржи дека: 1. Сајбер-насилството вклучува употреба на технички средства, 2. постои намера кај сторителот за актот на насилство, 3. постои желба да се нанесе штета на жртвата.[18]

Сајбер виктимизацијата е дел од сајбер насилството. Таа се дефинира уште како процес на станување жртва на насилство преку средствата за масовно комуницирање. Патчин и Хиндуџа (2012), ја дефинираат како намерно и свесно нанесување зло на личност која не може да се одбрани преку средствата за електронска комуникација, користејќи пораки, форуми или меилови од страна на сторителот. Сајбер виктимизацијата е последица од развојот на технологијата. Се случува меѓу две лица (еден на еден), во групи, меѓу група и едно лице или пак може да биде вклучена масовна публика.[19]

Децата најчесто на сајбер просторот ги користат социјалните мрежи како начин на комуникација. Денешните социјални мрежи како  Facebook, Viber, Instagram и Tic Toc, ги користат пред се младите луѓе низ светот.  Во просек, 93 % од тинејџерите ја користат Facebook апликацијата (Ленхарт, 2012, Пурсел, 2012), при што во просек, еден тинејџер има околу 300 пријатели.[20] Тинејџерите ги користат за да ја креираат нивната личност. Тоа го

---

[15] Council of Europe. (2018). *Mapping study on cyberviolence*. Strasbourg, France.

[16] Smith, P., Mahdavi, J., Carvalho, C., & Tippett, N. (2006). *An investigation into cyberbullying, its forms, awareness and impact, and the relationship between age and gender in cyberbullying*. Department for Education and Skills.

[17] Belsey, B. *Cyberbullying*. Достапно на https://billbelsey.com/?cat=13 (пристапено 06 Декември 2021).

[18] Davenport, M. P. (2014). *Educators' perspectives on having been cyber harassed: A phenomenological study*. Virginia.

[19] Цитирано во Corliss, C. L. (2017). *The established and the outsiders: Cyberbullying as an exclusionary process*. Doctoral dissertation, University of Glasgow.

[20] Цитирано во Corliss, C. L. (2017). *The established and the outsiders: Cyberbullying as an exclusionary process*. Doctoral dissertation, University of Glasgow.

прават преку допаѓања и коментари како и преку споделување на слики од нив на нивниот профил, и поддршка преку бројот на допаѓања кои ги собираат (Ливингстон, 2008). Преку коментарите што ги споделуваат, нивните разговори и мислења стануваат јавни и достапни за широка публика. Ова е особено карактеристично за социјалната мрежа Facebook (Марвик и Бојд, 2014). Додека социјалните мрежи, можат да се користат за социјализација и едукација, исто така можат да се користат и за сајбер виктимизација меѓу децата. Се користат за исклучување, исмејување, понижување или заканување. Сето тоа предизвикува вознемирување и притисок на личноста која го доживува. На таков начин, поединци се вклучуваат на социјални мрежи како што се Facebook, Viber и други заради навредување, понижување на некоја личност или пак упатување закани кон неа, што може да резултира со тешки последици за нападнатото лице, но и во специфични случаи, сето тоа може да доведе до убиство. На таков начин социјалните мрежи може да се злоупотребат. [21]

Оваа појава, претставува растечки јавно-здравствен проблем, кој има потреба од дополнителни напори за истражување. Веб-страниците за социјални мрежи, како што се Facebook, Instagram, лесно можат да ги изложат младите на вознемирувачки однесувања (Кинг, 2007). Постоечките истражувања покажуваат дека доживеано малтретирање на социјалните мрежи може да има штетно психолошко влијание врз жртвите (Маркам, 2010; Ибара и Еспелаж, 2007).[22]

Во своето прво дело, „Да се заштитат децата онлајн. Политики на социјалните мрежи за сајбер малтретирањето меѓу децата", авторката-доктор на науки за мрежи и комуникација, Тијана Милошевич, истражувач во Центарот за борба против малтретирање на Универзитетот во Даблин укажува на тоа какви политики имаат социјалните мрежи за заштита на децата од сајбер виктимизацијата. Имено, нај повеќе се задржува на Facebook, Instagram, Twitter и Snapchat. Во своето дело таа нагласува дека сајбер виктимизацијата задира во правата на децата, пред се во нивната приватност. Истовремено, авторката анализира пет случаи на самоубиства, кои тинејџерите ги извршиле поради доживеано малтретирање на социјалните мрежи. Таа нагласува дека, детето има право на електронска комуникација и присутност во дигиталните простори и невозможноста подеднакво да ги користи како и другите деца ги повредува неговите права.[23]

[21] Цитирано во Mengü, M., & Mengü, S. (2015). *Violence and Social Media*. In Vega, M. A. (Ed.), *Athens Journal of Mass Media and Communications* (pp. 211-228), Athens, Greece.

[22] Цитирано во Hong, D., & Ranney, J. (2014). *Social media as a vector for youth violence*. In Guitton, M. (Ed.), *Computers in Human Behavior*, (pp. 548-553), Elsevier, Amsterdam.

[23] Milosevic, T. (2018). *Protecting children online? Cyberbullying policies of social media companies*. MIT Press.

Последните години, активно се прават напори да се откријат факторите кои се поврзуваат со можноста детето да стане жртва на насилство на социјалните мрежи од неговите врсници. Истражувањата се поврзуваат со одредени индивидуални карактеристики на децата, семејни карактеристики и технолошки фактори.

Истражувачкиот центар за сајбер насилство во САД во февруари 2010 како резултат на направено истражување објавил дека 33% од младите доживеале негативно искуство на социјалните мрежи. Најчесто е игнорирањето. Тоа најмногу се случува на социјалните мрежи и тоа во собите за разговор, а потоа во комуникацијата преку Messenger и на крај преку електронските пошти.

Според истражувањата на глобално ниво, стапките на виктимизација на социјалните мрежи меѓу тинејџерите варираат, почнувајќи од 10% (Смит и други, 2008),20% (Гарет и други, 2016), до над 70% (Селки и други, 2016). Постојат различни наоди кога станува збор за родовата вклученост. Најчесто студиите објавуваат дека во некои видови насилство девојчињата се почесто виктимизирани (Маркум, 2012; Бекам, 2013; Хеман и Оленик-Шмес, 2015; Смит, 2019). Што се однесува до родовата вклученост, бројот на девојчиња наспроти момчиња покажува голема варијација низ студиите. Постојат многу причини зошто тоа е така. Според истражување на Смит (2019), зависно од возраста, родовата вклученост во сајбер насилството е различна. Во раниот период на адолесценција се покажа дека повеќе девојчиња отколку момчиња се јавуваат како сторители, а во подоцнежната адолесценција момчињата се јавуваат почесто како сторители. Дополнително, постојат некои истражувања кои сугерираат дека постојат родови разлики во начинот на кој младите го користат интернетот, а и разлики во методите што ги користат за насилство на социјалните мрежи. На пример, девојчињата почесто го користат интернетот за да разговараат со пријателите и да споделуваат слики, додека момчињата почесто играат видео игри (Миша, 2010).[24]

Во 2010 година на Универзитет за Технички науки во Турција е испитувано дали полот и возраста имаат влијание за детето да биде виктимизирано на социјалните мрежи. Улогата на возраста и полот биле испитувани со независни студии. Резултатите покажале дека, полот и возраста немаат влијание. Ова сугерира дека сите деца, без оглед на нивната возраст и пол може да бидат цел на децата кои извршуваат насилство.[25] Според статистиката на Националниот центар за едукација на САД 15,6 % од учениците од 6 - 12 одделение биле

---

[24] Цитирано во Foody, M., McGuire, L., & Norman, O. J. (2019). *Friendship Quality and Gender Differences in Association With Cyberbullying Involvement and Psychological Well-Being. National Anti-Bullying Research and Resource Centre,* Dublin, Ireland.

[25] Baker, O. E. (2010). *Psychological consequences of cyberbullying experiences among Turkish secondary school children*. Ankara, Turkey.

виктимизирани во 2015 година. Бројката била намалена за разлика од 2011 година кога процентот бил 16,2 %. Кога станува збор за поголемите ученици (од 9 до 12 одделение), податоците кажуваат дека 14,5 % од средношколците биле виктимизирани во 2017 година. Како заклучок е укажано дека присутноста на појавата се намалува со зголемување на возраста.[26]

Во истражување, направено од Ливингстон, Маскерони, и Олафсон (2014), било откриено дека родителите се оние кои најмногу влијаат за превенирање на можноста детето да доживее негативно искуство на интернет. Имено, оние родители кои користеле помалку рестриктивни мерки (забрана за користење на социјални мрежи, користење на родителска контрола) а многу повеќе нерестриктивни мерки (охрабрување, сугерирање, помагање, комуникација со своето дете) имале поголемо влијание врз превенција на појавата..[27] Добро е родителите да постават некои јасни правила во врска со однесувањето на интернет и да комуницираат со детето за она што го прави онлајн. Комуникацијата со детето се смета за најважната алатка која може да го научи како правилно да го користи интернетот. Преку неа родителот може да му ги посочи негативните страни, да го научи да не ги споделува неговите лични податоци, да не враќа на вознемирувачки пораки. Родителот треба да ги знае лицата со кои неговото дете комуницира. Добро е детето да стекне доверба во него и да знае дека нема да биде казнето доколку сподели што му се случува на интернет. Најважно е  да знае дека нема да му биде одземена можноста да пристапува на социјалните мрежи доколку пријави дека доживеало нешто непријатно, бидејќи за детето тоа би било казна.

Од психолошка перспектива, Сун и Денг (2016) откриле дека децата кои имале негативно искуство онлајн имаат негативни емоции. Лиу и Си (2019), укажале дека психолошки фактори кои влијаат за  појавата се: емпатија, самодоверба, депресија и анксиозност. Гини и Позоли (2009), како и Ренати (2012), во истражувањата заклучиле дека сајбер виктимизацијата е поврзана со личната емпатија. Во Кина било направено истражување во кое биле анкетирани над 1000 ученици. Резултатите покажале дека кај девојчињата присуството на емпатија е поврзано со можноста да се биде вознемирен на социјалните мрежи. Кај момчињата, поврзаноста на емпатијата покажала мошне слаба, дури незначајна поврзаност.[28]

---

[26] Connect Safely. „The parent’s guide to cyberbullying“. Достапно на: https://www.connectsafely.org/cyberbullying/ (пристапено 22 Ноември 2021).

[27] Livingstone, S., Mascheroni, G., & Ólafsson, K. (2014). *Children's online risks and opportunities: Comparative findings from EU Kids Online, Net Children Go Mobile*. London, England.

[28] Цитирано во  Zhong, J., & Huang, X. (2021). *Study of the Influencing Factors of Cyberbullying Among Chinese College Students Incorporated With Digital Citizenship: From the Perspective of Individual Students*. In Pulido, C. (Ed.), *Frontier in Psychology* (pp. 1-16), Guangzhou, China.

Во однос на технолошките фактори кои се однесуваат на зачестеноста на користење на социјалните мрежи и ризичното однесување на децата на нивните кориснички профили, во 2011-2012 година било направено истражување во седум европски држави, каде учествувале околу 14.000 малолетници на возраст од 14-17 години. 36.4 % од нив се изјасниле дека ги користат социјалните мрежи повеќе од два часа на ден. Процентот на виктимизирани деца кои посветувале повеќе од два часа е двојно поголем  за разлика од процентот на виктимизирани деца кои ги користеле социјалните мрежи помалку од два часа на ден.[29] Резултатите од истражувањето посочуваат дека со зголемување на времето онлајн се зголемува ризикот детето да биде вознемирено.

Во истражување во Австралија (Џалил и Синаном, 2019) е утврдена поврзаност меѓу зачестеноста на користење на социјалните мрежи и сајбер виктимизираноста единствено кај девојчињата. Најголем број од девојчињата кои минувале повеќе време на социјалните мрежи претходно доживеале некакво негативно искуство. Најчесто виктимизацијата се одвивала на Facebook и Instagram. Истовремено, најголем дел од девојчињата кои се изјасниле дека имале комуникација со непознати лица имале доживеано виктимизација на социјалните мрежи, што потврдило дека таквата комуникација е ризик фактор. Кај момчињата не се покажала таква поврзаност. Речиси половина од виктимизираните деца се изјасниле дека чувствуваат анксиозност доколку барем еднаш дневно не се вклучат на своите профили. Ваквите анксиозни лица, имаат потреба да поминуваат повеќе време онлајн,. Истражувањето не утврдило поврзаност меѓу бројот на социјални мрежи кои испитаниците ги користеле, зачестеноста на постирање на социјалните мрежи, објавувањето на лични фотографии и споделувањето на лични податоци од една страна и виктимизираноста на социјалните мрежи од друга страна.[30]

Во истражување во Шпанија (Гарсија, Гонзалез и Перес, 2014) каде учество зеле над 3000 малолетници, зачестеното користење на дневна основа од децата било утврдено како ризик фактор. Од испитаниците кои доживеале виктимизација на интернет, 82,2% ја доживеале на социјалните мрежи. 94.6% од децата кои биле малтретирани слободното време го минувале најчесто на мрежите за допишување. 43% од нив биле онлајн повеќе од три часа на ден. Резултатите од истражувањето навеле дека најчесто негативни искуства пријавиле децата кои повеќе од три часа на ден ги користат мрежите за допишување, како Viber,

---

[29] Цитирано во  Athanasiou, K., Melegkovits, E., & Andrie, E. и други (2018). *Cross-national aspects of cyberbullying victimization among 14-17 year old adolescents across seven European countries*.

[30] Jalil, J., & Sinnanom, G. (2019). *Risks of online victimisation among college students on mobile social networks*. In Jaishankar, K. (Ed.), *International Journal of Cyber Criminology* (pp. 396-417), Bond University, Australia.

Messenger итн, и оние деца кои голем дел од слободното време го минуваат на социјалните мрежи.[31]

Во извршено истражување во Виетнам (Чи и Лан, 2020), каде учество зеле 215 малолетници, било потврдено дека поминатото време онјалн е ризик фактор. Во споредба со адолесцентите кои ги користеле социјалните мрежи околу еден час на ден, оние кои поминувале повеќе од три часа дневно најчесто биле на некаков начин вознемирени онлајн. Најчесто тоа се случувало на Instagram. Во истражувањето не се утврдила поврзаност меѓу објавувањето лични податоци и лични фотографии  и виктимизација на децата .[32]

### 1.2.2 Појмовно-категоријален систем

1. <u>Дете</u> - Дете е секое лице на возраст до 18 (осумнаесет) години.[33]
2. <u>Насилство</u> е намерна употреба на физичка сила или моќ, вистинска или во форма на закана, насочена кон себеси, кон друго лице или пак кон група или заедница која резултира или најверојатно ќе резултира со повреда, смрт, психолошка траума, нарушување во развојот. (Круг и соработници, 2002).[34]
3. <u>Насилство меѓу деца</u> – Насилство меѓу деца или врсничко насилство, познато е и под терминот булинг (bullying) односно злоупотреба, силеџиство, малтретирање. Меѓутоа врсничкото насилство и булинг имаат одредени разлики поради кои не можеме да ги поистоветиме.

- <u>Врсничко насилство</u> е манифестирање на негативни (агресивни), намерни постапки меѓу децата или кога едно или група на деца вознемирува, напаѓа или повредува друго дете.[35] Врсничкото насилство вклучува насилни однесувања кои не мора да се повторуваат (може да се случат само еднаш). Тоа претставува насилство каде не мора да постои несразмерна сила.

- <u>Малтретирањето/задевање кај децата (bullying)</u> постои кога детето жртва е често или постојано предмет на негативно однесување од страна на едно или на повеќе лица (Дан

---

[31] Garsia, D., Perez, J., Gonzalez, A., & Perez, C. (2014). *Risk factors associated with cybervictimization in adolescence*. In Sierra, H. C. (Ed.), *International Journal of Clinical and Health Psychology*, Granada.

[32] Chi, P., & Lan, V. (2020). *Online time, experience of cyberbullying, and practices to cope with it among high school students in Hanoi, Vietnam.*

[33] Закон за правда на децата, ,,Службен весник на РСМ”, бр. 66/2024.

[34] Цитирано во  Тозија, Ф. & Јорданова Пешевска, Д. (2016). *Примена на знаењето во политиките за превенција на насилството за постигнување на целите за одржлив развој во Република Македонија*. Списание за европски прашања.

[35] ЈУ Завод за социјални дејности, Скопје (2019). Врсничко насилство - и вие може да го спречите насилството помеѓу децата: брошура наменета на наставници од училиштата.

Олвеус). Малтретирањето (bulliyng) се карактеризира со повторливо, намерно насочено негативно однесување кон жртвата и несразмерност на физичка и психичка сила.

4. Сајбер виктимизација е процес на малтретирање, понижување, засрамување или заплашување на едно или повеќе деца од друго дете или од група на деца преку информатичките или комуникациските технологии.[36]

5. Сајбер насилство - појава на употреба на компјутерски системи за предизвикување, извршување на насилство или закана за насилство врз поединци, што е можно да резултира со физичка, сексуална и психолошка или економска штета, или пак страдање врз жртвата. [37]

6. Социјални мрежи - Социјални мрежи се апликации или веб страни на интернет, кои им овозможуваат на луѓето со слични интереси да воспостават комуникација и да разменуваат информации, слики и видеа. Дел од нив се и апликациите на Facebook, Viber, Instagram и Tic Tok кои се примарно опфатени во оваа теза.

### *1.2.3 Операционално определување на предметот на истражување*

Операционализација на предметот на истражување се изврши преку разработка на следните прашања:

1. Група на прашања кои се индикатор за доживеан облик на виктимизација на социјалните мрежи (било кога или во последните 12 месеци) и зачестеноста на виктимизацијата (дали била постојана, периодична или еднократна) на различни социјални мрежи;
1. Група на прашања преку кои се утврдува степенот на самодоверба, чувство на осаменост (отуѓеност), за да се утврди нивното влијание врз зголемување на ризикот од виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи;
2. Прашања кои се индикатори за семејните карактеристики на децата, како што е односот со родителите, надзорот и контролата врз активностите на децата со цел да се направи анализа на поврзаноста на семејните фактори со ризикот од виктимизација на социјалните мрежи;

[36] Wright, M. F. (2018). *The nature, extent, causes, and consequences of cyberbullying, достапно на https://www.igi-global.com/chapter/the-nature-extent-causes-and-consequences-of-cyberbullying/183888*

[37] Council of Europe. (2018). *Mapping study on cyberviolence*. Strasbourg, France.

3. Прашања кои се показатели за зачестеноста на користењето на електронските уреди, користењето на интернетот, особено на социјалните мрежи, и вклученоста во ризични активности на интернет. Анализата на овие прашања и корелација на истите со виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи, укажува дали истите се фактор на ризик за виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи.

### 1.2.4 Временско и просторно определување на истражувањето

Временскиот период на кој се однесува предметот на истражувањето е периодот во последните две децении откако е и актуелно користењето на социјалните мрежи во светот, додека емпириското истражување се фокусира на последните 12 месеци пред спроведување на истражувањето. Истражувањето беше извршено на регионално ниво, во градовите Битола, Ресен, Прилеп и Демир Хисар, во 11 средни општински училишта во овие градови. Испитаниците беа избрани по случаен пат. Единица на избор беше клас избран по случаен избор. Испитаниците се деца од 14-18 годишна возраст.

Оваа возрасна група е целна група на истражувањето, бидејќи децата на оваа возраст многу повеќе употребуваат социјални мрежи за разлика од помалите деца.

## 1.3. Цел на истражувањето

**Научна цел.** Научна цел на истражувањето е да се изврши научна дескрипција на појавните облици на виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи, како и да ги утврдиме основните социодемографски, психолошки, семејни и одредени технолошки ризик фактори кои постоечките истражувања ги поврзуваат со зголемената можност детето да стане жртва. Со оглед на можноста за сериозните последици појавата, со ваков вид на истражувања може да се актуелизира нивното подлабоко и пошироко испитување во криминолошко-виктимолошките и психолошките теории и истражувања.

**Практична цел.** Истражувањето има за цел да ја утврди реалната состојба во однос на обемот на виктимизираност меѓу децата на социјалните мрежи и да се утврдат потенцијалните демографски, психолошки, семејни и технолошки ризик фактори кои истражувачите ги поврзуваат со можноста детето да стане жртва на насилство на социјалните мрежи. Резултатите од истражувањето може да послужат на планот на актуелизирање на

проблемот во јавноста но и креирање на програми за спречување на сајбер насилството меѓу децата.

## 1.4. Хипотези

### 1. Генерална хипотеза:

Индивидуалните карактеристики на децата (социодемографски и психолошки), семејните и одредени технолошки фактори ја детерминираат виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи.

### 2. Посебни хипотези:

- Постојат разлики меѓу децата од различен пол и возраст во однос на искуство со виктимизација на социјалните мрежи;
- Понискиот степен на самодоверба, по изразените чувства на осаменост или присуство на депресивни симптоми, го зголемуваат ризикот од виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи;
- Понискиот степен на социјализација на децата кој е тесно поврзан со процесот на отуѓување го олеснува процесот на виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи;
- Децата кои доаѓаат од семејства каде има послаб надзор од страна на родителите и не многу блиски односи имаат поголема можност да бидат виктимизирани на социјалните мрежи;
- Зголемениот интензитет на користење на интернетот, користење на повеќе социјални мрежи и зачестено постирање од страна на децата, се поврзува со зголемување на ризикот и обемот на виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи.
- Комуникацијата со непознати деца и достапноста на лични податоци и слики на социјалните мрежи ја зголемува можноста за виктимизација на децата на тие мрежи.

## 1.5. Научни методи, техники и инструменти користени во истражувањето

Во склоп на истражувањето, за обработка на податоците од емпириското истражување, беше применет **статистичкиот метод** со цел собирање, обработка, средување, анализа на

податоците и доведување до заклучоци за воспоставениот проблем. **Методот на дескрипција**, беше искористен со цел да се опишат досегашните сознанија за виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи.

Од посебните научни методи, преку **методот на синтеза**, беа изведени заклучоци од добиените резултати за појавата што се проучува.

Во рамките на истражувањето како техника беше искористена онлајн анкета, а како инструмент беше искористен структуриран прашалник поставен на Google Forms интернет платформа. Ваквиот прашалник, учениците го пополнуваа онлајн. Прашалникот содржи краток вовед во кој на децата им се објаснува значењето на поимот виктимизација од врсници на социјалните мрежи. Истовремено, покрај ваквото објаснување, прашалникот бара задолжителна согласност од децата за да учествуваат во истражувањето. Секој испитаник кој не дал неговата согласност пред да започне анкетирањето, не може да пристапи кон прашањата. Исто така користениот прашалникот беше посочено дека  е анонимен, и во него не се собираа податоци за име, адреса или дата на раѓање на испитаникот.

Прашалникот содржи сетови на прашања кои даваат податоци за следниве информации:

1. Демографски податоци (на пр. пол, возраст, етничка припадност, националност). Прашањата од овој дел на истражувањето се однесуваат на основните демографски податоци на испитаникот;
1. Податоци за социјализација (дали испитаникот има пријатели, личности со кои го минува слободно време итн);
2. Прашања за самодоверба (сликата за себеси,  вербата во себеси., итн.);
3. Интензитет на користење на социјалните мрежи (колку често испитаникот користи социјални мрежи, дали е зависен/зависна од употребата на истите, колку социјални мрежи користи);
4. Ризични активности на социјалните мрежи (колку пријатели испитаникот има кои ги знае само на социјалните мрежи, колку  често испитаникот лично има контакт со личности кои ги запознал/а на социјалните мрежи);
5. Појавни облици на сајбер виктимизација (дали испитаникот има доживеано исмејување, понижување, засрамување или заканување на социјалните мрежи од врсници );
6. Интензитет на извршено насилство (дали испитаникот некогаш засрамил, понижил, навредил или му се заканил на некој врсник на социјалните мрежи);
7. Последици од сајбер виктимизација (дали испитаникот некогаш се чувствува депресивно, тажно, осамено);

8. Надзор од родители и односи со родители (колку често родителите разговараат со испитаникот за активностите на социјалните мрежи, колку често ги проверуваат неговите активности, колку често му поставуваат правила за користење на социјалните мрежи, дали испитаникот се сложува со своите родители);
9. Негативни случувања во животот (дали родителите на испитаникот се развеле, дали некој од родителите имал проблеми со алкохол или дрога).

### 1.6. Научна и општествена оправданост на истражувањето

**Научната оправданост** на ова истражување се гледа пред сè во потребата научно да се обработат ризик факторите за виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи со цел да се проверат постоечките сознанија и истите да се дополнат во однос на оваа тема. Научните и емпириските верификувани податоци може да се искористат за да се подигне свеста меѓу истражувачите и научниците за продлабочена анализа на оваа појава и утврдување на штетите кои произлегуваат за децата жртви.

**Општествена оправданост –** Општествената оправданост на истражувањето се гледа во тоа што се разработува една многу деликатна тема, која за многумина граѓани е непозната, така што многу од нив не се запознаени со какви ризици се соочуваат нивните деца на социјалните мрежи. Меѓу другото, добивањето на емпириски показатели за ризик факторите , може да се искористат на практичен план во општеството, преку активирање на одредени активности на институциите кои може да придонесат за елиминирање или намалување на присутноста на појавата.

## ДЕЛ II

### 1. Основни објаснувања за социјалните мрежи

Социјалните мрежи се алатки за комуникација меѓу луѓето и се начин за социјализација и интеракција во денешно време. Под социјални мрежи се подразбираат сите сајтови, апликации или веб страници каде корисниците може да споделат свои содржини и да комуницираат со други лица. Во зависност од тоа за која социјална мрежа станува збор, корисникот може да објави слика или видео, да напише свој блог, да искаже свое мислење и став, да постави прашање, да комуницира со познати и непознати личности, да креира свој профил и да собира пријатели, да креира групи, да членува во групи итн. Оттука, може да се заклучи дека една од карактеристиките е тоа што корисниците самите се креатори на своите содржини. Друга карактеристика е брзината на достигнување на информациите до луѓето. Имено, луѓето не мораат да чекаат вести за да ги разберат новините. Преку социјалните мрежи, новинарите и репортерите инстантно ги објавуваат информациите и јавноста за кратко време е запознаена со истите. Притоа, корисниците наоѓаат информации од секаква област.[38] Социјалните мрежи исто така предизвикуваат чувство на припадност на сите луѓе на едно место, без разлика на нивната географска оддалеченост во реалниот свет. Затоа, значајна нивна карактеристика е чувството на интеракција и припадност на сите луѓе во една група. Како што наведуваат Валентини и Крукеберг, социјалните мрежи не би постоеле доколку не постојат нивните корисници. Токму затоа Грин (2012) ги нарекува места каде истомислениците разменуваат свои идеи и наоѓаат одговори за важни прашања.[39] Но и покрај сите добри карактеристики кои ги имаат, тие носат ризици при нивната употреба. Еден таков ризик е закана за приватноста на корисникот и за неговото ментално здравје. Така, неодамнешни испитувања од психолози откриле дека луѓето, особено децата кои стапуваат во контакт со непознати лица онлајн имаат поголема можност да страдаат од депресија, анксиозност, стрес, да имаат самоубиствени идеи и ниска самодоверба.

Покрај заканите за менталното здравје, широката употреба на социјалните мрежи доведе до закана за приватниот живот на корисниците, така што оние кои стануваат зависни од нив, се почесто изложени на кражба на идентитет, нарушување на приватноста итн.

---

[38] Wu, L., et al. (2010). *Analysis of social networking privacy policies*. Calgary, Alberta, Canada;

[39] Цитирано во Robers, J. (2016). *Social Media–Uses and Messaging*, Chapter 58 – Social Media characteristics. Достапно на https://ohiostate.pressbooks.pub/stratcommwriting/chapter/types-of-social-media/ (пристапено на 19 Септември 2023).

Социјалните мрежи му даваат шанса на секое дете да напише свое сценарио за себе си и да се претстави како херој или хероина. Често пати децата се прикажуваат како личности со различни вредности од оние што ги поседуваат. За децата, главната цел за прибегнување кон нив е потребата за самоизразување, да им се претстават на другите како што сакаат и да се почувствуваат значајно од врсниците кои ги перципираат. Истовремено, вмрежување во сајтовите, му помага на детето да го развие својот идентитет и да изгради мрежа на пријатели. Така, на тинејџерите им се дава можност да градат големи групи пријателства. Како што претходно наведовме, децата и младите најчесто употребуваат: сајт за социјално вмрежување (Facebook), сајт за микро блогирање (Twitter), сајт за виртуелен свет (Secondlife), сајтови за споделување фотографии (Instagram, Snapchat), сајтови за споделување видеа (Youtube, Tic Tok), сајтови за разговарање (Viber, Messenger) и разни форуми.[40]

Тинејџерите на возраст од 13-18 години, ги користат социјалните мрежи за повеќе активности како што се: комуникација со пријателите, начин на поминување на слободното време, сознавање нови работи надвор од училиштето, подигнување на самодовербата кога се чувствуваат несигурно (Сео, Хјудстон, Најт, Кенеди и Иглиш, 2013). Овие резултати се совпаѓаат со резултатите од студија „Медиумите за здрав разум“ (Common Sense Media) (2014), со 1030 испитаници, на возраст од 13-17 години, чија цел била да се испита искуството од употребата на социјалните мрежи на тинејџерите во Англија. Според резултатите, 75% од тинејџерите користеле социјални мрежи. 88% од нив ги користеле ваквите мрежи за да одржуваат врски со нивните пријатели со кои немале чести физички контакти, 69% ги користеле за да изградат пријателства со другите соученици од нивните училишта, 57% за да се поврзат со личности со кои имаат заеднички интереси. Како алтернативни други причини поради кои децата ги користат биле наведени следниве: притисок од врсниците кои веќе имале такви профили, потрага по девојка или момче, самоизразување на мислење, потребата да припаѓаат во некоја група, градење на самодоверба, и креирање свој приватен простор во кој можат да имаат интимност со пријателите (Шибак, 2009).[41]

---

[40] Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

[41] Цитирано во Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

## 1.1. Кратко објаснување за некои социјални мрежи (Facebook, Instagram, Viber, Tic Tok)

Најголемиот дел истражувања покажале дека Facebook мрежата е најчесто користена од младите. Оваа мрежа постои од 2004 година. На оваа мрежа корисниците имаат можност да одберат дали своите лични податоци ќе ги споделат со другите корисници. На својот профил тие собираат пријатели, комуницираат со нив, се приклучуваат во групи на лица со заеднички интереси, може да споделуваат фотографии, да собираат допаѓање и коментари од другите корисници, може и тие да коментираат и да ставаат допаѓање на фотографии. Корисниците може да се слушаат и да се гледаат со пријателите, може да споделуваат видеа во живо од местото каде се наоѓаат, може да креираат настани, страници, да следат некоја личност, а може и да ги бришат пријателите и да ги блокираат лицата со кои не сакаат никаква комуникација.[42] Кога корисникот ќе го деактивира својот профил, неговите објавени содржини нема да бидат веќе достапни за пријателите. Меѓутоа полисата за приватност на Facebook не гарантира дека податоците ќе бидат трајно избришани. Единствено доколку операторите на оваа мрежа откријат дека корисникот бил под 13 години (под дозволена возраст за креирање профил), Facebook ветува комплетна де активација на тој профил и бришење целосно на содржините од нивните сервиси.[43]

Instagram мрежата била создадена во 2010 година. Таа им овозможува на корисниците да ги фотографираат своите омилени места, предмети, или спомени на еден професионален начин и да ги споделат ваквите фотографии со пријателите. Оваа апликација има постојано нови техники за фотографирање. Така, луѓето експериментираат со новитети и додаваат подинамични погледи на обичните фотографии. Оваа мрежа е поврзана со мрежата Facebook, па своите следбеници корисниците може да ги преземат од Facebook мрежата доколку имаат тамошен профил. На споделените слики може да се коментира и да се собираат допаѓања од пријатели. Корисниците може да ги следат славните личности кои се најактивни на оваа мрежа. Исто така, може да следат познати брендови и нивните производи. Постојат и хаш-тагови кои им помагаат на корисниците полесно да пребаруваат некоја тема. И тука се можни видео разговори помеѓу две лица или во група.[44]

---

[42] Листа на функции на Facebook. Достапно на: https://en.wikipedia.org/wiki/List_of_Facebook_features (пристапено на 05.04.2024).

[43] Wu, L., et al. (2010). *Analysis of social networking privacy policies*. Calgary, Alberta, Canada;

[44] Официјална страница на апликацијата „Instagram“. Достапно на: https://cookesleyInstagram.weebly.com/characteristics.html (пристапено на 16.04.2024).

Viber е апликација за социјално вмрежување, која датира од 2010 година. Оваа апликација може да се користи на мобилен телефон или на компјутер. Корисниците на оваа апликација може да испраќаат пораки меѓусебно, да се слушаат и да се гледаат на видео, да креираат групни разговори (до 200 лица), може да се вклучуваат во јавни групи со други корисници со кои имаат заеднички ставови и мислења.[45]

Tic Tok мрежата е креирана во 2016 година. Од појавата на оваа апликација таа е најчесто користена од младите во светски рамки. 41% од корисниците се на возраст од 16-24 години. Оваа апликација овозможува креирање на сопствени видеа, менување на видеата, и споделување на истите со пријатели. Присуството на познатите личности со свои лични профили ја зголемува заинтересираноста на младите за апликацијата. Оваа апликација овозможува користење на филтери со кои се постигнуваат визуелни ефекти. На видеата може да се коментира. Хаш-таговите и тука се присутни. Има можности за таканаречен дует, кога корисниците може заеднички да креираат онлајн видео.

### 1.2 Политики на заштита на приватноста на корисниците

Како што употребата на социјалните мрежи станува се пораспространета, корисниците стануваат позаинтересирани за заштитата на нивната приватност. Важно е за корисниците да знаат како се загарантираат безбедноста на нивните податоци и до кое ниво нивната приватност може да биде заштитена. Речиси сите социјални мрежи немаат до крај јасни изјави во однос на користењето на податоците. Добар дел од изјавите се повторуваат и се идентични. Во изјавите кои корисникот треба да ги прифати пред да пристапи на мрежата, пишува дека податоците може да бидат употребени за одредени цели.

Социјалните мрежи воведуваат трета страна, која е дел од нивниот оператор. Оваа страна може да ги види податоците на корисниците и целосно да располага со нив. Покрај тоа, дел од податоците на корисниците може да ги видат и таканаречените пријатели, лица со кориснички профили со кои корисникот стапува во меѓусебен контакт по негова волја. Друга група која може да има пристап до податоците на корисникот се лицата со кои тој не е пријател, но се наоѓаат на иста социјална мрежа. Овој пристап се ограничува со волјата на корисникот иако некои информации секогаш остануваат видливи.

[45] Официјална страница на апликацијата „Viber“. Достапно на: https://www.Viber.com/en/features/ (пристапено на 12.05.2024).

При регистрација и натамошно користење има четири чекори низ кои корисникот минува[46]. Дел од нив се задолжителни и не може да се прескокнат.[47]

Генерално, социјалните мрежи собираат податоци за било која цел, или пак за специфична цел, а потоа истите можат да ги пренасочат за некоја друга цел. Притоа политиките на приватност на Facebook, Instagram, MySpace, Viber и Youtube покажуваат дека персоналните податоци на корисниците се заштитени и не би биле откриени за било која цел. LinkedIn и Twitter во својата полиса на приватност тврдат дека ваквите податоци можат да бидат искористени само за точно специфични цели.

Социјалните мрежи може да функционираат како превентивен фактор против насилството. Но, неконтролирано и несовесно нивно користење може да доведе до ширење говор на омраза, психолошки напади, симболично насилство, креирање на лажни профили, злоупотреба на податоци, малтретирање и навреди.[48]

Позитивно е дека случаите на виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи можат лесно да се пријават до операторите на соодветната мрежа. Сервисерите ги разгледуваат ваквите пријави. Доколку некој корисник ги прекршил правилата на однесување дадени со изјавата, неговиот кориснички профил ќе биде избришан. При ваква пријава, сервисерите ја бришат секоја неприфатлива и непристојна објавена содржина со која се виктимизира некое дете.[49]

Социјалните мрежи му даваат можност на корисникот да блокира лица кои го вознемируваат. Така, корисникот нема повеќе да прима несакани коментари или пораки од тие лица. Профилот на корисникот може да е јавен, но сепак, блокираната личност нема да има пристап до жртвата. Некои социјални мрежи дозволуваат корисниците да одобрат коментари или слики оставени на нивните профили пред истите да станат достапни во

[46] Корисникот минува низ следните чекори: 1. Регистрација – Овој дел го имаат сите социјални мрежи. Најчесто се бараат да се пополнат основни информативни податоци за корисникот; 2. Формирање мрежа – Во овој дел социјалната мрежа на новиот корисник му нуди други корисници со кои може да се поврзе за да си изгради своја мрежа на пријатели. Преку поврзување со нов пријател, корисникот ги споделува информациите со него; 3. Содржина – Во овој дел корисникот става одредена содржина (став, мислење) на социјалната мрежа, при што станува дел од општата мрежа на лица. Притоа, корисникот може да ограничи кои лица ќе имаат пристап до неговата содржина; 4. Активности – Постои база во социјалните мрежи каде се складираат податоци за се што корисникот посетил, прочитал, коментирал. Ваквите активности остануваат зачувани кај операторите на социјалната мрежа

[47] Wu, L., et al. (2010). *Analysis of social networking privacy policies*. Calgary, Alberta, Canada;

[48] Mengü, M., & Mengü, S. (2015). *Violence and Social Media*. In Vega, M. A. (Ed.), *Athens Journal of Mass Media and Communications* (pp. 211-228), Athens, Greece.

[49] Childnet International.(2016), Cyberbullying: Understand, prevent and respond – Guidance for schools, UK.

јавност. Оваа опција може да спречи на профилот кај корисникот да стои несакана или навредувачка слика од него или коментар за него. Некои мрежи дозволуваат корисниците да оневозможат било каква интеракција со другите корисници. Корисниците може да го постават својот профил да биде приватен, и можат да селектираат кој може да има пристап до објавените содржини и активности.

## 2. Дефинирање на појавата сајбер насилство меѓу децата на социјалните мрежи

Насилството меѓу луѓето е појава која постои од самото создавање на човештвото. Оваа појава не е нов феномен и ја има во целокупниот развој на човековата цивилизација. Според Светската Здравствена Организација (СЗО), насилството се дефинира како намерна употреба на физичка сила или моќ, против себеси, друго лице, група или заедница, што резултира или може да резултира со повреда, смрт или психичко нарушување на жртвата.[50]

Во литературата позната е поделбата на физичко, психичко и сексуално насилство. Последните децении научниците оваа поделба ја надополнуваат со нов вид на насилство, кое се појавува како резултат на развојот на технологијата. Станува збор за насилство преку интернет, наречено сајбер насилство. Сајбер насилството најчесто е застапено меѓу младите и децата, бидејќи тие се најчести корисници на интернет просторот.

Дигиталната култура е во склоп на секојдневниот живот кај децата и тинејџерите. Таа е дел од формирањето на идентитетот на младите лица. Идентитетот на детето го разликува од другите личности и му помага да ги воочи целите и причините за неговото постоење (Еауде, 2006).[51]Во денешниот развиен дигитален свет, децата имаат сознанија за вредноста на информациите. Како последица од развојот на технологијата, информациите се достапни постојано на компјутерите и телефоните. Овие уреди децата ги користат кога им треба информација или социјализација со нивните врсници. Со развојот на технологијата се менува и социјалната и културната рамка на живеење. Ваквите промени носат соодветни последици кои можат да бидат позитивни и негативни. Последиците најмногу се чувствуваат кај младите, бидејќи тие секогаш се во чекор со развојот на технологијата. Паралелно со развојот на технологијата се зголемува и ризикот од сајбер виктимизација.

---

[50] Цитирано во Krug, E., Dahlberg, L., & Mercy, J. (2002). *World report on violence and health*. Geneva: World Health Organization.

[51] Цитирано во Apostolides, A. (2017). *Cyber bullying: Child and youth spirituality*. University of South Africa.

Изразувањето на децата што содржи насилна, заканувачка и омаловажувачка содржина која води до повреда на другите деца, не може да се спореди со изразување на искрено мислење на децата гарантирано според правото на слобода на говор, поради последиците кое ги предизвикува кај детето кое е вознемирено.[52] Лицата кои извршуваат насилство на социјалните мрежи, често се кријат зад идејата дека со насилството што го извршуваат си ги изразуваат своите мислења или верувања, но доколку содржината која ја пласираат е насилна и заканувачка, таа предизвикува стрес кај жртвата.[53] Таквите изразувања на сторителите не може да се сметаат дека се оправдани според правото на слобода на говор.[54]

Сајбер насилството може да се дефинира како испраќање на навредувачки или понижувачки пораки преку интернет или други средства за комуникација (Вилард, 2004). Според Вилард, тоа може да се случи во повеќе форми како на пример навредување, малтретирање, озборување, омаловажување, маскирање, измама или исклучување. Сериозноста е најголема кога се вклучени смртни закани. За разлика од исмејувањето во живо, децата често сметаат дека сајбер просторот не е ничија сопственост и затоа може да се изразуваат како што сакаат.[55]

Меѓународната организација за заштита на правата на децата (УНИЦЕФ), сајбер насилството го дефинира како „злоупотреба или насилно однесување преку користење на дигиталната технологија, кое може да се случува на социјалните мрежи, на платформи за допишување и преку играње игри на мобилните телефони."[56] Станува збор за појава кога едно дете постојано виктимизира друго дете на интернет преку електронски пораки, текстуални пораки или преку објавување текст, слика, видео на социјалните мрежи со навредувачка, омаловажувачка или заканувачка содржина за жртвата.[57] Дефинирањето на сајбер насилство е различно од различни истражувачи и научници. Меѓутоа, секоја дефиниција ги содржи следниве елементи:

1. Сајбер-насилството вклучува употреба на технички средства;

1. Постои намера кај сторителот за актот на насилство;

---

[52] Childnet International.(2016), Cyberbullying: Understand, prevent and respond – Guidance for schools, UK.
[53] Wang, Y. (2024). *The impact of Violent Social Media Content on Human Behavior*. *International School*, Shanghai.
[54] Childnet International.(2016), Cyberbullying: Understand, prevent and respond – Guidance for schools, UK.
[55] Цитирано во Li, Q. *(2006). Cyberbullying in Schools: A Research of Gender Differences. School Psychology International, 27(2), 157–170.*
[56] УНИЦЕФ. "Што претставува сајбер силеџиство и како да се запре". Достапно на https://www.unicef.org/northmacedonia/mk (пристапено 02 Декември 2021).
[57] Hinduja, S., & Patchin, J. W. (2010). *Bullying, Cyberbullying, and Suicide*. *International Academy for Suicide Research.*

2. Постои желба да се нанесе штета на жртвата.[58]

Сајбер насилството меѓу децата е групен феномен, каде различни индивидуи заземаат различни улоги во настанот. Може да се каже дека во секој настан постојат четири улоги во кои може да се најдат децата, како сторители, како жртви, како сторители и жртви истовремено и како пасивни набљудувачи на насилството. Децата сторители се оние кои испраќаат навредувачки и заканувачки пораки кон жртвата.[59]

## 3. Дефинирање на сајбер виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи

Децата најголем дел од слободното време го минуваат на социјалните мрежи. Тие не се само слободно место каде поединците ги изразуваат своите ставови и мислења јавно или приватно, туку тие се и дел од интернет просторот каде сторителите ја изразуваат својата агресија, а жртвите ја доживуваат виктимизацијата преку пораки, слики, текстови, игри итн.[60] Оттука, сајбер виктимизацијата е појава која настанува во корелација со сајбер насилството. Така, додека виктимизација претставува процес на станување жртва, сајбер виктимизација е процес на станување жртва преку средствата за електронска комуникација. Тоа би значело дека виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи, генерално може да се дефинира како појава кога едно дете доживува насилство од друго дете преку електронски медиуми за комуникација како Facebook, Viber итн. (Менесини и други, 2012).[61] Кога појавата се случува често, или е постојана и проследена со разновидни агресии и смртни закани од страна на сторителот или сторителите, станува збор за значително тешка сајбер виктимизација (Токунада, 2010).

Брзиот развој на социјалните мрежи дозволува сајбер виктимизацијата да се случува почесто, да се шири побрзо и лесно да се пренесува. Таа често пати е резултат на дискриминација врз основа на вера, раса, пол, сексуална ориентација или пак одредени образовни недостатоци на жртвата.[62] Децата се напаѓани поради тоа што изгледаат поразлично, заради сексуалната определеност, нивната облека, изглед или став, заради

[58] Davenport, M. P. (2014). *Educators' perspectives on having been cyber harassed: A phenomenological study*. Virginia.

[59] Stricca, F. (2013). *Bullying goes online: Definition, risk factors, consequences, and prevention of (cyber)bullying*. Doctoral dissertation, University of Zurich.

[60] Mengü, M., & Mengü, S. (2015). *Violence and Social Media*. In Vega, M. A. (Ed.), *Athens Journal of Mass Media and Communications* (pp. 211-228), Athens, Greece.

[61] Цитирано во Hong, D., & Ranney, J. (2014). *Social media as a vector for youth violence*. In Guitton, M. (Ed.), *Computers in Human Behavior*, (pp. 548-553), Elsevier, Amsterdam.

[62] Childnet International.(2016), Cyberbullying: Understand, prevent and respond – Guidance for schools, UK.

нивната интелигенција, надареност, талентираност, поседување на посебни потреби или можности. Високата бројка на вознемирени деца на социјалните мрежи, како и начинот на вознемирување, покажува дека социјалните мрежи може да бидат страшни, заканувачки места во виртуелниот свет. Меѓу тинејџерите владее типична тензија поради проблеми во пријателските и љубовните врски, раскинување со партнерите, голема нетолеранција. Проблемите кои произлегуваат од сето тоа ги изразуваат дигитално. Негативните ефекти , може да излезат на површина многу подоцна во животот на жртвата (Бонано и Химел, 2013). Токму затоа е многу важно да се идентификуваат ризик факторите со цел навремена превенција и интервенција.[63]

### 3.1 Појавни облици на виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи

Виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи може да вклучува размени на секакви текстуални, видео или аудио содржини, со кои се загрозува безбедноста на децата и предизвикува кај нив страв или вознемиреност.[64] Секојдневните новитети носат нови начини за комуникација и социјализација, и истовремено се развиваат идеите кај децата за пронаоѓање на нови начини на меѓусебна виктимизација. Постојат различни облици на виктимизација на децата на социјалните мрежи, како што се:

**1. Исклучување** – чин на намерно изоставување или бришење на детето жртва од група или разговор во кој се вклучени неговите врсници. Детето жртва може да биде исклучено или намерно непокането во групи, каде останатите врсници се поканети, и притоа истото може да види како другите пријатели се поканети во таа група.

**2. Вознемирување (малтретирање)** – во оваа категорија се вбројуваат различни типови на сајбер виктимизација, но генерално вознемирувањето се врши со насочено и постојано навредување или заканување на детето жртва на разни мрежи (Facebook, Instagram, Viber) со намера истото да се повреди, заплаши или понижи.

**3. Објавување чувствителни податоци за детето жртва** - Во странската литература ова е познато како „Outing/Doxing“. Се однесува на дејствија од страна на едно дете или повеќе деца со кои се откриваат лични и чувствителни информации на социјалните мрежи за детето жртва, со цел виктимизираното дете да се понижи или засрами. Ова однесување

[63] Цитирано во Janikian, M., Wójcik, S., Makaruk, K., Tzavela, E. C., & others. (2015). Cyberbullying victimization prevalence and associations with internalizing and externalizing problems among adolescents in six European countries. *Computers in Human Behavior*, 134, 501

[64] Rančić, J. (2018). *Вршњačko насиље на društvenim mrežama u Republici Srbiji*. Универзитет во Белград, Факултет за политички науки.

вклучува објавување на лични фотографии, документи или пак лични податоци на жртвата без нејзина согласност (Бергман, 2023).[65]Ова однесување може да биде до толку сериозно, така што сторителите може да објават полу разголени или разголени слики и видеа од жртвата. Децата знаат да користат измами, и на пример може да ги сликаат жртвите додека се преслекуваат во училишните сали. Кога еднаш ваквата слика е пуштена на социјалните мрежи веќе не може да се избрише засекогаш. Ваквите слики некои деца сторители ги користат за уценување на детето жртва. Овие ситуации се покажале како алармантни, бидејќи како последица на виктимизацијата жртвите се чувствуваат дека не можат да ја вратат контролата врз својот живот и поради понижувањето што го чувствуваат се склони да извршат самоубиство.

**4. Измама –** кај овој вид на сајбер виктимизација, сторителот се спријателува со жртвата. Откако ќе ја добие довербата на жртвата, тој ја злоупотребува таа доверба и ги споделува на социјалните мрежи тајните и приватните информации за кои дознал преку лажното пријателство, при што до ваквите информации добиваат пристап ограничен или неограничен број на лица.

**5. Маскирање –** на овој начин детето сторител креира лажен (измислен) кориснички профил, со сосема нов идентитет, со цел да виктимизира друго дете. Во своите лажни профили, децата ставаат лажни фотографии и податоци за да ја измамат жртвата. Во ваквите случаи најчесто сторителите се деца кои жртвите добро ги познаваат.

**6. Имитирање –** детето сторител ја имитира жртвата обидувајќи се преку тоа да ја вознемири и повреди. Еден начин е кога децата успеваат да ја дознаат лозинката на профилот на жртвата, да се вклучат на нејзиниот кориснички профил и потоа да ја изменат нивната сексуална определба, раса, вера и слично. Исто така тие може да го користат профилот на жртвата за да ја оцрнат во очите на другите деца. На пример, сторителот може да го користи профилот на жртвата и да му упатува навреди и закани на другите деца. Друг начин е кога сторителите креираат профил со податоци и слики од жртвата, па истиот го користат за да објавуваат груби  навредливи, повредувачки пораки.[66]

Досегашните истражувања укажуваат на различни начини и облици на виктимизација на социјални мрежи истовремено. Според одредени истражувања, проценето е дека околу 20% до 50% од адолесцентите биле жртви на социјалните мрежи, а околу 2-7% доживеале тешки форми на сајбер виктимизација (Гараигобил, 2011). Истражувањата на ниво на

[65] Цитирано во Vesic, S., & Bjelajac, M. (2023). Cyberbullying: Between the Virtual and the Real. *Kultura Polisa*, 20(2), 82-100

[66] Notar, C. E .,et al. (2013), *Cyberbullying: Resources for Intervention and Prevention*, *Universal Journal of Educational Research*, 1(3): 133-145, USA.

Европска Унија покажуваат дека секој трет корисник на социјалните мрежи е дете на возраст до осумнаесет години, а половина од корисниците од децата на возраст помеѓу 11-16 години се сретнале барем еднаш со некаква форма на виктимизација на социјалните мрежи.[67]

Истражување во Црна Гора покажало дека 85.2 % од испитаниците, се сложиле дека социјалните мрежи имаат клучна улога во виктимизацијата од врсниците и дека најмногу виктимизираност имало на Facebook – 36.89%, и Instagram – 21.6%. Од испитаниците кои биле виктимизирани, 72.5%, биле жртви на насилни пораки и повици, 12.2% биле жртви на кражба на идентитет и креирање лажен профил, 5.3% биле сексуално вознемирувани, 3.1% биле жртви на објавување нивни слики и видеа без нивна дозвола, 2.3% биле уценувани.[68] Истражувањето на Мура и Диамантини (2014) покажало дека, 40% од испитаниците добиле злобен коментар на социјалните мрежи, 37% биле жртви на озборување, 45% добиле повици за исмејување, 30% имале проблем со објавена приватна порака без нивна дозвола, 26% се соочувале со објавување на срамна слика без нивна дозвола, 24% биле избркани од групи и разговори и 19% имале проблем со украден идентитет.[69]

Од спроведеното истражување во 2012 година во Јужна Африка, се дошло до следниве резултати:

1. Додека бројката на виктимизирани деца од врсници во реалниот свет останува иста, постојано се зголемува бројката на случаи на виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи;

2. Најчеста алатка за виктимизација на врсниците на социјалните мрежи кај децата се мобилните телефони;

3. Најчеста форма на виктимизираност на социјалните мрежи меѓу децата е упатување на вознемирувачки пораки кон жртвата нарекувајќи ја со погрдни имиња.

4. Децата се свесни дека социјалните мрежи се место каде можат да бидат виктимизирани и каде можат да ги виктимизираат другите.[70]

Одговорите од емпириското истражување за оваа магистерска теза укажуваат дека сајбер виктимизацијата на социјалните мрежи меѓу децата е присутна. Според податоците,

---

[67] Цитирано во Garsia, D., Perez, J., Gonzalez, A., & Perez, C. (2014). *Risk factors associated with cybervictimization in adolescence*. In Sierra, H. C. (Ed.), *International Journal of Clinical and Health Psychology*, Granada.

[68] Melovic, B., et al. (2020). *Research of Attitudes toward Online Violence—Significance of Online Media and Social Marketing in the Function of Violence Prevention and Behavior Evaluation*. *MDPI*, 12(24), 1-25.

[69] Цитирано во Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

[70] Apostolides, A. (2017). *Cyber bullying: Child and youth spirituality*. University of South Africa.

најголем процент од испитаниците ја доживеале така што биле нарекувани со погрдни имиња (31.3%). Во текот на последните 12 месеци, 3.4% од испитаниците доживеале вакво насилство повеќе пати, 7.6% неколку пати, а 15.0% еднаш или двапати. (Види Табела 2 и Табела 3).

### 3.2 Карактеристики на виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи

Понижувањето и малтретирањето од врсниците е особено штетно за децата бидејќи тие се наоѓаат на возраст кога им е битно мислењето на своите врсници. Уникатноста на оваа појава е во тоа што таа има карактеристики кои ја прават, да се разликува од останатите начини на виктимизација. Тука се вбројуваат:

- **Профил на личноста на жртвата** – децата кои манифестираат насилство не значи дека се физички посилни, постари или повеќе популарни од жртвата. За децата кои се дел од виктимизацијата на социјалните мрежи во било која улога, најчесто голем дел од нивниот социјален живот се одвива на нивните кориснички профили. Ова може да ги зголеми социјалните притисоци и кај потенцијалната жртва да доведе до социјална изолација.

- **Локација** – Сајбер виктимизацијата е постојана и жртвата не може да побегне со оглед на тоа дека луѓето секаде ги носат своите телефони (Сакс, 2010)[71]. Таа го нарушува и правото на приватност на детето жртва. Тоа никогаш нема мир. Постојано е вознемирувано во својот дом, за време на празници, за време на годишен одмор, што му дава уште поголема несигурност. Истражувањата покажуваат дека виктимизираните деца од страна на врсниците на училиште, најчесто продолжуваат да бидат виктимизирани во своите домови преку социјалните мрежи.

- **Публика** - Социјалните мрежи отвораат можност за широка публика за многу кратко време. Понекогаш бројот на пасивни набљудувачи е неограничен. Постојат групи и страници на социјалните мрежи каде масивен број луѓе ги следат објавите. Со зголемување на бројот на сведоци на виктимизацијата на детето, се зголемува и понижувањето. Токму затоа последиците можат да бидат поголеми од традиционалната виктимизација на децата во училиштата или во околината каде живеат. Она што може да започне како физичка виктимизација во училиште, брзо може да прерасне во

[71] Цитирано во Apostolides, A. (2017). *Cyber bullying: Child and youth spirituality*. University of South Africa.

вербално-психичка виктимизација на социјалните мрежи. Често се вклучуваат дури и оние врсници кои не би се вклучиле во физичка виктимизација. Виктимизирањето може да биде видено од огромна публика за многу кратко време (Тустин, Годнес и Басон, 2014).[72] Со зголемување на публиката, расте моќта на сторителот, а кај жртвата се намалува. Расистички, сексуални изјави, компромитирачки сексуални фотографии (испраќани во доверба меѓу пријатели) може да бидат објавени и испратени на неограничена публика (Хармон 2004).[73]

- **Анонимност** - За разлика од традиционалната виктимизација во реалниот свет каде сторителот може лесно да биде идентификуван од жртвата, кај сајбер виктимизацијата тој може да остане анонимен (Сакс, 2010). Ваквата прикриеност придонесува за повеќе страв и анксиозност кај жртвата и предизвикува недоверливост кон секое лице од нејзиното опкружување, не знаејќи кој стои зад нападите. Анонимноста, на детето сторител му дава храброст да ја виктимизира жртвата со зборови и дејствија, за кои можеби не би се осмелило да ги каже или направи во директна комуникација (Ковалски и Лимбер, 2007). Сторителите често се кријат зад свој прекар, и при комуникација со жртвата воопшто не се чувствуваат виновни за нивните дејствија. Сторителите не можат да го видат страдањето на жртвата и за нив тоа е олеснување (Стика и Перен, 2013). Според Касас, Дел Реј и Ортега-Руиз (2013) не постои целосна анонимност на сторителот. Тоа се должи на структурата на самите социјални мрежи, зашто сторителите ги имаат оставено своите лични податоци и при комуникација со жртвата секогаш оставаат дигитална трага која може да се следи.[74]

- **Доказ** – Сајбер виктимизацијата остава дигитална трага. Доказите може лесно да се соберат без разлика дали виктимизирањето дошло во форма на текст, слика или видео. Сето ова е олеснителна околност за детето жртва, кое при споделување на негативното искуство со другар, родител или старател, учител, па дури и полицијата, има доказ. Оваа карактеристика дава можност за позитивно разрешување на настаните.[75]

---

72 Цитирано во Apostolides, A. (2017). *Cyber bullying: Child and youth spirituality*. University of South Africa.

73 Цитирано во Shariff, S. & Rachel, G. (2006). *Cyber-dilemas: Gendered Hierarchies, Free Expression and Cyber-Safety in Schools*. McGill University, Canada.

74 Цитирано во Apostolides, A. (2017). *Cyber bullying: Child and youth spirituality*. University of South Africa.

75 Childnet International.(2016), Cyberbullying: Understand, prevent and respond – Guidance for schools, UK.

## ДЕЛ III

### 1. Ризик фактори за виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи

Разбирањето на појавата виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи, означува проучување и разбирање на сите аспекти кои влијаат за нејзино појавување или спречување. Овие аспекти ги вбројуваат ризичните и заштитните фактори поврзани со проблемот. Според Амар, Абело и Акоста (2003), ризик факторите претставуваат научно засновани елементи, кои покажуваат причинска врска за појава на даден проблем. Во случајот, секоја карактеристика или однесување на детето што ја зголемува можноста за доживување непријатно и болно искуство на социјалните мрежи се смета за ризик фактор. Ризикот не произлегува само од индивидуалните карактеристики на детето, туку тој е поврзан и со неговата семејна и образовна средина, културата во која расте, технологијата што ја користи и заедницата.

Во последните години, многу истражувачи се обидуваат да ги проучат ризик-факторите. Некои од нив ја проучувале возраста (Токунада, 2010), полот (Кампбел, 2013), интензитетот на користење на интернетот (Касас и други, 2013). Дел од истражувачите истражувале некои психолошки фактори како што е самодовербата. (Јанг и други 2013).

Истражувањето во овој труд, ги опфаќа ризик факторите кои се во склоп на социодемографските карактеристики на детето (пол, возраст, социјална изолација), психолошките карактеристики (самопочит, депресија и мисли за самоубиство, емпатија, слика за себеси, претходна виктимизација), семејните карактеристики (односи во семејството, надзор од родителите) и технолошките карактеристики (време минато на интернет, проблематично однесување на социјалните мрежи, интензитет на користење на социјалните мрежи).

### 1.1 Социодемографски фактори кои се поврзуваат со виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи

Да се разберат основните фактори кои влијаат на проблемот, значи успешно да се превенира и интервенира. Генерално, истражувањата укажуваат дека одредени карактеристики на жртвата се важен фактор за да се разбере ваквата виктимизација.[76] Социодемографски фактори се однесуваат на карактеристиките на личноста поврзани со

[76] Anderson, C.A, and Bushman, B.J (2002), Human aggression. Department of Psychology, Iowa State University, Ames, Iowa. Page: 27–51

нејзините социјални и демографски аспекти како што се возраст, пол, образование, социјален статус и етничката припадност. Личните особини (пол, возраст, социоекономски статус, етничка припадност) и ситуационите фактори (влијание од врсници, образовна средина) може да го направат детето поранливо или позаштитено на даден проблем. Често, овие фактори може да се зависни едни од други или да се испреплетуваат во своето влијание.

### *1.1.1 Поврзаноста на полот со ризикот од виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи*

Во литературата меѓу првите карактеристики кои се поврзуваат со сајбер виктимизацијата е полот на детето. Бројните истражувања се обидуваат да утврдат дали постојат одредени разлики во однос на застапеноста и појавните облици кај момчињата и девојчињата. Иако поврзаноста на полот  е добро проучена во последната деценија, наодите остануваат неконзистентни. Различни истражувања прикажуваат различни резултати. Така, додека некои истражувања покажуваат дека момчињата се почесто жртви на виктимизација на социјалните мрежи (Кампбел, 2013), одредени истражувања посочуваат дека девојчињата се почесто виктимизирани. ( Бекман, Хаглквист и Хелстром, 2013;  Феликс-Матео, Сорано Ферер, Годи Месас и Санчо Висенте, 2010; Валваре и Хеирман, 2011). Постојат и истражувања кои кај децата од различен пол не утврдиле значајна разлика во искусување негативни ситуации на интернет. (Токунада, 2010, Фухн и други, 2013, Лапидоф-Лефлер и Долев-Кохен, 2015). [77]

Така, во спроведено истражување во 42 држави (меѓу кои и нашата), во 2017/2018 година, каде учество зеле 180.919 адолесценти, резултатите покажале дека во просек девојчињата почесто се јавуваат како жртви но и како сторители, за разлика од момчињата. Особено девојчињата околу 13 годишна возраст биле значително побројни и во двете улоги за разлика од момчињата. Ова се смета дека е резултат на ризикот од контактот со непознати лица, кој се зголемува со зголемување на возраста, особено кај девојчињата.[78]

---

[77] Цитирано во  Garsia, D., Perez, J., Gonzalez, A., & Perez, C. (2014). *Risk factors associated with cybervictimization in adolescence*. In Sierra, H. C. (Ed.), *International Journal of Clinical and Health Psychology*, Granada.

[78]  Wendy Craig, Ph.D., et al. (2020). *Social Media Use and Cyber-Bullying: A Cross-National Analysis of Young People in 42 Countries*. *Journal of Adolescent Health*, pp. 100-108;

Во истражување во Финска, каде учество зеле 2215 адолесценти (13-16 години), резултатите покажале дека, 16% од девојчињата пријавиле дека биле вознемирувани од врсниците од спротивниот пол. Од момчињата 5% го изјавиле истото. Во целокупниот примерок, 10% од децата вознемирувањето го доживеале од  непозната личност, а 5.1% од група на деца  (Сорандер, 2010).[79]

Според истражување направено во 2012 година извршено од Крос, Шау и соработници, девојчињата се почесто повеќекратно виктимизирани, за разлика од момчињата, кои најчесто ваква виктимизација доживуваат само еднаш.[80]

Истражувањата покажале дека адолесцентите минуваат многу време на социјалните мрежи. Според некои истражувања, девојчињата минуваат повеќе време од момчињата (Венди Креги други, 2020). Токму затоа ризикот кај нив се зголемува.[81] Различните начини на кои момчињата и девојчињата ги искусуваат социјалните мрежи, може да ја објасни разликата во нивните искуства за сајбер виктимизација. Според некои истражувачи, девојчињата почесто ја користат онлајн комуникацијата (Ленхарт, 2015, Андерсом. М, 2018).[82] Сето тоа, можно е да го зголеми ризикот нив. Овие резултати се спротивни на наодите од истражувањето во Австралија (кое е спроведено на примерок од 3.112 адолесценти), според кое 278 тинејџери биле малтретирани на социјалните мрежи, од кои 55% биле момчиња, а 45% девојчиња. (Кампбел, 2013)[83]

Поврзаноста меѓу полот и сајбер виктимизацијата не треба да се разгледува само од аспект на застапеност и зачестеност, туку може да се поврзе и со нејзините облици. Така, се смета дека момчињата повеќе се вклучуваат во вербални агресии, а девојчињата почесто се жртви на индиректна агресија (Хара, 2002). Зголемената виктимизација кај девојчињата некои истражувачи сметаат дека е последица на минувањето повеќе време онлајн за разлика од момчињата.[84]Истражување во Велика Британија (Риверс и Норет, 2010), покажало дека девојчињата се почесто вознемирувани, така што добиваат пораки со непристојна или

[79] Цитирано во  Sourander, A., & Klomek, A. (2010). *Psychosocial Risk Factors Associated With Cyberbullying Among Adolescents*. In Xu, Y. (Ed.), *Archives of General Psychiatry*, American Medical Association, USA.

[80] Цитирано во  Summers, N. (2015). *Cyberbullying: Experiences and support needs of students in a secondary school*. Manchester, England.

[81] Wendy Craig, Ph.D., et al. (2020). *Social Media Use and Cyber-Bullying: A Cross-National Analysis of Young People in 42 Countries*. *Journal of Adolescent Health*, pp. 100-108.

[82] Lenhart, A., Smith, A., Anderson, M., et al. (2015). *Teens, technology & friendships: Video games, social media, and phones play an integral role in how teens meet and interact with friends*. *Pew Research Center*;

[83] Цитирано во  Garsia, D., Perez, J., Gonzalez, A., & Perez, C**.** (2014). *Risk factors associated with cybervictimization in adolescence*. In Sierra, H. C. (Ed.), *International Journal of Clinical and Health Psychology*, Granada.

[84] Цитирано во  Dilmac B. (2009), Psychological needs as a predictor of cyber bullying: a preliminary report on college students, Turkey

заканувачка содржина, се нарекувани со погрдни имиња, се шират гласини за нив на социјалните мрежи. Истражувањето покажало дека оние девојчиња кои се сметаат за тивки и повлечени, почесто се исклучени од група во која се останатите врсници. За разлика од нив, момчињата почесто добиваат пораки со содржина поврзана со говор на омраза. Момчињата можеби генерално се повеќе склони кон директни форми на агресија, вклучително и физичко малтретирање, додека девојчињата имаат тенденција да се вклучат во релациона или социјална агресија (Грос и Делхи, 2013).[85]

Во 2022 година, во Соединетите Американски држави, било направено истражување за начини на доживеани непријатни ситуации на социјалните мрежи кај тинејџерите. Според резултатите, девојчињата биле почесто во ситуација да бидат ширење на гласини за нив (36%), за разлика од момчињата (25%). Исто така, девојчињата почесто добивале пораки со непристојни содржини (29%), за разлика од момчињата (20%).[86]

Резултатите во однос на полот и покрај многу истражувања се уште не се јасни. Некои истражувачи сметаат дека девојчињата имаат поголеми шанси да искусат виктимизација преку социјалните мрежи поради љубовни врски (Лов и Еспалоге, 2013). Во истражување на оваа тема, каде учество зеле 5647 адолесценти, 25% од учесниците кои биле во неодамнешна или тогашна врска искусиле одредена форма на вознемирување, при што поголемиот дел биле девојчиња. (Цвајг, Данк, Јахнер, Лахман 2013).[87]

Според резултатите од емпириското истражување спроведено за овој труд, девојчињата се почесто изложени на одредени форми на негативно однесување на социјалните мрежи за разлика од момчињата. Девојчињата почесто се соочуваат со ситуации кои можат да се доживеат како непријатни или штетни, вклучувајќи:

- Ширење на гласини на социјалните мрежи;
- Не прифатеност од група на врсници на социјалните мрежи, со цел да бидат навредени или понижени;
- Игнорирање од група на деца на социјалните мрежи;
- Постојано добивање на пораки од врсник со кој не сакаат да имаат контакт

Поголемиот ризик од виктимизација на социјалните мрежи од врсниците кај

[85] Цитирано во Summers, N. (2015). *Cyberbullying: Experiences and support needs of students in a secondary school*. Manchester, England.
[86] Anderson, M. (2018). „A majority of teens have experienced some form of cyberbullying“. *Pew Research Center*. Достапно на: https://livemorescreenless.org/blog/resource/a-majority-of-teens-have-experienced-some-form-of-cyberbullying/ (пристапено на: 02 Мај 2023).
[87] Цитирано во Peterson, J., & Densley, J. (2017). *Cyber violence: What do we know and where do we go from here? Aggression and Violent Behavior*, multidisciplinary journal, pp. 193-200.

девојчињата можно е да се појавува како последица од различните модели на социјализација и комуникација што тие ги имаат, за разлика од момчињата. Девојчињата обично им даваат поголема вредност на социјалните односи и емоционалните врски. Тоа може да ги направи поранливи на релациона агресија, како што е ширење гласини или исклучување од социјалните групи на интернет. Оваа форма на индиректна агресија, може да биде особено штетна бидејќи комуникацијата на социјалните мрежи често е јавна и содржините се достапни за врсниците.

Како друга можна причина поради која постојат можни полови разлики, е што голем дел од платформите на социјалните мрежи се пласираат на таков начин, така што го нагласуваат изгледот, популарноста и социјалниот статус кај девојчињата. За девојчињата особено во периодот на адолесценцијата е многу важно какви к ќе бидат прикажани на социјалните мрежи. Ваквите мислења што се формираат меѓу адолесцентите за одредена личност, би можеле да доведат до исмејување заради облеката, изгледот и други карактеристики на таа личност.

Некои истражувања покажуваат дека девојчињата имаат поголема веројатност да бидат виктимизирани во контекст на романтични врски. Девојчињата, за разлика од момчињата, љубомората, посесивноста и емоционалната злоупотребата почесто ја покажуваат на онлајн. Ова е особено релевантно за време на адолесценцијата, бидејќи во тоа време девојчињата може да бидат поранливи на емоционална манипулација и сајбер виктимизација (Цвајг, Данк, Јахнер и Лакмен, 2013).[88]

### *1.1.2 Возраста на детето како фактор за виктимизација на социјалните мрежи*

Виктимизацијата на социјалните мрежи не знае за возрасни граници. Денес повеќето од нас не можат да го замислат секојдневниот живот без да посветат барем мал дел од времето онлајн. Секое лице кое ги користи социјалните мрежи може да доживее негативно искуство. Ризикот постои за сите, но истражувањата покажуваат дека децата и тинејџерите се најризична група. Тие се сметаат за возрасна група каде проблемот е најсилно изразен. Возраста на која тинејџерите се приклучуваат на социјалните мрежи е 7-14 години. Најголем

[88] Цитирано во Peterson, J., & Densley, J. (2017). *Cyber violence: What do we know and where do we go from here? Aggression and Violent Behavior*, multidisciplinary journal, pp. 193-200.

дел од нив се приклучуваат за прв пат на единаесет годишна возраст, иако минимум тринаесет годишна возраст е барање од операторите за корисникот да креира профил.[89]

Кога станува збор за возраста како ризик фактор резултатите од постоечките истражувања се контрадикторни. Некои истражувања укажуваат на тоа дека оваа појава е присутна повеќе кај деца кои се во основно образование, (Дехи, Болмен и Волинк, 2008), додека други покажуваат дека појавата е повеќе застапена кај децата на поголема возраст (Токунада, 2010). Адолесцентите на возраст од 12-15 години имаат најголем ризик да бидат сајбер виктимизирани, и генерално се смета дека ризикот се намалува на 16 годишна возраст.[90] За разлика од ваквите резултати, Шломс-Мадленер (2013) во своето истражување, покажал дека помладите тинејџери (12-15 години) за разлика од постарите (16-19 години) поретко се впуштиле во ризични однесувања (комуникација со непознати лица, објавување лични фотографии итн.) и затоа процентот на виктимизираност кај помладите тинејџери е помал. Според резултатите, постарите тинејџери за разлика од помладите, многу почесто испраќале сексуални пораки и слики кај што се голи или полуголи на некој што не го познаваат.[91]

Келет (2013), направил истражување , каде учество зеле 1.282 деца (12-15 години). Резултатите покажале дека 28% од 12-13 годишните и 25% од 14-15 годишните деца биле виктимизирани онлајн, најчесто во форма на исмејување и јавно споделување на информации добиени во доверба.[92] Гарсија, Перез и Гонзалес во своето истражување во Шпанија, каде учество зеле испитаници на возраст од 12-14 години добиле резултати кои покажале незначително намалување на виктимизираните деца на социјалните мрежи паралелно со зголемување на возраста.[93]

Истражување за последиците од сајбер виктимизација, со испитаници на возраст од 13-18 години, направено во 2014 година од Биро за млади во Јужна Африка, покажало дека најмногу деца кои доживеале негативно искуство на интернет се оние на 15-18 годишна возраст. Најчесто тоа било во форма на вознемирувачки пораки, ширење лаги за нив итн.

---

[89] Leviner, M. *(2018). Cyberbullying and Social Media Responsibility in Schools. University of South Carolina, Columbia.*

[90] Slonje, R., & Smith, P. K. (2008). *Cyberbullying: Another main type of bullying*. In Rönnberg, J. (Ed.), *Scandinavian Journal of Psychology* (pp. 147-154), Wiley, London.

[91] Цитирано во Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

[92] Цитирано во Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

[93] Цитирано во Garsia, D., Perez, J., Gonzalez, A., & Perez, C. (2014). *Risk factors associated with cybervictimization in adolescence*. In Sierra, H. C. (Ed.), *International Journal of Clinical and Health Psychology*, Granada.

Додека 13-14 годишните деца најчесто биле нарекувани со погрдни имиња. (Тустин и други 2014). [94]

Кога се разгледува возраста како ризик фактор, често нејзиното влијание се става во корелација со полот на детето. Така, според Бартлет и Којн (2014), девојчињата имаат поголеми шанси да бидат виктимизирани на социјалните мрежи на помала возраст (средна адолесценција), а момчињата пак, почесто на подоцнежна возраст (доцна адолесценција).[95] Дел од истражувачите се сложуваат дека со зголемување на возраста, се зголемува и употребата на социјалните мрежи. Притоа, девојчињата на единаесет годишна возраст, кои минувале долго време на социјалните мрежи биле во можност да станат жртви на виктимизација на социјалните мрежи, но уште поголем бил ризикот кај девојчињата на тринаесет годишна возраст, а најголем кај оние на петнаесет годишна возраст (Венди Креги други, 2020).[96]

Што се однесува до само заштитата на социјалните мрежи, некои истражувања покажуваат дека поголемите деца имаат повисока свесност во однос на самозаштита на активностите. Така, во истражување кое ги опфатило европските земји (Белгија, Данска, Италија, Романија, Велика Британија, Ирска и Португалија), повеќе од половина учесници на возраст од 11-13 години (55%) потврдиле дека самите можат да ги сменат опциите за приватност на нивните профили. Процентот бил поголем кај децата на 14-16 годишна возраст, каде 79 % од испитаниците се изјасниле позитивно. Истото истражување покажало дека речиси половина од испитаниците на 11-16 годишна возраст, барем еднаш доживеале непријатно искуство. Најчесто тоа било на социјалната мрежа Facebook, која се покажала и како најкористена во 2014 година.[97]

Кога се анализира возраста како фактор на ризик за сајбер виктимизација кај тинејџерите, јасно е дека податоците претставуваат сложена слика со различни резултати во различни студии. Овие разлики можно е да се одраз на различноста во развојот на адолесцентите. Од суштинско значење е да се земе предвид дека адолесценцијата е период на брз раст и промени, и когнитивно и емотивно. Помладите тинејџери (од 12 до 15 години) често се поранливи поради нивната развојна фаза, каде одобрувањето од врсниците и

[94] Apostolides, A. (2017). *Cyber bullying: Child and youth spirituality*. University of South Africa.

[95] Цитирано во Peterson, J., & Densley, J. (2017). *Cyber violence: What do we know and where do we go from here? Aggression and Violent Behavior*, multidisciplinary journal, pp. 193-200.

[96] Wendy Craig, Ph.D., et al. (2020). *Social Media Use and Cyber-Bullying: A Cross-National Analysis of Young People in 42 Countries*. *Journal of Adolescent Health*, pp. 100-108.

[97] Livingstone, S., Mascheroni, G., & Ólafsson, K. (2014). *Children's online risks and opportunities: Comparative findings from EU Kids Online, Net Children Go Mobile*. London, England.

социјалната припадност им се многу важни. Нивното релативно неискуство во социјалните односи, во комбинација со високиот емоционален интензитет на нивните интеракции, може да ги изложи на поголеми ризици онлајн, особено во форма на релациона агресија, како што е исклучување од групи или ширење гласини. Студиите кои покажуваат поголема застапеност кај помладите адолесценти може да се објаснат со зголемена чувствителност кај нив и недостаток од развиени механизми за справување. Овие механизми може да вклучуваат емоционална саморегулација, критичко размислување при онлајн комуникација и слично. Од друга страна, постарите адолесценти (16-18 години) може да се вклучат во поризично однесување на интернет, како што се споделување лични информации или интеракција со непознати лица. Ова може да ја зголеми нивната изложеност на одредени видови вознемирување. Сепак, фактот што некои студии укажуваат на намалување на виктимизацијата додека тинејџерите растат може да укаже дека, како што созреваат, тие стануваат поспособни за самозаштита на интернет, подобро разбирање на поставките за приватност и развивање отпорност на негативните онлајн интеракции (Гарсија, Перез и Гонзалес, 2014).

Во контекст на ова прашање, податоците од истражувањето за оваа магистерска теза не покажаа статистичка значајна разлика меѓу децата од различна возраст во однос на нивното искуство со виктимизација на социјалните мрежи.

### *1.1.3 Поврзаност меѓу социјалниот-економски статус на детето и виктимизацијата на социјалните мрежи*

Социоекономскиот статус е детерминиран од материјални и социјални ресурси кои влијаат на статусот на индивидуата во општеството во кое живее. Не постојат стандардни мерки за мерење на социоекономскиот статус на поединецот. Различни мерки, можат да прикажат различни ефекти. Постојат различни мерења на социоекономскиот статус на една личност. Тука се вбројуваат приходите кои ги добива, семејството од кое потекнува, богатството што го поседува, нивото на образование, работата која ја извршува, општеството во кое живее, околината што го опкружува итн. Во принцип, кога станува збор за дете, социоекономскиот статус се однесува на социјалната и економската состојба во која се наоѓа семејството на детето.[98]

---

98 Bradley, H.R (2002). *Socioeconomic status and child development*, National Library of Medicine

Социоекономскиот статус игра значајна улога во развојот на децата, нивното образование и социјализација. Социоекономските фактори се особено важни во формирањето на идентичноста на поединецот, неговите шанси за успех и начинот на кој се соочува со предизвиците во животот. Општествените структури и ресурси значително влијаат на однесувањето и можностите на поединецот, вклучително и неговата изложеност на ризик, како што е виктимизацијата на социјалните мрежи.[99] Можно е децата од семејства со низок социоекономски статус да се соочуваат со поголеми предизвици во својот социјален и академски развој. Овие деца можат да бидат повеќе изложени на виктимизација поради нееднаквостите што ги доживуваат во своето секојдневие, како и поради намалената способност на родителите и институциите да обезбедат соодветна заштита и поддршка.

Во контекст на сајбер виктимизацијата, можно е децата од низок социоекономски статус да се потенцијално подложни на злоупотреба поради недостаток на дигитална писменост, слаб родителски надзор, како и поради поголемиот стрес и фрустрација што можат да го доживеат во нивното секојдневие. Современата литература укажува на можна поврзаност меѓу нискиот социоекономски статус на детето и можноста да се стане жртва на социјалните мрежи.[100] Во принцип, истражувачите се сложуваат со оваа констатација, иако постојат и такви кои не го прифаќаат ваквиот став. Дел од нив сметаат дека децата од низок социоекономски статус се потенцијални жртви на традиционално врсничко насилство, но не и на сајбер виктимизација.[101]

Постои можност, децата од пониски социоекономски слоеви почесто да се соочуваат со повеќе бариери во својот образовен процес и социјален живот, што ги прави ранливи на вознемирување и малтретирање онлајн.

Најважен фактор кој влијае врз социоекономскиот статус кај децата е нивниот квалитет на образование. Примарно, изборот за училишна образовна средина го прават родителите за своите деца. Врз нивниот избор имаат улога некои околности и тоа:

1. Економската состојба во семејството на детето и приходите кои месечно влегуваат во семејната средина, влијаат врз изборот на училишно-образовна средина на детето. Училиштата денес се рангираат врз основа на бројност на

[99] Tibett, N., & Wolke, D. (2014). *Socioeconomic Status and Bullying: A Meta-Analysis*. *American Journal of Public Health*, 104(6): e48-59.

[100] Jansen, P. W., Verlinden, M., Dommisse-van Berkel, A., et al. (2012). *Prevalence of bullying and victimization among children in early elementary school: Do family and school neighborhood socioeconomic status matter? BMC Public Health*, pp. 494–504.

[101] Wolke, D., Woods, S., Stanford, K., & Schulz, H. (2001). *Bullying and victimization of primary school children in England and Germany: Prevalence and school factors*. *British Journal of Psychology*, 92(Pt 4), 673–696.

агресивни однесувања кои се случиле во текот на учебната година, па оние родители чии приходи се слаби, се ограничени во изборот на училишната средина. Децата на родители со ниски приходи често се запишани во училишта каде е поголема бројката на врсници со агресивно поведение, слаба емпатија и ниска самодоверба. Ова ја зголемува можноста за виктимизација на детето во реалниот живот, но и на социјалните мрежи.

2. Нивото на едукација на родителите и видот на дејноста (работата) што ја извршуваат, влијае врз образованието на самото дете. Така, недостаток на едукација на родителите може да придонесе за негативен однос на родителите кон продлабочено образование на детето и со тоа да го попречуваат неговиот академски развој.[102]

3. Полот на детето влијае врз можноста за едукација во зависност од државата и културата каде детето расте. Така, за девојчињата во некои земји образованието е ограничено до одредено ниво и само на специфични области.[103]

Цвајк, Данк, Лахман и Јахнер, (2013) во истражување во кое учествувале 3.745 тинејџери укажало дека 944 деца биле виктимизирани на социјалните мрежи од лице со кое биле во љубовна врска. Од жртвите, 61.3% потекнувале од семејство со среден социоекономски статус. [104]

Лафман, Модин и Устберг, (2013) направиле истражување со примерок од 26.769 деца од Шведска. Според резултатите, само 4.3% од децата кои биле малтретирани на социјалните мрежи имале барем еден родител со високо образование. Во истото истражување на примерок од 450 деца, овие истражувачи ги истражуваа негативните искуства на социјалните мрежи во Јужна Африка, при што дошле до резултати дека речиси 30% од испитаниците доживеале некакво негативно искуство. 17% од нив имале барем еден родител со високо образование. Генерално, родителите на жртвите биле со пониско образование, за разлика од родителите на децата кои не биле виктимизирани на социјалните мрежи. Иако, поголемиот дел од жртвите припаѓале од семејства од средната класа, еден дел од вознемируваните деца потекнувале од високата и од ниската класа. Студијата во Шведска, дошла до резултати дека

---

[102] *Lopez-Meneses, E., et al. (2020). Socioeconomic Effects in Cyberbullying: Global Research Trends in the Educational Context. International Journal of Environmental Research and Public Health.*

[103] *Lopez-Meneses, E., et al. (2020). Socioeconomic Effects in Cyberbullying: Global Research Trends in the Educational Context. International Journal of Environmental Research and Public Health.*

[104] Цитирано во Peterson, J., & Densley, J. (2017). *Cyber violence: What do we know and where do we go from here? Aggression and Violent Behavior*, multidisciplinary journal, pp. 193-200.

децата родени во семејства каде барем еден родител има факултетско образование, имаат помал ризик во можноста да доживеат вакви ситуации за разлика од децата кои немаат ниту еден родител со факултетско образование.[105]

### *1.1.4 Поврзаност меѓу етничката припадност на детето и виктимизацијата на социјалните мрежи*

Многу адолесценти во своите меѓусебни контакти во реалниот и виртуелниот свет придонесуваат за зголемување на насилство преку говор на омраза кон врсници кои припаѓаат на одредена раса, националност, религија, боја на кожа, итн. Различни луѓе припаѓаат на различни групи во однос на етничка припадност, националност или религија. Според тоа, постои можност индивидуите да се стремат да одржуваат позитивен социјален идентитет преку споредба на својата група со другите, што може да доведе до фаворизирање на сопствената група и дискриминација кон „другите групи“ (Теоријата на социјален идентитет, Тајфет и Турнер, 1979).[106] Во контекст на сајбер виктимизацијата, децата од малцинските етнички групи можат да бидат повеќе изложени на ризик затоа што често се перципирани како дел од „друга група“ од страна на нивните врсници. Оваа перцепција може да води до негативни стереотипи, предрасуди и на крајот, дискриминаторско однесување. Сето тоа укажува дека децата кои припаѓаат на малцински етнички групи можат почесто да бидат сајбер малтретирани поради вкоренетите предрасуди кои се присутни во општеството.

Добар дел од истражувањата покажале дека виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи, мотивирана од расистичка идеологија и етнички разлики, најчесто се случува од сторители со непознат идентитет. Агресијата која сторителот ја покажува кон жртвата, може да достигне ниво на говор на омраза (Childnet International, 2016). Според тоа сајбер виктимизацијата може да вклучува елементи на дискриминација (Роберт и други 2012; Тејлор, Вонг, Гонзалес и Думка, 2012). Во САД се смета дека најчесто виктимизацијата настанува врз децата кои не се од бела раса (Баум, 2011), односно дека децата од црна раса, како и децата со латинско потекло почесто се вознемирувани за разлика од нивните врсници од бела раса (Едвард и други, 2016). Дел од истражувањата покажуваат дека силното чувство

---

[105] Läftman, S. B., Modin, B., & Östberg, V. (2013). *Cyberbullying and subjective health: A large-scale study of students in Stockholm, Sweden*. *Child Youth Services*, 35, 112–119.

[106] Murphy, T. F. (2024, April 24). Social identity theory. *Psychology Theory*. Достапно на https://psychologyfanatic.com/social-identity-theory/

за етничка припадност на детето и високото ниво на самопочит, ја намалува можноста за негова виктимизација (Тунес и други, 2012).[107]Во веќе извршените истражувања, постојат различни резултати во поглед на поврзаноста меѓу етничката припадност и појавата што ја проучуваме. Така, резултатите на Јанг и Вонг (2015), покажале дека етничкиот идентитет на детето влијае врз можноста да се стане сторител или жртва на сајбер виктимизација.[108] Пескин, (2014), во своето истражување вклучил 1.034 тинејџери на возраст од 15-16 години. Резултатите покажале дека децата од црна раса можат полесно да станат и сторители и жртви на виктимизација од своите врсници на социјалните мрежи, наспроти децата од бела раса. Дунел и други (2012), во истражување каде биле вклучени 20.406 тинејџери, на 14-18 годишна возраст, дошле до резултати дека 1.271 тинејџери биле виктимизирани во последните 12 месеци, при што 5.7% од жртвите биле деца од бела раса, а 8.4% од другите раси. Кипчински и други (2013), во истражување каде зеле учество 361 деца, утврдиле дека можноста да се биде виктимизиран за децата од бела раса е 1.65 пати поголема за разлика од децата од шпанско потекло. Хиндуџа и Патчин (2018), истражувајќи ја оваа појава во САД, ја потврдиле врската меѓу виктимизацијата кај децата и етничките разлики. Според нив, девојчињата од средно и основно училиште кои не се од бела раса имале најголем ризик да станат жртви. Спротивно од овие резултати, во Малезија во 2019/2020 година, резултатите од студијата со 400 испитаници, покажале дека не постои значителна врска меѓу виктимизацијата на социјалните мрежи и расата/ етничката припадност на жртвата, односно дека сајбер виктимизацијата е резултат на индивидуални карактеристики кои не се поврзани со етничката припадност (Адебајо, Нингал, Стив). [109]

## 1.2 Поврзаноста на социјализацијата на децата со виктимизираноста на социјалните мрежи

Генерално во истражувањата за врсничкото насилство, често социјализацијата на децата се разгледува како фактор кој може да ја детерминира нивната виктимизација. Во таа смисла, недостатокот на блиски пријатели и исклучувањето од врсниците често се поврзува со виктимизираноста на децата на социјалните мрежи. Ваквите деца, можно е да имаат помалку блиски пријатели или пак воопшто да немаат пријатели во споредба со сторителите

[107] Цитирано *во Barboza, G. E., & Schiambers, B. R. (2021). Racial and ethnic diversity in the social ecology of online harassment and cybervictimization: The adolescent school context. In Child and adolescent online risk exposure (Chap. 12).*

[108] Цитирано во Adebayo, D. O., et al. (2020). *Relationship between Demographic Factors and Undergraduates' Cyberbullying Experiences in Public Universities in Malaysia*. *International Journal of Instruction*, 13(1): 901-914.

[109] Цитирано во Adebayo, D. O., et al. (2020). *Relationship between Demographic Factors and Undergraduates' Cyberbullying Experiences in Public Universities in Malaysia*. *International Journal of Instruction*, 13(1): 901-914.

и децата кои не се инволвирани во насилство во никаква улога. Но не само бројот на пријатели, туку и карактеристиките и квалитетот на пријателствата ја детерминираат социјализацијата и изложеноста на виктимизација на социјалните мрежи.

Според Хирши, луѓето кои имаат силни врски со семејството, пријателите и заедницата се помалку склони кон било која улога во девијантно однесување, вклучително и станување жртви.[110] Квалитетните пријателства ги штитат децата од виктимизираност од врсниците, додека слабите социјални врски, ги прават поподложни на виктимизација на социјалните мрежи [111]. Тоа укажува дека децата кои не се во можност да комуницираат добро со другите деца и оние кои имаат слаб социјален углед меѓу врсниците, имаат поголеми шанси да бидат вознемирени или малтретирани. Според теоријата за социјално учење на Бандура, луѓето учат однесувања и норми преку набљудување и интеракција со други, особено во рамките на врснички групи.[112] Согласно тоа, децата со ограничени социјални интеракции може да не развијат ефикасни социјални вештини. Од друга страна, децата со квалитетни пријателства може да развијат позитивни социјални вештини и да бидат помалку подложни на вакви појави.

Истражување на Сапуна и Волке во 2013 година покажало дека децата кои имаат повеќе пријатели, се повеќе отпорни на сајбер виктимизација. Според тоа, квалитетот на пријателствата кои детето ги има можеби повеќе придонесува за заштита , за разлика од квантитетот на пријателства. Сторителите одбираат да виктимизираат деца кои се изолирани од врсниците поради тоа што не можат сами да се одбранат.

Децата со слаби социјални врски можат да имаат тешкотии во формирањето на квалитетни пријателства.[113] Овој недостаток на силни врски може да ги направи поранливи на проблемот. Овие деца можеби имаат помалку можности каде да бараат помош или како да се одбранат од насилството како во реалниот, така и во виртуелниот свет. Теорија за влијанието на врсниците нуди значајна перспектива за разбирање на врската помеѓу врснички притисок и виктимизацијата на социјалните мрежи. Според оваа теорија, врсниците имаат моќно влијание врз однесувањето на децата и адолесцентите, особено во периодот на адолесценција кога желбата за припадност и прифаќање од страна на врсниците е

---

[110] Цитирано во Khoury-Kassabri, M., Blit-Cohen, E., Ajsenstadt, M., & Jeries, L. J. (2023). Arab Youth Involvement in Delinquent Behaviors: Exploring Hirschi's Social Bond Theory from a Qualitative Perspective. *Societies*, 13(5), 128.

[111] Kendrick, K., Jutengren, G., & Stattin, H. (2012). The protective role of supportive friends against bullying perpetration and victimization. *Journal of Adolescence*, 35(4), 1069-1080.

[112] Bandura, A. (1977). *Social learning theory*. Englewood Cliffs, NJ: Prentice-Hall.

[113] Цитирано во Serene, C. H. (2011). *A review of attachment theory in the context of adolescent parenting. J Pediatr Health Care*, 25(2), 114–121.

исклучително важна (Харис, 1995).[114] Согласно тоа, децата кои не се добро интегрирани во врснички групи или имаат слаба социјална се изложени на поголем ризик како резултат на нивната социјална изолација или непопуларност.

Дел од истражувачите наведуваат зголемување на ризикот може да бидат тешкотиите во љубовните врски кај адолесцентите, раскинување на романса, прекин на пријателство, завидување на успехот на потенцијалната жртва или нетолеранција кон врсници кои припаѓаат на одреден пол, етничка припадност, сексуална определеност или имаат некој недостаток.[115] Сторителите, во најголем број изјавиле дека нивна цел било да ја оддалечат жртвата од врсниците (Сугимори Шинкичи, 2012).[116] Истражувањето на Јибара и соработници, (2015) покажало дека поголемата социјална поддршка на адолесцентите, го намалува ризикот.[117] Паралелно на тоа, друго истражување во 2012 година, со учество од 850 средношколци, потврдило дека слабата поврзаност и дружење го зголемува ризикот од појавата (Буртон, Флорел и Вигнант, 2012).[118]

Што се однесува до емпириското истражување за оваа магистерска теза, резултатите покажуваат дека повеќето од испитаниците кои се изјасниле дека немаат многу социјално отворен живот биле виктимизирани на социјалните мрежи. Сепак, процентот на лица кои се прикажаа дека се социјално затворени е многу мал. Од друга страна целокупната анализа покажува дека значително поголем дел од испитаниците кои се изјасниле дека уживаат во социјализација со своите врсници исто така доживеале нешто од наброените облици на виктимизација. Согласно сето тоа, анализата покажа дека намалената социјализација не го зголемува ризикот од виктимизација.

### *1.2.1 Поврзаноста меѓу влијанието од врсниците со виктимизираноста меѓу децата на социјалните мрежи*

Социјалното влијание од врсниците е клучен фактор во разбирањето на врската помеѓу врсниците и виктимизацијата на социјалните мрежи. Притоа, во фазата на

[114] Цитирано во Vandell. D. L (2000), Parents, Peer Groups, and Other Socializing Influences, Developmental Psychology 36(6):699-710.

[115] Vanden Abeele, M., & de Cock, R. (2013). Cyberbullying by mobile phone among adolescents: The role of gender and peer group status. *Ghent University*.

[116] Цитирано во Roswith, R. (2015). *Psychological Aspects of Cyberbullying*. *The Journal of the Learning Sciences.*

[117] Espinoza, G. (2017). *The protective role of friends in the link between daily cyber victimization and adjustment problems among predominantly Latino adolescents*. *Journal of Applied Developmental Psychology*, California.

[118] Цитирано во Peterson, J., & Densley, J. (2017). *Cyber violence: What do we know and where do we go from here? Aggression and Violent Behavior*, multidisciplinary journal, pp. 193-200.

адолесценција, особено значајно за адолесцентот е што мислат неговите пријатели за него. Најчесто, адолесцентите сакаат да припаѓаат на истата супкултура како и нивните врсници. Желбата за прифаќање од страна на врсниците може да ги мотивира децата да се вклучат во активности што ќе им овозможат да се вклопат во групата, дури и ако тие активности вклучуваат негативни аспекти, како што се напади на други деца на социјалните мрежи (Фовлер, 1981).[119] Дружењето со врсници кои одобруваат ризични однесувања е можен ризик фактор за детето да стане жртва (Абеле, Клемпут и Вандебош, 2013).

### 1.3 Поврзаноста меѓу образовната средина на детето и виктимизацијата на социјалните мрежи

Виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи претставува најпроблематичен, но истовремено и најмалку проучуван проблем во училиштата на денешно време. Креаторите на образовните политики, наставниците и администрацијата играат голема улога во формирањето на здрава училишна средина преку креирање на модели на однесување на децата во реалниот, но и во виртуелниот простор. Во своите политики на креирање на добро образование и воспитание, потребно е да се воспостават и принципи кои ќе им бидат показател на децата до која граница може да се толерира нивната слобода на изразување како во реалниот, така и во виртуелниот свет. Може да се каже дека наставниците се запознаени со појавата насилство меѓу деца во училиште, но не се доволно запознаени со сајбер виктимизацијата меѓу нив (Беран и Ли, 2005). Најпрво наставниците не се доволно запознаени со истражувањата кои покажуваат дека бројката на виктимизирани деца од нивните врсници на социјалните мрежи е постојано во пораст. Според на истражување од Одделението за превенција на криминал во Малезија  (2017 година), најчесто сајбер виктимизацијата на децата  се случува во рамките на образовните средини (Malaysia Crime Prevention Foundation, 2017).[120] Што се однесува до перцепциите на наставниците за појавата, истражувањето на Шафер и неговите соработници покажало дека образовниот кадар генерално се сложува со фактот дека негативно сајбер искуство може да има долгорочни негативни последици врз жртвите, но значителен дел од учесниците (25%) сметаат дека ваквата појава нема долгорочни негативни ефекти врз жртвата. Во истото истражување, 18% од испитаниците имале мислење дека виктимизацијата ги прави жртвите посилни, а околу 25% од испитаниците верувале дека ги подготвува жртвите за справување со натамошните

---

[119] Цитирано во  Apostolides, A. (2017). *Cyber bullying: Child and youth spirituality*. University of South Africa.

[120] Adebayo, D. O., et al. (2020). *Relationship between Demographic Factors and Undergraduates' Cyberbullying Experiences in Public Universities in Malaysia*. *International Journal of Instruction*, 13(1): 901-914. Од испитаниците 65%(1524 лица) биле сајбер виктимизирани во образовните средини.

тешкотии во животот. Токму ваквите податоци укажуваат дека, училишниот кадар добро е да посетува соодветни обуки со цел да стекне сознанија за ризикот и последиците од доживеано насилство на интернет.[121]

Виктимизацијата на социјалните мрежи најчесто се случува меѓу деца кои се познаваат од училиште, па затоа се очекува училиштата да преземат соодветни мерки. Отсуството на учество  на училиштен кадар, го отежнува решавањето на проблемот. Додека родителите имаат обврска да вршат надзор над активноста на своето дете на интернет во домот, училиштата како образовни институции добро е позитивно да го насочат социјалниот развој на децата. Одговорноста на наставниците и стручните служби во училиштата во оформување на социјалниот идентитет на децата не е помала од онаа на родителите. Самиот факт дека децата го користат интернетот на училиште за разни училишни активности, истовремено е задача на вработените да следат како децата го користат истиот. Во своите политики на однесување, училиштата треба да воспостават процедури и стандарди за користење на интернетот и да дефинираат прифатливи граници за социјалното однесување на учениците на социјалните мрежи, но и во сајбер просторот воопшто.[122] Според еколошката системска теорија на Бронфенбренер (1979) развојот на детето е под влијание на повеќе нивоа на социјалната околина, почнувајќи од непосредните околини, како што е училишната средина, до поширокиот културен и социоекономски контекст. Според оваа теорија, училиштето, како клучен микро систем, игра важна улога во оформувањето на социјалните ставови и однесувања на детето.[123] Затоа, можно е, начинот на кој училиштата се организирани и управувани директно да влијае на искуствата на децата, вклучително и на нивната изложеност на сајбер виктимизација. Во контекст на Еколошката системска теорија, училиштето не само што претставува место за академско образование, туку и важен простор за социјален развој и оформување на моралните и етичките вредности кај децата. Како таква, училишната средина има централна улога во превенцијата и справувањето со сајбер виктимизацијата. Здрава училишна средина, добро менаџирање на часот и примерно однесување на децата се фактори за создавање на позитивна училишна клима. Вградување во свеста на децата за негативните последици и штетноста од виктимизацијата на социјалните мрежи многу зависи од постоењето на здрава, позитивна училишна клима каде што владее

[121] Цитирано во Shariff, S. & Rachel, G. (2006). *Cyber-dilemas: Gendered Hierarchies, Free Expression and Cyber-Safety in Schools*. McGill University, Canada.

[122] Shariff, S. & Rachel, G. (2006). *Cyber-dilemas: Gendered Hierarchies, Free Expression and Cyber-Safety in Schools*. McGill University, Canada.

[123] Цитирано во Tong, P., & An, I. S. (2024). Review of studies applying Bronfenbrenner's bioecological theory in international and intercultural education research. *Frontiers in Psychology, 14*, Article 1233925. https://doi.org/10.3389/fpsyg.2023.1233925

меѓусебна почит.[124] Секако дека тоа што се случува во домот не може да се спречи на училиште. Но, важно е училиштата да имплементираат добра превентивна политика со цел да им илустрираат на децата што значи виктимизација на нивен врсник на социјалните мрежи и какви штети и последици настануваат од неа.

## 1.4 Психолошки фактори кои се поврзуваат со виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи

Во литературата често се испитува поврзаноста помеѓу одредени психолошки карактеристики на децата и нивната изложеност на ризик од виктимизација на социјалните мрежи. Особено внимание се посветува на фактори како што се ниската самодоверба, депресијата, мислите за самоубиство, анксиозноста, чувството на тага, перцепцијата за себеси, како и искуствата од претходна виктимизација.

Според Соурандер и Климек, децата кои имаат емоционални и врснички проблеми се во поголем ризик да бидат вознемирени или малтретирани во дигиталниот свет Ризикот се зголемува кај оние деца кои се карактеризираат со слаба самодоверба, премногу висока или ниска емпатија, депресија и мисли за самоубиство, анксиозност, главоболки, абдоминални болки, тешкотии со спиење, мокрење во кревет и не се чувствуваат безбедно на училиште..[125]

Во склоп на емпириското истражување за овој магистерски труд беше испитувана врската меѓу одредени психолошки особини на децата и виктимизацијата на социјалните мрежи. Резултатите покажуваат на можна поврзаност меѓу некои психолошки состојби на децата (намалена самодоверба, депресија, анксиозност, тага) од една страна и ризикот од виктимизација од врсници на социјалните мрежи од друга.

### *1.4.1 Ниска самодоверба како ризик фактор за виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи*

Слабата самопочит кај децата доаѓа од две категории:

---

[124] Notar, C. E .,et al. (2013), *Cyberbullying: Resources for Intervention and Prevention, Universal Journal of Educational Research,* 1(3): 133-145, USA.

[125] Sourander, A., & Klomek, A. (2010). *Psychosocial Risk Factors Associated With Cyberbullying Among Adolescents*. In Xu, Y. (Ed.), *Archives of General Psychiatry*, American Medical Association, USA.

1. Социјалната изолираност која кај децата предизвикува страв да се поврзат со своите врсници доведува до негативна слика за себе си и ниска самопочит. Ниско ниво на самопочит е ризик фактор за виктимизација на децата, кое резултира со високо ниво на социјална вознемиреност (Јуберо и Мартинез, 2012, Јанг и други 2013; Гимети, Шреден и Лефанер 2014; Наваро).[126]Самопочитта е поврзана со емоциите што детето ги чувствува и сликата за себеси што си ја претставува (Шнидер и Лопез, 2009). Ниско ниво на самопочит, може да води до недостаток на верување во сопствените можности.[127]

2. Анксиозноста како карактеристика придонесува детето да има негативно чувство за себе, а сепак да има голема желба да се поврзе со врсниците. Децата кои се анксиозни често имаат проблеми со воспоставувањето соодветна врска со своите врсници, што доведува до состојба да имаат ниска или пак воопшто да немаат самопочит.

Ниското ниво на самопочит предизвикува несигурност кај детето, што влијае врз неговата самодоверба и довербата во другите. Поради ваквата несигурност, кај овие деца се зголемува можноста за споделување на приватни информации. Тие се во постојана трага за врсник со кој би можеле да се поврзат. Тартаковски (2014) објаснува дека непостоењето самопочит кај детето жртва, е последица од социјална неизграденост на детето, што може да е предизвик за децата кои извршуваат насилство на социјалните мрежи.[128] Само почитувањето е многу важно за време на адолесцентите денови на детето, кога идентитетот се оформува преку социјалните врски.

Теоријата на само детерминација, развиена од Деси и Рајан (1985), може да обезбеди важен контекст за разбирање на врската меѓу ниската самодоверба и виктимизацијата на социјалните мрежи. Според оваа теорија, самодовербата е клучен аспект на психолошката благосостојба и е поврзана со три основни психолошки потреби: автономија, компетенција и поврзаност. Децата со ниска самодоверба може да чувствуваат дека овие потреби не им се исполнети, што води до зголемена анксиозност и социјална изолираност.[129]Во контекст на социјалните мрежи, децата со ниска самодоверба може да ги користат социјалните мрежи како средство за компензација за недостигот од реални социјални врски. Кај децата кои имаат

---

[126] Цитирано во Garsia, D., Perez, J., Gonzalez, A., & Perez, C. (2014). *Risk factors associated with cybervictimization in adolescence*. In Sierra, H. C. (Ed.), *International Journal of Clinical and Health Psychology*, Granada.

[127] Цитирано во Garsia, D., Perez, J., Gonzalez, A., & Perez, C. (2014). *Risk factors associated with cybervictimization in adolescence*. In Sierra, H. C. (Ed.), *International Journal of Clinical and Health Psychology*, Granada.

[128] Цитирано во Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

[129] Deci, E. L., & Ryan, R. M. (2017). *Self-determination theory: Basic psychological needs in motivation, development, and wellness.* Guilford Press.

чувства дека се помалку значајни од другите деца, постои несигурност и потреба за внимание од другите деца, што дополнително го зголемува ризикот од виктимизација. Тие се во постојана потрага по потврда на својата вредност и може да бидат повеќе подложни на манипулации и малтретирање. Социјалните мрежи, иако нудат можност за поврзување и комуникација, исто така можат да станат алатка за експлоатација. Дополнително, ниската самодоверба може да создаде циклус на повторена виктимизација, во смисла на тоа дека жртвите се чувствуваат неспособни да се заштитат или да побараат помош, што ја влошува нивната психолошка состојба и ги прави уште поранливи на напади на социјалните мрежи. Овој циклус може да има долгорочни последици врз менталното здравје на децата и нивната способност да се интегрираат во општеството на здрав начин.

Голем број на истражувања покажале дека нивото на самопочит е значаен показател за учество во било која улога во насилството на социјалните мрежи (Андерсон и други, 2014; Ценат и други, 2014; Чанг и други, 2013; Кови, 2013; Ковалски и други, 2014). [130] Некои од истражувањата покажаа дека сајбер виктимизираните деца имаат пониска самодоверба (Хиндија и Патчин, 2010).[131] Истражување за однесувањето на децата на социјалните мрежи во 2013 година, со мал примерок од 95 тинејџери, покажало дека повеќе од половината (58%) ја користат социјалната мрежа Facebook. 73.3% од девојчињата и 71.4% од момчињата се карактеризирале со несигурност и ниска самопочит. Ваквите деца главно ги гледале социјалните мрежи како начин да избегаат од секојдневниот реален свет. Повеќето од нив, изјавиле дека им е тешко да воспостават личен контакт со другите деца и социјалните мрежи ги користат како алатка за комуникација со врсниците (Рао и Мадан, 2013). Децата со ниска самодоверба ги вреднуваат социјалните мрежи поради можноста да останат социјално поврзани. Функциите на ваквите мрежи за создавање виртуелни пријатели, примање и испраќање на пораки, споделување мислења, генерално постигнувале позитивни чувства кај децата (Шварц, 2012).[132]

---

[130] Цитирано во Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.
[131] Hinduja, S., & Patchin, J. W. (2010). Bullying, Cyberbullying, and Suicide. International Academy for Suicide Research;
[132] Цитирано во Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

### *1.4.2 Депресијата и мислите за самоубиство како ризик фактор за виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи*

Прашањето за депресијата и самоубиствените мисли како ризик фактори за виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи е загрижувачко и комплексно. Постои взаемната поврзаност помеѓу сајбер виктимизацијата и менталното здравје. Така, децата кои веќе се ранливи на депресија можат полесно да станат цел на сторителите, а искуството со виктимизацијата може, да ја продлабочи нивната депресија и чувство на изолација. Она што е особено загрижувачко, како анонимноста и достапноста на социјалните мрежи ги засилуваат овие ефекти. За разлика од традиционалните форми, сајбер виктимизацијата може да биде немилосрдна, без можност за бегство на жртвата, дури и кога се наоѓа во сигурен дом. Ова постојано изложување на негативност може да го наруши менталното здравје на детето со алармантна брзина. Понатаму, улогата на социјалните мрежи во формирањето на идентитетот за време на адолесценцијата не може да се игнорира. За многу деца, нивното присуство на интернет е тесно поврзано со самопочитта. Негативните интеракции на овие платформи, следствено, имаат непропорционално влијание врз нивното ментално здравје.

Истражувачите генерално се сложуваат дека депресијата може да биде последица од врсничко насилство кое децата го искусиле на училиште, но и ризик фактор. Ковалски и Лимбер (2013) во своето истражување утврдиле цврста врска на појавата што ја проучуваме со депресијата[133]

Во контекст на сето тоа, важно е да се разгледа когнитивната теорија за депресија. Според неа (Арон Бек), негативните мисловни обрасци или когнитивни искривувања играат клучна улога во создавање и развој на депресијата.[134] Децата кои имаат доживеано некакви негативни настани во својот живот, можат лично да се повредат кога врсниците им испраќаат негативни коментари, што доведува до искривена слика за самите себе. Тие можат да почнат да се гледаат себе си како безвредни или бескорисни, што ги потхранува чувствата на депресија и безнадежност. Ваквите негативни чувства можно е да го зголемат ризикот бидејќи овие деца може да се чувствуваат помалку способни да се одбранат од сајбер нападите.

---

[133] Kowalski, R., & Limber, S. (2013). *Psychological, Physical, and Academic Correlates of Cyberbullying and Traditional Bullying*. *Journal of Adolescent Health*, 53(1 Suppl): S13-20;

[134] Цитирано во Allen, J. P. (2003). An overview of Beck's cognitive theory of depression in contemporary literature. *Rochester Institute of Technology*.

Социјалните мрежи денес се користат како врска преку која сторителите успеваат да ги вознемират своите врсници со понижување, малтретирање, агресии итн. Негативното искуство на социјалните мрежи може да доведе до самоубиство на децата, денес познато како сајбер самоубиство (Каш и други, 2013). Месиас (2014), во својата студија со примерок од 15.425 тинејџери покажала дека од тинејџерите кои изјавиле дека биле виктимизирани, 14.7% постојано чувствувале депресија и размислувале како би изгледало самоубиството.[135] Во испитување на изјавите на младите на социјалните мрежи за сајбер самоубиството од страна на Каш (2013) биле земени предвид 1.038 содржини кои биле објавени на јавни профили користени од тинејџери. Наодите од ова истражување откриваат дека младите ги доживуваат нивните самоубиствени идеи поради негативни искуства со личните врски, користење на дроги и супстанции, комплицирано ментално здравје, како и сајбер виктимизирање од врсници.[136] Преку изразувањето на самоубиствените идеи, младите можеби бараат поддршка од публиката на социјалните мрежи за да се справат со тешкотиите во нивниот живот. Научниците забележуваат дека на социјалните мрежи, жртвите можат да пронајдат идеи за начини на вршење самоубиство и примери на други врсници кои веќе се самоубиле. Сето тоа може да има ефект кај младите да се зацврсти идејата за самоубиство и истата да се реализира, познат како Ветеров ефект.[137] Рудер и други истражувачи (2011), се обиделе да го теоретизираат начинот на кој младите комуницираат за самоубиствени идеи на Facebook. Тие покажале дека често пати кога младите ќе ја изразат својата самоубиствена идеја, врсници од нивната мрежа на пријатели се обидувале превентивно да делуваат истата да се спречи. Затоа, некои истражувачи се согласуваат дека социјалните мрежи во поглед на самоубиствените идеи кај младите можат да делуваат и превентивно.[138]

### *1.4.3 Емпатијата како ризик фактор за виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи*

Емпатијата се опишува како можност за една личност да се поврзе со друго човечко битие, односно да може да се стави на местото на другата личност и да ги разбере нејзините потреби и желби (Марк Х. Давис, 1980). Емпатијата, како способност да се разберат

---

[135] Цитирано во Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.
[136] Цитирано во Hong, D., & Ranney, J. (2014). *Social media as a vector for youth violence*. In Guitton, M. (Ed.), *Computers in Human Behavior*, (pp. 548-553), Elsevier, Amsterdam.
[137] Tchounwou. B. P (2021), The Werther Effect, the Papageno Effect or No Effect? A Literature Review
[138] Цитирано во Hong, D., & Ranney, J. (2014). *Social media as a vector for youth violence*. In Guitton, M. (Ed.), *Computers in Human Behavior*, (pp. 548-553), Elsevier, Amsterdam.

чувствата на друга личност и да се споделат чувства со друга личност, игра комплексна улога во динамиката на социјалните интеракции, вклучувајќи ги и оние на социјалните мрежи. Постојат две категории на емпатија и тоа:

1. Афективна емпатија, во која се вбројуваат чувства и сензации кои личноста ги доживува како одговор на емоциите што ги гледа кај другата личност. Оваа форма на емпатија вклучува согледување на емоциите на другите. На пример, детето кое чувствува стрес кога ќе забележи дека друго дете е анксиозно, покажува афективна емпатија.
2. Когнитивна емпатија, која е слична, но не иста со афективната емпатија. Овде се вбројува покажување на емоционална реакција, односно укажување на сочувство и разбирање за проблемот на другото лице.[139]

За децата кои ги виктимизираат другите деца на социјалните мрежи, голем дел истражувања потврдуваат дека имаат ниска емпатија (Аловеј и други, 2014; Глесон, 2014; Келан, 2012; Лазурас и други 2013).[140] Но кога станува збор за децата жртви, мислењата на истражувачите се поделени. Дел од нив се сложуваат дека жртвите се одликуваат со висока емпатија и силно чувство на  осаменост (Ваш, 2012).[141]

Се смета дека децата со висока емпатија имаат поголема веројатност да бидат сајбер виктимизирани затоа што се перципираат како почувствителни, што ги прави полесна цел за сторителите. Ова е можеби повеќе точно за девојчињата, кои се смета дека изразуваат повеќе емпатија за разлика од момчињата и затоа можат да бидат поранливи на виктимизација од врсниците (Петалиа други, 2013).[142]

Високата емпатија укажува на сериозно, мотивирано и организирано дете, кое најчесто има добри постигнувања на училиште. Другите деца често завидуваат на ваквите успеси и може да ги таргетираат овие личности за да ги вознемируваат во сајбер просторот. (Петалија, 2013)[143]

Спротивно на ова, истражувањето на Топци и Ердур Бакер (2012) каде учество зеле 795 тинејџери (13-18 години), покажало дека тинејџерите кои се одликуваат со ниска

---

[139] Цитирано во Thompson, N. M., van Reekum, C. M., & Chakrabarti, B. (2022). Cognitive and affective empathy relate differentially to emotion regulation. *Affective Science, 3*(118-134).

[140] Цитирано во Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

[141] Цитирано во Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

[142] Цитирано во  Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

[143] Цитирано во  Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

емпатија имаат поголема можност да бидат виктимизирани.[144] Некои истражувачи претпоставуваат дека ниската емпатија на детето е ризик фактор за сајбер виктимизација, бидејќи децата со високо развиена совест, повеќе внимаваат на приватните информации кои ги споделуваат на социјалните мрежи и со тоа кај нив ризикот се намалува (Родригез-Енрикез и други, 2019).[145]

Иако емпатијата генерално се смета за позитивна карактеристика која поттикнува социјална кохезија и морално однесување, таа исто така може да ги направи децата поранливи во дигиталниот свет. Децата со висока емпатија може повеќе да страдаат од емоционални последици доколку доживеат негативни искуства на интернет. Тоа пак може да доведе до зголемена анксиозност, депресија и социјална изолација.

### *1.4.4 Сликата за себеси како ризик фактор за виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи*

Тинејџерите минуваат во еден посебен период на развој во кој се соочуваат со огромни промени, пред сѐ од физички карактер. За секој тинејџер многу е важно како се прикажува пред другите деца и како тие го доживуваат. Во оформувањето на идентитетот на тинејџерот, врсниците играат голема улога. Сликата што тие ја имаат за него, станува дел од сликата што самите си ја создаваат за себе. А мислењето за себе понатаму влијае на други особини, како на пример самодоверба, самопочит, храброст, амбициозност итн. Негативната слика на врсниците за едно дете, може да влијае тоа дете да ја прифати таа слика за себе си. Додека пак, негативната слика за себе придонесува за оформување на голем број ризик фактори за виктимизација на детето на социјалните мрежи како што се ниско ниво на самодоверба, немање самопочит, депресија, социјална изолација, повлеченост па дури и мисли на самоубиство.

Односот меѓу сликата за себе и сајбер виктимизацијата е критична тема која развојната психологија ги поврзува со динамиката на однесувањето на тинејџерите. Така, прашањето за сликата за себеси како ризик фактор е сложено. Од една страна, социјалните мрежи им нудат на адолесцентите платформи за самоизразување и социјална поврзаност, што се клучни за развојот на идентитетот во денешно време. Од друга страна, тие може да бидат

[144] Цитирано во Rodriguez-Enriquez, M., et al. (2019). *Cybervictimization among secondary students: Social networking time, personality traits, and parental education*. *BMC Public Health*, 19(1).

[145] Rodriguez-Enriquez, M., et al. (2019). *Cybervictimization among secondary students: Social networking time, personality traits, and parental education*. *BMC Public Health*, 19(1).

извор на значителна психолошка штета доколку се искористени за извршување на вознемирување или малтретирање.

Теоријата на социјална споредба на Леон Фестингер наоѓа тука примена.. Според оваа теорија, поединците ја одредуваат својата социјална и лична вредност споредувајќи се со другите.[146] На социјалните мрежи, оваа споредба децата често ја прават со идеализирани слики на врсниците, што кај тинејџерите води до негативни чувства за себе. Кај адолесцентите, особено оние со ниска самодоверба или лоша слика за своето тело, ваквите споредби можат да придонесат за чувства на инфериорност и да ги направат повеќе ранливи на појавата.

Адолесценцијата е период обележан со значајни физички, емоционални и психолошки промени. Теоријата на психосоцијален развој на Ерик Ериксон сугерира дека примарната задача на адолесценцијата е формирање на идентитетот.[147] Во текот на овој период, тинејџерите се многу чувствителни на тоа како ги перципираат врсниците, а повратните информации од врсниците играат клучна улога во обликувањето на сликата за себеси. Социјалните мрежи, кои станаа централна платформа за социјална интеракција меѓу адолесцентите, ја зголемуваат важноста на перцепциите на врсниците. Позитивното засилување на овие платформи може да ја зголеми самодовербата, додека негативни коментари и реакции насочени кон потенцијалната жртва можат да доведат до искривена слика за себеси. Во тоа објаснување на поврзаноста меѓу сликата за себе и ризикот од сајбер виктимизација може да се примени и концептот на Роберт Мертон (Self-fulfilling prophecy). Ваквиот концепт, Мертон го објаснува како психолошки и социолошки феномен во кој очекувањето или уверувањето на поединецот или групата за една ситуација, лице или настан доведува до дејства кои го предизвикуваат токму тоа очекување.[148] Адолесцентите кои развиваат негативна слика за себе можат да започнат да веруваат дека го заслужуваат малтретирањето што ја доживуваат. Така, на пример, тинејџер кој се доживува себе како непривлечен може да избегнува социјални ситуации за да не се чувствува непријатно. Ваквите реакции дополнително социјално ги изолираат жртвите..

Сликата за телото е значајна компонента на сликата за себе за време на адолесценцијата. Дел од истражувањата покажале дека тинејџерите кои се незадоволни од својот физички изглед имаат поголема веројатност да доживеат сајбер виктимизација. Ова е

---

[146] Social Comparison Theory Reviewed by Psychology Today Staff, достапно на https://www.psychologytoday.com/us/basics/social-comparison-theory

[147] Цитирано во Bishop, C., & Trini. (2013). Psychosocial stages of development. In *Encyclopedia of Clinical Neuropsychology*.

[148] Цитирано во *R. Rosenthal (2012),* Self-Fulfilling Prophecy, *Encyclopedia of Human Behavior (Second Edition), достапно на https://www.sciencedirect.com/topics/psychology/self-fulfilling-prophecy*

особено точно за оние со прекумерна тежина, бидејќи општествените стандарди често ја стигматизираат дебелината (Десмет и други, 2014; Андерсон, Брешнан и Мусатикс, 2014).[149]Постојаната изложеност на идеализирани телесни типови на социјалните мрежи, кај децата може да придонесе за ниска самодоверба и зголемен ризик од сајбер виктимизација.

Во таа смисла добар дел од истражувањата се фокусираат за ефектот на дебелината на детето(Десмет и други, 2014; Андерсон, Брешнахан и Мусатикс, 2014).[150] Ваквите истражувања покажале дека тинејџерите со прекумерна тежина се 2.5 пати повеќе виктимизирани, за разлика од оние кои се со нормална тежина. Децата кои се виктимизирани поради дебелината страдаат од психолошки проблеми, не им се допаѓа нивниот изглед и имаат зголемени мисли за самоубиство и често се експонирани на манипулативни пораки. Иако поголем број од набљудувачите на виктимизацијата најчесто ја поддржувале жртвата и давале позитивни коментари за неа, сепак дел од корисниците (најчесто врсниците) се согласуваат и се придружуваат на непристојните навреди на жртвата (Андерсон и други, 2014). Ваквите напаѓања на детето жртва, насочени кон неговиот изглед и тело, влијаат за создавање на негативна слика на жртвата за себе и честопати, таа се доживува, како дете со прекумерна или помала тежина од нормалата, физички непривлечна, недоволно интелигентна спрема нејзините врсници итн.[151]

Истражувањето на Фрисен, Берне и Лундер, (2014) во Германија, кое вклучило 1.076 деца (10-15 години) покажало дека децата кои биле жртви страдале од ниска самодоверба кога била во прашање сликата за своето тело. Тие не биле задоволни со тоа како изгледале. Притоа девојчињата, за разлика од момчињата почесто биле навредувани поради нивниот изглед. Девојчињата често добивале коментари дека се дебели. Момчињата, најчесто добивале навредливи коментари дека изгледаат како хомосексуалци. Тигерман и Слатер (2013), во истражување кое опфатило 1.087 тинејџери (13-15 години) покажале дека зголеменото време минато на социјалната мрежа Facebook влијае на корисниците со зголемено оптоварување за физичкиот изглед, особено кај девојчињата. Како последица од ова, голем дел од девојчињата  на слики се обидувале да го покажат своето тело и притоа постојано се грижеле да изгледаат слаби. Често, ваквите слики биле непристојни каде децата биле полу разголени.[152]

---

[149] Цитирано во Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

[150] Цитирано во Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

[151] Цитирано во Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

### *1.4.5 Претходна виктимизација како ризик фактор за виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи*

Концептот на претходна виктимизација како ризик фактор е во согласност со некои принципи од теоријата на социјално учење. Децата кои биле претходно виктимизирани можат несвесно да моделираат однесување што го зголемува ризикот. На пример, детето може да развие пасивен став кон виктимизацијата, а таквото однесување може да ги поттикне сторителите повторно да го нападнат.

Поединците кои доживеале негативно искуство на социјалните мрежи, можно е да се во поголем ризик поради неколку фактори:

- Зголемена анксиозност и страв: Претходната виктимизација може да доведе до зголемена анксиозност и страв. Оваа зголемена состојба на будност може да ги спречи децата да стапат во социјалните интеракции, вклучувајќи ги и интеракциите на социјалните мрежи.
- Ниска Самопочит: Децата кои веќе еднаш веќе искусиле некаква форма на малтретирање на социјалните мрежи, може да развијат ниско самопочитување и негативна перцепција за себеси. Оваа само перцепција може да влијае на нивната комуникација со другите деца и може да ги направи поранливи.
- Ризично однесување: Ваквите деца може да покажат однесувања што привлекуваат дополнително внимание. Тие може да се повлечат и социјално да се изолираат, како резултат на тоа што им се случило, а а изолацијата пак може да влијае на зголемен ризик. [153]

Ваквите ситуации можат да создадат лавиринт, каде децата стануваат повторна цел на сторителите. Децата кои еднаш доживеале виктимизација од врсници на социјалните мрежи, често се загрижени дека нивните претходни искуства ќе се повторат. Овој страв може да доведе до прекумерната претпазливост. Присуството на страв при социјална комуникација може да направи децата погрешно да интерпретираат некои интеракции како заканувачки, што доведува до дополнителна анксиозност. Некои деца може да се изолираат од социјалните интеракции на социјалните мрежи, а тоа може да ги ослабне добро изградените врски кои веќе ги имаат и да поттикне чувства на осаменост и депресија.

---

[152] Цитирано во Alim, S. (2016). Cyber*bullying in the World of Teenagers and Social Media. In* Bouzaida, M. N. (Ed.), Inter*national Journal of Cyber Behavior, (pp*. 68-86), USA.

[153] Kowalski, R. M., et al. (2014). *Bullying in the digital age: A critical review and meta-analysis of cyberbullying research among youth. American Psychological Association*, Massachusetts;

Според некои истражувачи претходната виктимизација на децата е фактор на ризик кој е најблизок до нивната виктимизација на социјалните мрежи. (Алварез-Гарсија и други, 2011, Рунионс, Шапка, Доли и Модески, 2013,). Претходно виктимизираните деца, особено оние кои биле жртви на врсничко насилство, имаат поголема можност да бидат сајбер виктимизирани. (Дел Реј, Елипе и Ортега- Руиз, 2012; Ковалски и други 2014; Модецки и други 2014).[154] Ранда (2013) во истражување со примерок од 3.500 тинејџери (12-18 години) наиде на позитивна врска меѓу овие појави. Истражувањето покажало дека оние деца кои искусиле некаква форма на малтретирање , постојано живеат во страв дека тоа ќе продолжи во сајбер просторот.[155]

## 1.5. Семејни фактори кои се поврзуваат со виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи

За зголемениот ризик од виктимизација на социјалните мрежи придонесуваат повеќе семејни фактори, кои имаат клучна улога во оформувањето на однесувањето на децата и нивната подложност на негативни искуства на интернет. Еден од најважните фактори е слабата комуникација меѓу децата и родителите. Кога тие немаат добра и честа комуникација, децата може да се чувствуваат изолирани и неразбрани. Недостигот на отворен и искрен дијалог може да резултира со тоа децата да се двоумат да ги споделат своите искуства од социјалните мрежи, вклучително и оние негативните, како што е сајбер виктимизацијата. Родителите, пак, може да останат неинформирани за она што се случува со нивните деца на социјалните мрежи, што дополнително го зголемува ризикот. Понатаму, недостигот на меѓусебна поддршка и доверба во семејството е исто така значаен фактор. Кога семејната средина не обезбедува емоционална поддршка и разбирање, децата се склони да бараат таква поддршка и прифаќање од своите врсници, па дури и од непознати лица на социјалните мрежи. Во овие ситуации, децата стануваат поподложни на манипулации и злоупотреба. Друг фактор се ладни меѓу семејни односи. Кога во семејството недостасува блискост и емоционална поврзаност, децата можат да се повлечат и да бараат комфор и прифаќање во сајбер просторот. Ваквите односи во семејството можат да ја намалат способноста на детето да препознае опасни ситуации онлајн соодветно да реагира на нив. Понатаму,

[154] Цитирано во Garsia, D., Perez, J., Gonzalez, A., & Perez, C. (2014). *Risk factors associated with cybervictimization in adolescence*. In Sierra, H. C. (Ed.), *International Journal of Clinical and Health Psychology*, Granada.

[155] Цитирано во Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

ограничувањето на времето минато на социјалните мрежи може да има двоен ефект. Од една страна, ограничувањето може да биде корисно ако е придружено со објаснување и едукација за правилната употреба на интернетот. Од друга страна, ако ограничувањето е наметнато без објаснување или ако е премногу ригорозно, тоа може да доведе до бунт кај децата, кои ќе бараат начини да го заобиколат надзорот, креирајќи лажни профили или користејќи уреди без знаење на родителите. Ова, може да ги изложи на уште поголеми опасности. Дополнително намалениот надзор од страна на родителите врз активностите на децата игра значајна улога во зголемувањето на ризикот од виктимизација, бидејки кога родителите не ги следат активностите на нивните деца на интернет, тие не можат да ги идентификуваат потенцијалните ризици на кои се изложуваат.

### *1.5.1 Односите во семејството како ризик фактор за виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи*

За да се воспостави позитивна атмосфера во семејството, каде децата ќе имаат чувство дека можат во било кое време да побараат помош и поддршка, потребно е родителите да разговараат со нив секој ден. Тие треба да ги охрабрат да зборуваат со нив за својот социјален живот. Ако се воспостави ваква семејна клима во која детето отворено ќе може да зборува со своите родители за некои прашања и притоа ќе добива информации и одговори од нив, многу е веројатно дека тоа ќе биде запознаено со појавата на виктимизација на социјалните мрежи, негативните последици од неа и начините за нејзино избегнување. Исто така, во ваквите семејства, многу е веројатно дека доколку се случи некаков немил настан, родителите ќе бидат први кои ќе дознаат за тоа. Позитивната клима на отворена комуникација во семејството, дава можност децата уште од мали нозе да се информираат за начините на избегнување на потенцијалните ризици. Така, децата ќе знаат веднаш што да прават доколку искусат негативни ситуации во сајбер просторот. Родителите треба да им дадат до знаење дека не е нормално да бидат вознемирувани на интернет. Потребно е да им го ограничат времето кое децата го минуваат онлајн и да ги поставаат компјутерите на видливи места, како на пример во дневната соба или пак во кујната.[156]

Одредени студии укажуваат дека мнозинството од родителите на деца од 9-16 години преферираат повеќе да разговараат со децата за сигурноста на социјалните мрежи, отколку да му прават постојано контрола на детето што прави на интернет. Родителите повеќе време за

---

[156] Childnet International.(2016), Cyberbullying: Understand, prevent and respond – Guidance for schools, UK.

едукација во однос на интернетот минуваат со помалите деца, а помалку со постарите. Девојчињата примаат почесто совети за користењето на социјалните мрежи, за разлика од момчињата. Детето растено во семејство каде родителите не се информираат за користа и ризиците кои ги нуди интернетот е во поголем ризик да биде сајбер виктимизирано. Ризикот се зголемува со недоволна комуникација. Одбегнување на родителите да му помогнат на детето да се справи со социјални притисоци на социјалните мрежи е дополнителен ризик фактор.[157]

Сасон и Меш, (2014), го истражуваа односот меѓу тинејџерите и родителите кај адолесцентите во Израел и поврзаноста на овој однос со ризичното однесување на социјалните мрежи. Резултатите покажале дека преголема рестриктивност, недоволна комуникација и непознавање на технологијата од страна на родителите, може да резултира со ризично однесување на социјалните мрежи кај детето тинејџер и зголемување на можноста да биде виктимизирано  (Никен и Де Граф, 2013). [158]

Од Европските земји, најмал процент на виктимизирани деца има во државите каде процентот на семејства со добри односи бил најголем. Така најголем процент од децата од Велика Британија и Ирска, живееле во семејства со отворена комуникација. Во Белгија, Италија и Данска, родителите најмалку се ангажирале да им дадат совети на децата за користењето на социјалните мрежи. Притоа, родителите на 11-16 годишните во Европа, преферирале рестриктивни форми на справување со ризичното однесување  (исклучување на детето од социјалните мрежи) отколку медитативна форми (охрабрување, сугерирање, помагање, разговарање). Исклучок од ова е советот кој родителите често им го давале на своето дете да не споделува приватни информации на социјалните мрежи.[159] Во контекст на горенаведените истражувања се и резултатите од спроведеното емпириското истражување за овој труд. Согласно добиените резултати, децата кои повремено имаат нарушени односи со своите родители имаат поголем ризик да бидат вознемирени на одредени начини на интернет. Тоа значи дека односите во семејството играат значајна улога во развојот на детето и неговата способност да се справува со предизвиците. Децата растени во семејна средина каде нема добра комуникација меѓу децата и родителите веројатно се во поголем ризик да бидат виктмизирани на социјалните мрежи. Ваквите наоди може да се објаснат со теоријата на

---

[157] Livingstone, S., Mascheroni, G., & Ólafsson, K. (2014). *Children's online risks and opportunities: Comparative findings from EU Kids Online, Net Children Go Mobile*. London, England.

[158] Цитирано во  Apostolides, A. (2017). *Cyber bullying: Child and youth spirituality*. University of South Africa.

[159] Цитирано во  Livingstone, S., Mascheroni, G., & Ólafsson, K. (2014). *Children's online risks and opportunities: Comparative findings from EU Kids Online, Net Children Go Mobile*. London, England.

социјално учење. Така, во семејната средина, родителите и старателите се примарни модели за децата. Начините на кои родителите се справуваат со предизвиците, како комуницираат и како ги изразуваат своите емоции, децата ги набљудуваат и имитираат. Ако родителите покажуваат грижа за начинот на кој нивните деца се однесуваат на социјалните мрежи, и комуницираат со нив за безбедна употреба на интернетот, децата најверојатно ќе ги усвојат овие однесувања и размислувања и ќе се обидат безбедно да ги користат социјалните мрежи. Од друга страна, ако родителите не покажуваат грижа за однесувањето или се рамнодушни кон безбедноста на интернетот, децата може да создадат мислење за интернетот како безбедно место каде можат да прават што сакаат, а со тоа се зголемува нивниот ризик од виктимизација. Во семејства каде родителите одржуваат отворена комуникација со своите деца за активностите на социјалните мрежи, децата имаат знаење за безбедно користење на интернетот. Оваа активност на родителите може да го намали ризикот од онлајн вознемирување преку создавање силна, доверлива врска со нивните деца, поради која децата би се чувствувале удобно да побараат помош доколку им е потребна. Истовремено, комуникативна семејна средина може да обезбеди емоционална сигурност кај тинејџерите, а тоа им помага да развијат отпорност против заканите на социјалните платформи.

Теоријата за приврзаност, дополнително нагласува дека силната емоционална врска меѓу детето и родителот е клучна за развој на доверба и чувство на безбедност.[160] Доколку оваа врска е нарушена, детето може да биде повеќе ранливо на секакви надворешни стресови.

Еколошкиот модел на Бронфенбренер сугерира дека различни системи и околини во кои расте детето, вклучувајќи го и семејството, имаат значајно влијание врз неговиот развој.[161] Семејството е нај непосредната средина за детето и ги обликува неговите секојдневни искуства и развој. Ако во оваа средина нема топлина, комуникација и поддршка, детето може да ја бара ваквата поврзаност во надворешниот свет, но и во виртуелниот свет.

Родителите треба да бидат проактивни во следењето на активностите на своите деца на социјалните мрежи, но на начин кој нема да биде премногу рестриктивен и нема да ја наруши довербата кај децата. Родителите треба да се стремат кон едукација и поддршка на нивните деца, со цел децата да развијат критичко размислување и свесност за потенцијалните опасности на интернет. Доколку децата кои доаѓаат од семејства каде нема блиски односи се

---

[160] Serene, C. H. (2011). *A review of attachment theory in the context of adolescent parenting. J Pediatr Health Care*, 25(2), 114–121.

[161] Цитирано во Tong, P., & An, I. S. (2024). Review of studies applying Bronfenbrenner's bioecological theory in international and intercultural education research. *Frontiers in Psychology, 14*, Article 1233925. https://doi.org/10.3389/fpsyg.2023.1233925

во поголем ризик да доживеат вознемирувачки ситуации онлајн, од суштинско значење е родителите да вложат напори за изградба на блиски и доверливи односи со своите деца. Ова може да се постигне преку секојдневни разговори, заедничко време и активно учество во животот на детето.

### *1.5.2 Недоволен надзор врз децата од страна на родителите како ризик фактор за виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи*

Родителите играат голема улога во спречување на виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи преку поставување ограничувања за пристап до интернет според возраста на детето. Често испитуван фактор е контролата и надзорот од страна на родителите за користење на социјалните мрежи. Детето кое нема надзор од родителите веројатно е во поголем ризик да биде сајбер виктимизирано.

Според некои студии, надзорот влијае да се намали импулсивноста на детето (Куртз и Завала 2017). Импулсивноста може да биде позитивно поврзана со ризичното однесување на детето на социјалните мрежи. Адолесцентите кои се импулсивни, често минуваат многу време на интернет и дел од нив може да се однесуваат проблематично на социјалните мрежи. Сето ова може да ги доведе до ситуации во кои ке бидат вознемирени или малтретирани на социјалните мрежи. Не постојат сигурни докази, но соодветен родителски надзор над активноста на детето на интернет, се смета дека може да биде заштитен фактор. Одредени истражувања дошле до заклучоци дека родителите на децата кои не биле виктимизирани на социјалните мрежи, секојдневно вршат надзор над нивните активности на интернет, за разлика од оние родители чии деца се виктимизирани (Меш, 2009).[162] Сепак, одредени истражувањата покажуваат различни резултати. Тоа сугерира дека кај различни семејства функционираат различни превентивни пристапи. Затоа, родителите треба да ги приспособат своите стратегии врз основа на возраста, зрелоста и индивидуалните потреби на детето. Некои студии утврдиле негативна врска меѓу виктимизираноста на социјалните мрежи и надзорот од родителите (Курана и други 2015).[163] Други студии пак, утврдиле мала, незначителна врска (Мишна и други 2012). Во контекст на ова се и резултатите од

[162] Цитирано во Garsia, D., Perez, J., Gonzalez, A., & Perez, C. (2014). *Risk factors associated with cybervictimization in adolescence*. In Sierra, H. C. (Ed.), *International Journal of Clinical and Health Psychology,* Granada.

[163] Цитирано во *Álvarez-García, D., and others. (2019). The Effect of Parental Control on Cyber-Victimization in Adolescence: The Mediating Role of Impulsivity and High-Risk Behaviors*. Frontiers in Psychology.

емпириското истражување за потребите на овој труд  кои покажуваат дека намалениот надзор при користењето на социјалните мрежи од страна на родителите врз децата, не го зголемува ризикот од виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи. Трета група на истражувања покажале позитивна корелација на овие појави (Алварез-Гарсија и други 2015; Сасон и Меш, 2017; Рајт и Ваш, 2018).

## 1.6. Технолошки фактори кои се поврзуваат со виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи

Достапноста на социјалните мрежи стана секојдневен дел од животот на децата. Преку нив, децата можат да комуницираат со врсниците, брзо да пристапуваат до информации, да стекнуваат нови знаења и да останат во допир со роднини и пријатели.[164]Меѓутоа, поради нивна зголемена употреба, децата може конструктивните однесувања да ги заменат со деструктивни.[165] Некои деца, зголемената употреба на социјалните мрежи може да ги доведе до зависност.. Оваа зависност се манифестира преку потребата за постојано проверување на профилите, комуникација со врсниците или пребарување на нови содржини. Зависноста не само што го нарушува секојдневниот живот и училишните обврски, туку и ја зголемува ранливоста и изложеноста на штетни содржини.[166] Истовремено таа може да го попречи развојот на основните социјални вештини кај децата, како што се способноста за ефективна комуникација лице-в-лице, решавање на конфликти и емоционална интелигенција. Ова може да ги направи децата помалку подготвени да се справат со предизвици во реалниот и во виртуелниот свет.[167]

### *1.6.1 Зачестеното користење на интернет и ризикот за виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи*

Интернетот нуди вредни можности за учење и социјализација, но ризиците што ги носи не смеат да се игнорираат. Потребен е балансиран пристап кој комбинира едукација, надзор и мерки за заштита за да се заштитат децата од потенцијалните штети од

[164] Lenhart A, Smith A, Anderson M and others. (2015). . *Teens, technology & friendships: Video games, social media, and phones play an integral role in how teens meet and interact with friends*. *Pew Research Center*;

[165] Wendy Craig, Ph.D., et al. (2020). *Social Media Use and Cyber-Bullying: A Cross-National Analysis of Young People in 42 Countries*. *Journal of Adolescent Health*, pp. 100-108.

[166] Kuss, D. J., & Griffiths, M. D. (2017). Social Networking Sites and Addiction: Ten Lessons Learned. International Journal of Environmental Research and Public Health, 14(3), 311.

[167] Turkle, S. (2015). *Reclaiming Conversation: The Power of Talk in a Digital Age.* Penguin Press.

прекумерната употреба на социјалните мрежи. Врската меѓу зачестеното користење на социјалните мрежи и ризикот од доживување негативни ситуации е критично прашање кое бара се поголемо внимание од родителите, училиштата и заедницата. Денешните деца растат во свет каде што онлајн интеракциите се природен дел од нивниот секојдневен живот. Сепак, сето тоа доаѓа со нови начини на виктимизација кои се разликуваат од традиционалните форми. [168]

Загрижувачки е како минувањето повеќе време на социјалните мрежи може да претставува ризик за доживување негативно искуство. Децата може да почнат да гледаат на вознемирувањето на социјалните мрежи како нормална појава. (Касас и други, 2013). Кај некои деца зависноста од интернетот е во корелација со некои психолошки карактеристики на децата. Ваквите деца често патат од депресија, анксиозност, осаменост и мисли за самоубиство, а сето тоа само по себе е зголемен ризик (Ко и други, 2014). Кај децата кои минуваат долго време на интернет се појавува опсесивност кон употребата на социјалните мрежи, а поради нивно зачестено користење децата знаат да се впуштат во ризични однесувања. Така на пример, многу од децата кои минуваат долго време на социјалните мрежи ги кажуваат лозинките на своите врсници (Мишна и други, 2012).[169]

Врската помеѓу зачестеното користење на интернетот и ризикот за сајбер виктимизација може да се разбере преку теоријата на социјално учење. Децата, се изложени на различни влијанија, и позитивни и негативни. Колку повеќе време минуваат на социјалните мрежи, поголеми се шансите да видат некое ризично однесување. Доколку често онлајн гледаат ризични однесувања (објавување непристојни слики, комуникација со непознати лица), постои можност да почнат таквите однесувања да ги гледаат како прифатливи, а тоа води до зголемен ризик.

Во истражувањето на Гуан и Субрахмануам (2009), се дошло до заклучок дека децата кои минуваат повеќе часови онлајн имаат поголема шанса да бидат таргетирани од деца кои сакаат да ги исмејуваат другите. Хиндуџа и Патчин (2012), сметаат дека, кај децата со зголемување на бројот на дневните часови минати на интернет се зголемува можноста за конфликти, што доведува до емоционални проблеми и проблеми во однесување. Затоа, колку повеќе време минуваат на интернет, толку е поголема шансата да се напаѓаат и малтретираат меѓу себе.[170]

---

168 Adebayo, D. O., et al. (2020). *Relationship between Demographic Factors and Undergraduates' Cyberbullying Experiences in Public Universities in Malaysia*. *International Journal of Instruction*, 13(1): 901-914.

169 Цитирано во Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

170 Цитирано во Peterson, J., & Densley, J. (2017). *Cyber violence: What do we know and where do we go from here? Aggression and Violent Behavior*, multidisciplinary journal, pp. 193-200.

Во истражувањето во Малезија во 2019/2020 година, на примерок од 400 деца, резултатите покажале дека 3.3% од учесниците минуваат помалку од еден час дневно на социјалните мрежи, 26.5% минуваат од 1-3 часа, 34.5% минуваат од 4-6 часа, а 35.8% минуваат над шест часа дневно на социјалните мрежи. Лиу (2015), во истражување на примерок од 1.493 деца, утврдил дека адолесцентите минуваат 19-68 часа на интернет во неделата, што во просек е околу 6.5 часа дневно. Испитаниците кои минувале долго време на интернет се изјасниле дека го сметаат животот како досаден и депресивен.[171] Ова проблематично однесување на социјалните мрежи, може да доведе до ревиктимизација.[172]

За разлика од претходните наоди, резултатите од емпириското истражување спроведено во рамките на овој труд укажуваат дека веројатно не постои значајна поврзаност помеѓу времето поминато на интернет и социјалните мрежи и ризикот од виктимизација. Резултатите не покажаа ни поврзаност помеѓу појавата која се испитува и зачестеното постирање онлајн. Според добиените податоци, зголемувањето на времето поминато на социјалните мрежи, не доведува до зголемен ризик од виктимизација.

### *1.6.2 Ризични однесувања на децата како ризик фактор за виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи*

Секоја активност која ја презема детето на социјалните мрежи, со која открива податоци за себеси на познати и непознати лица, остава дигитална трага која може да биде злоупотребена за најразлични цели. Затоа, децата кои имаат кориснички профили пред да пристапат на истите, треба да знаат која е границата на споделување на информации со другите корисници, а особено со оние кои не ги познаваат.[173]Личноста на детето, контролата од родителите и неговата едукација се фактори кои влијаат на неговото однесување онлајн (Лиу, Анг и Лин., 2013).[174] Проблематичното однесување на детето на социјалните мрежи, како на пример давање некому лична лозинка, објавување приватни информации, објавување непристојни фотографии и коментари, комуникација со непознати лица итн., се околности кои често се поврзуваат со виктимизација на децата (Валваре и Хеирман, 2011; Мишна и

171 Adebayo, D. O., et al. (2020). *Relationship between Demographic Factors and Undergraduates' Cyberbullying Experiences in Public Universities in Malaysia*. *International Journal of Instruction*, 13(1): 901-914;

172 Rodriqiez-Enriquez, M and others.(2019), Cybervictimization among secondary students: social networking time, personality traits and parental education, *BMC Public Health* 19(1)

173 Цеков, А. (2019). *Водич за сајбер безбедност на децата во домот и училиштето*. Проект на Европска Унија, Скопје.

174 Liu, C., Ang, R.P. and Lwin, M.O. (2013) Cognitive, Personality, and Social Factors Associated with Adolescents' Online Personal Information Disclosure. Journal of Adolescence, 36, 629-638.

други 2012; Наваро и Јуберо, 2012.).[175]Профилот кој дава јавни информации за карактеристиките на сопственикот и контакт број, е изложен на потенцијален ризик. Изложените информации сторителите ги гледаат како материјал кој го користат за да се закануваат на жртвите, да ги исмејуваат, да ги навредуваат, да им ги преземат профилите или да им испраќаат непријатни пораки (Стакстун, Олавсон и Ливингстон, 2014).[176]

Некои содржини можат да ги повредат децата кои и да им нанесат емоционална болка поради специфичноста на нивната возраст, сфаќања или убедувања. Такви содржини се: порнографија и друг сексуален материјал; експлицитни фотографии поврзани со насилство, на кои се прикажани тешки телесни повреди и починати лица; оружје и насилство; прикажување на дрога и други нелегални супстанци; неточни и нерелевантни податоци; говор на омраза спрема деца, припадници на етнички, јазични и други групи; содржина поврзана со промоција на радикални идеи и убедувања. Ваквите несоодветни содржини може да ги користат сторителите за да предизвикаат страв и болка кај виктимизираните деца.[177] Имајќи ја предвид теоријата на социјално учење, децата често ги набљудуваат ризичните однесувања кои се нормализирани на социјалните мрежи. Оваа изложеност го зголемува ризикот од можноста да се вклучат во слични однесувања, што потенцијално може да го зголеми ризикот од сајбер виктимизација. Децата кои редовно гледаат како други се вклучуваат во ризични активности, можат да формираат ментални претпоставки дека таквото однесување е нормално или дури и очекувано. Ова може да доведе до нивно активно учество во вакви активности на социјалните мрежи, без да бидат свесни за потенцијалните ризици и последици.

Комуникацијата со непознати лица на социјалните мрежи, се смета за ризично однесување, кое може да доведе до виктимизација. Лицата кои се претставуваат со одреден профил во дигиталниот свет на интернетот, не секогаш се истите и во реалноста. Социјалните мрежи на сторителите им овозможуваат креирање на лажни кориснички профили кои можат да ги користат за агресивни цели.[178] Комуникацијата со непознати лица на социјалните мрежи носи низа опасности. Наодите на истражувањето на В. Краиг

---

[175] Цитирано во Garsia, D., Perez, J., Gonzalez, A., & Perez, C. (2014). *Risk factors associated with cybervictimization in adolescence*. In Sierra, H. C. (Ed.), *International Journal of Clinical and Health Psychology*, Granada.

[176] Livingstone, S., Mascheroni, G., & Ólafsson, K. (2014). *Children's online risks and opportunities: Comparative findings from EU Kids Online, Net Children Go Mobile*. London, England.

[177] Цеков, А. (2019). *Водич за сајбер безбедност на децата во домот и училиштето*. Проект на Европска Унија, Скопје.

[178] Цеков, А. (2019). *Водич за сајбер безбедност на децата во домот и училиштето*. Проект на Европска Унија, Скопје.

покажуваат дека ваквата комуникација е позачестена кај момчињата отколку кај девојчињата и тоа кај оние од поголема возраст (над 15 години).[179]

Емпириските податоци најчесто ги поддржуваат теоретските перспективи. Истражувањата покажуваат дека децата кои се вклучуваат во проблематични онлајн однесувања, како што се споделување на чувствителни информации, интеракција со непознати лица, се во поголем ризик од сајбер виктимизација (Минша и други, 2012). Процентот на деца кои имаат проблематично однесување на социјалните мрежи варира во различни држави. Така, при истражување на процентот на деца кои се впуштаат во ризично однесување во европските земји, се покажало дека бројката на деца била најголема во Романија (децата почесто комуницирале со непознати лица и објавувале повеќе провокативни фотографии и коментари). Најмал процент на деца кои се однесувале на ваков начин бил во Велика Британија и Ирска.[180] Резултатите на истражување на Шломс-Мадленер (2013), кое опфатило 451 тинејџери од Јужна Африка, покажало дека проблематичното однесување на социјалните мрежи е ризик фактор за виктимизација меѓу децата. Според резултатите, помладите тинејџери (12-15 години) биле во помал ризик, за разлика од постарите тинејџери (16-19 години), бидејќи тие многу поретко се впуштиле во ризични однесувања, како испраќање некому фотографии каде се разголени или полу разголени.[181] Лицата кои доживеале негативно искуство, почесто ги споделувале јавно своите мобилните телефони, на својот профил имале над 100 пријатели и споделувале лични податоци со непознати лица (Ковалски и други 2014). Децата кои се загрижени за својата приватна безбедност помалку споделуваат лични податоци со другите корисници на социјалните платформи (Лиу и други 2013).[182] Според компаративна студија на претходни истражувања од Европа, две третини од децата на возраст од 9-16 години имале помалку од 100 контакти на нивните социјални мрежи. Исто така, две третини од нив не споделувале лични податоци со непознати лица. Помалку од 10% од децата на оваа возраст имаат повеќе од 100 контакти на нивните профили. 25% од испитаниците ги споделуваат податоците со сите корисници, вклучително и со оние кои не им се пријатели на социјалните мрежи (јавен профил). Ваквите ризични однесувања се разликуваат од земја до земја. Најчести се кај децата во Романија, каде

---

[179] Wendy Craig, Ph.D., et al. (2020). *Social Media Use and Cyber-Bullying: A Cross-National Analysis of Young People in 42 Countries*. *Journal of Adolescent Health*, pp. 100-108.

[180] Livingstone, S., Mascheroni, G., & Ólafsson, K. (2014). *Children's online risks and opportunities: Comparative findings from EU Kids Online, Net Children Go Mobile*. London, England.

[181] Цитирано во Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

[182] Liu, C., Ang, R.P. and Lwin, M.O. (2013) Cognitive, Personality, and Social Factors Associated with Adolescents' Online Personal Information Disclosure. Journal of Adolescence, 36, 629-638.

постојано е во пораст бројката на деца кои имаат повеќе од 100 контакти и имаат јавен профил, а пак процентот на деца кои се впуштиле во вака ризични однесувања е најмал во Велика Британија и Ирска. Така на пример процентот на деца од 9-12 годишна возраст кои имаат повеќе од 100 пријатели на социјалната мрежа Facebook е 18% во Ирска, 21% Во Британија, додека во Романија е 66%.[183]

Што се однесува на резултатите од нашето истражување, анализата покажа одредена поврзаност помеѓу впуштањето во ризични активности и негативните искуства на социјалните мрежи. Сепак, иако постојат ситуации во кои децата што имале контакт со непознати лица искусиле виктимизација, најголемиот дел од испитаниците, и покрај комуникацијата со непознати лица, не доживеале виктимизација. Според тоа, можеме да заклучиме дека резултатите покажуваат дека ризичните однесувања, помеѓу кои и комуникацијата со непознати лица не влијае на зголемен ризик од сајбер виктимизација.

## 2. Последици кај децата од доживеана виктимизација на социјалните мрежи

Виктимизацијата на социјалните мрежи меѓу децата има сериозни последици, како врз жртвите, така и врз сторителите. Овие последици често влијаат врз развојот на детето и можат да се манифестираат и во подоцнежните фази од животот. Детето кое е виктимизирано од врсниците е емоционално и социјално понижено и навредено. Многу деца страдаат во тишина. Додека некои го игнорираат проблемот, многумина развиваат суицидни тенденции. Возрасните честопати не ги сметаат овие последици за сериозни, со став дека се дел од процесот на растење. Меѓутоа, повредите кои ги предизвикува оваа појава не смеат да бидат занемарени, бидејќи се разновидни и влијаат на различни аспекти од животот на детето.

Виктимизацијата, покрај тоа што може да остави фатални последици врз жртвите, предизвикува сериозни и штетни ефекти и врз децата кои вршат насилство. Овие деца имаат значително поголема веројатност во адолесценција или возрасна доба да се препуштат на злоупотреба на алкохол и дрога. Почесто се инволвирани во тепачки, вандализам, или се исклучувани од училиште. Некои од нив рано започнуваат незаштитени сексуални активности, а дел од нив развиваат криминално досие како возрасни. Исто така, имаат

183 Livingstone, S., Mascheroni, G., & Ólafsson, K. (2014). *Children's online risks and opportunities: Comparative findings from EU Kids Online, Net Children Go Mobile*. London, England.

поголем ризик да станат насилни кон својот партнер, сопруга или деца во подоцнежниот живот.[184]

Виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи има далекусежни последици врз целокупната младина, без оглед на географската средина од која потекнуваат децата. Овој вид на виктимизација нанесува непоправлива психолошка штета не само на жртвите, туку и врз сторителите, а и на сите оние кои се сведоци односно набљудувачи на оваа појава.

## 2.1 Психолошки последици кај децата кои искусиле виктимизација на социјалните мрежи

Виктимизацијата на социјалните мрежи и изложеноста на вознемирувачки однесувања од врсниците предизвикуваат низа психолошки последици кај децата (Маркум и други 2010). Соочени со насилство, децата се чувствуваат како да преживуваат од ден за ден. Откако ќе доживеат сајбер виктимизација, нивните хормони поврзани со одговор за борба или бегство од виктимизацијата се активираат во мозокот. Притоа, деца кои се виктимизирани имаат голема веројатност да бидат ревиктимизирани подоцна во животот. .[185]

Дел од научниците сметаат дека последиците кај децата од сајбер насилство се далеку посериозни од последиците кои произлегуваат од традиционално врсничко насилство.[186] Како најчести последици кои се јавуваат се:

1. Стресна состојба – Децата кои се вознемирени или малтретирани од врсници онлајн многу е поверојатно да развијат анксиозност и депресија за разлика од оние кои не се. Тие имаат постојано чувство дека нивниот живот се распаѓа. Сторителите во поголемиот број на случаи се врсници кои ги познаваат од училиште. Кога одат на училиште, жртвите се физички блиску со лицата кои ги вознемирувале. Додека пак, кога се дома или надвор од училиште, тие се грижат дека вознемирувањето ќе продолжи на социјалните мрежи. Ова ја елиминира можноста децата да заборават на негативните случки кога ќе го заврши училиштето и затоа постојано се во стресна состојба.

---

[184] Ефекти од СајберБулин. (2021). *Официјална интернет страна на Влада на САД.* Достапно на https://www.stopbullying.gov/bullying/effects

[185] Цитирано во Apostolides, A. (2017). *Cyber bullying: Child and youth spirituality*. University of South Africa.

[186] Notar, C. E .,et al. (2013), *Cyberbullying: Resources for Intervention and Prevention, Universal Journal of Educational Research,* 1(3): 133-145, USA.

2. Проблеми со концентрација - Вознемирувањето на социјалните мрежи значително влијае негативно врз способноста за концентрација кај децата, како во образовните институции, така и во домашната средина. Тие не се во можност да се фокусираат на наставните активности, бидејќи постојано се загрижени и во страв дали сторителите ќе преземат активности кои би ги изложиле на потсмев. Дополнително, ја губат способноста за концентрација и во домашните услови, бидејќи нивните мисли се насочени кон можноста за примање на понижувачки пораки преку социјалните мрежи.
3. Емоционални проблеми – Децата кои искусиле вакви ситуации развиваат интензивен страв за сопствената безбедност како во училишната средина, така и во домот, бидејќи немаат простор каде што се чувствуваат сигурно.
4. Самоубиство – Една од најсериозните грижи поврзани со виктимизацијата на социјалните мрежи е потенцијалот за самоубиство. Ризикот од самоубиство кај овие лица е девет пати поголем во споредба со децата кои не биле изложени на ваков вид виктимизација (Хиндуја и Патчин, 2010).[187]

Во повеќето случаи, доживеаната виктимизација може да го наруши менталното здравје на жртвата, предизвикувајќи кај неа депресија и мисли за самоубиство (Бонано и Химел, 2013).[188] Жртвите на помала возраст обично чувствуваат срам, имаат чувство дека светот им се урнал, чувствуваат дека сите врсници ја имаат видено виктимизацијата што ја доживеале, а некои дури и извршуваат самоубиство (Нортал и други, 2013).[189]

Во истражување во Пенсилванија, со учество од околу 1000 тинејџери (12-19 години) било утврдено дека најчеста последица е депресијата, а веднаш по неа, анксиозноста. Понатаму, следува губење на самопочит, проблеми со здравје, самоубиствени идеи, главоболки, постојан страв, чувство на тага, осаменост. Девојчињата и момчињата различно реагираат. Најчесто последици кај девојчињата се слаба самодоверба и депресија, така што тие се повлекуваат и се изолираат од другите деца, почесто се чувствуваат анксиозни и имаат здравствени проблеми. Момчињата пак, почесто пријавувале проблеми со концентрација, и

---

[187] Цитирано во Roswith, R. (2015). *Psychological Aspects of Cyberbullying*. *The Journal of the Learning Sciences.*

[188] Цитирано во Garsia, D., Perez, J., Gonzalez, A., & Perez, C. (2014). *Risk factors associated with cybervictimization in adolescence*. In Sierra, H. C. (Ed.), *International Journal of Clinical and Health Psychology*, Granada.

[189] Цитирано во Adebayo, D. O., et al. (2020). *Relationship between Demographic Factors and Undergraduates' Cyberbullying Experiences in Public Universities in Malaysia*. *International Journal of Instruction*, 13(1): 901-914.

бунтовни реакции.[190] Најмногу симптоми на депресија, анксиозност и здравствени проблеми, пријавиле децата кои се нашле и во улога на сторители и во улога на жртви.[191]

## 2.2 Социјални последици кај децата кои доживеале виктимизација на социјалните мрежи

Адолесценцијата е критичен период за градење на идентитетот на детето, а социјалната интеракција со врсниците игра клучна улога во овој процес. Во овој период, адолесцентите активно бараат нови искуства и врсници кои ќе им помогнат позитивно да се само оценат (Кови, 2013). Меѓутоа, како резултат на доживеаната виктимизација на социјалните мрежи, жртвите често се отфрлени од своите врсници и продолжуваат да бидат виктимизирани и во училишната средина. Ова води до социјална изолација, што дополнително ја отежнува нивната способност да воспостават здрави меѓучовечки односи и социјална интеграција.[192] Децата кои не успеваат да воспостават социјална интеракција можат подоцна во животот да се соочат со сериозни социјални последици, како што се тешкотии во започнување и одржување на врски, навлегување во меѓучовечки конфликти, семејни проблеми, осаменост и други проблеми (Кларк и соработници., 2015).

Патчин и Хиндија (2017) во својата студија утврдиле дека децата кои се виктимизирани на социјалните мрежи имаат значително пониска самопочит во споредба со децата кои не доживеале ваква виктимизација. Губењето на самопочит влијае на однесувањето на децата, нивните односи со врсниците, социјалниот круг на пријатели и академскиот успех. Овие негативни последици може да траат подолго време, а во некои случаи, ефектите продолжуваат и во возрасна доба. Оваа ситуација создава социјални и економски последици не само за детето, туку и за целата заедница.[193]

Последиците од сајбер виктимизацијата можеби нема да се појават веднаш, но со текот на времето можат да се манифестираат преку различни социјални проблеми, како што се:

---

[190] *Alim, S.* (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

[191] Kowalski, R. Limber, S.(2013).Psychological, Physical, and Academic Correlates of Cyberbullying and Traditional Bullying, *Journal of Adolescent Health* 53(1 Suppl):S13-20.

[192] Цитирано во Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

[193] Patchin, J. W., & Hinduja, S. (2017). Digital self-harm among adolescents. *Journal of Adolescent Health, 61*(3), 338-344.

1. Избегнување на училишната средина – За децата кои се виктимизирани онлајн, самата помисла на одење во училиште може да предизвика силна вознемиреност. Поради тоа, тие често ја избегнуваат училишната средина. Децата го избегнуваат училиштето за да ги избегнат врсниците кои ги виктимизирале, бидејќи се чувствуваат засрамени или понижени.

2. Напуштање на училиштето – Децата кои биле малтретирани често се соочуваат со проблеми во учењето. Во некои случаи, влијанието на овие проблеми може да биде толку значајно, што детето одлучува да го напушти училиштето или да не продолжи со образованието по завршувањето на средното училиште.

3. Зголемена веројатност за носење оружје – Особено загрижувачко е тоа што децата кои биле жртви имаат значително повисока веројатност да носат оружје во училиште. Се проценува дека овие жртви имаат осум патио поголема веројатност да носат оружје во споредба со нивните врсници.[194]

4. Зголемена веројатност за употреба на дрога и алкохол – За децата кои доживеале виктимизација на социјалните мрежи, веројатноста да започнат да користат дрога и алкохол е зголемена. Според резултатите од истражувањата, овие лица имаат 2.5 пати поголема веројатност за употреба на марихуана и алкохолни пијалаци во споредба со нивните врсници (Гордон, 2021).

5. Социјално изолирање - Виктимизираните деца стануваат многу тивки и се повлекуваат во своите соби многу почесто од вообичаено. Започнуваат да губат интерес за активности кои претходно им биле интересни. Немаат желба за социјална интеракција и започнуваат да избегнуваат социјални настани и дружење со врсници. Поради стравот од ревиктимизација, дел од нив избегнуваат употреба на технолошки средства и се изолираат целосно од комуникација со врсниците. [195]

---

[194] Gordon, S. (2021). „The Real-Life Effects of Cyberbullying on Children“. Достапно на: https://www.parents.com/what-are-the-effects-of-cyberbullying-460558 (пристапено 01 Декември 2021).

[195] Gordon, S. (2021). „The Real-Life Effects of Cyberbullying on Children“. Достапно на: https://www.parents.com/what-are-the-effects-of-cyberbullying-460558 (пристапено 01 Декември 2021).

# ДЕЛ IV

## 1. Реални примери за деца кои биле виктимизирани на социјалните мрежи

Според Центарот за контрола на болести и превенција на Америка, самоубиството се смета за втора водечка причина за смртност кај младите луѓе и најчесто произлегува од конфликти меѓу врсниците. Во овој контекст, се придава се поголемо значење на виктимизацијата на социјалните мрежи и нејзините последици кај децата (Перен и соработници, 2012).[196] Тежината на последиците поради нивната возраст и ранливост, не може да се споредува со последиците кај возрасните. Децата, кои често се под силно влијание на мислењето на своите врсници, се соочуваат со многу поголеми последици . Во денешно време, овој проблем станува актуелна тема, при што се достапни реални примери за вакви настани. Во продолжение следуваат неколку конкретни случаи.

Случај 1:

На 18 мај 2015 година, Одделот за основно образование при Министерството за образование на Јужна Африка објавил итен повик до сите училишта и родители да ги едуцираат децата за злоупотребата на приватните слики на социјалните мрежи. Овој повик следеше по објавувањето на 20 разголени фотографии на момчиња од училиште во областа Преторија на лажен профил на социјалната мрежа Twitter. Штетата од ваквата злоупотреба за адолесцентите била значајна, со оглед на тоа што, веднаш штом сликите биле прикачени на социјалните мрежи, жртвите биле изложени на милиони гледачи. Тие се изјасниле дека чувствувале стрес, срам и понижување, а некои од нив дури размислувале на самоубиство (Влада на Јужна Африка, 2015). [197]

Случај 2:

Во Канада, петнаесетгодишно момче станало познато меѓу своите врсници во училиште кога видео што самиот го снимил, имитирајќи сцена од филмот “Војна на Ѕвездите”, било скришно преземено од неговиот мобилен телефон и објавено на социјалните мрежи. Видеото, долго две минути, го прегледале милиони луѓе. Детето било толку понижено што го напуштило училиштето, а неговото семејство покренало тужба против сторителите.

---

[196] Цитирано во Hong, D., & Ranney, J. (2014). *Social media as a vector for youth violence*. In Guitton, M. (Ed.), *Computers in Human Behavior*, (pp. 548-553), Elsevier, Amsterdam.

[197] Apostolides, A. (2017). *Cyber bullying: Child and youth spirituality*. University of South Africa.

Случај 3:

Во Јапонија, слики од момче со поголема тежина, направени скришум од други деца додека момчето било во соблекувална, биле споделени меѓу неговите врсници.

Случај 4:

Во училиште во Калифорнија, учениците креирале посебна страница на социјалните мрежи, каде што започнале да ги изразуваат своите расистички ставови. Многу деца од различни раси биле жртви на навреди објавени на оваа страница, што довело до појава на депресија, лутина и неспособност за фокусирање на училишните активности кај дел од нив. Страницата имала повеќе од 30.000 членови, при што секој од нив имал можност да објавува содржини по свој избор.

Случај 5:

Во САД, момче користејќи апликација преку интернет, искористил порнографска слика и монтирал лице од девојче на неа. Ја испратил сликата на сите контакти од неговите социјални мрежи бидејќи имал претходна расправија со девојчето.

Случај 6:

Постои случај на сајбер виктимизирано момче, Дејвид Најт, кое се откажало од поранешното училиште и од користењето на интернет. Во интервју, тој објаснува дека нај исцрпувачкиот аспект на тоа да се биде сајбер жртва било понижувањето што го доживувал со секое вклучување на интернет. Децата од неговото училиште креирале посебна страница за него, која содржела закани, навреди и озборувања. Болката ја изразил со следните зборови: “Тоа е место достапно за шест билиони луѓе. Секој што има пристап до компјутер може да го види... И не можев да избегам од тоа. Кога ќе се вратев дома, болката не престануваше... Напротив, се чувствував уште повеќе заробен.”[198]

Случај 7:

Еден од случаите, објавен во медиумите, е случајот за петнаесетгодишната Аманда Тод. На тринаесет години, Аманда започнала да користи видео разговори за да запознава нови луѓе. За жал, непознат корисник ја охрабрил да се појави гола на видеото и ја снимил. Потоа, тој ја искористил сликата за да ја уценува, а сликата била испратена на нејзините соученици, кои постојано ја споделувале меѓу себе на социјалните мрежи. На платформата Facebook, соучениците создадоа профил со разголената слика од Аманда како главна слика. Во коментарите на профилот, девојчето постојано било понижувано и навредувано. И покрај

[198] Shariff, S. & Rachel, G. (2006). *Cyber-dilemas: Gendered Hierarchies, Free Expression and Cyber-Safety in Schools*. McGill University, Canada.

тоа што Аманда го сменила училиштето, не успеала да ја спречи натамошната сајбер виктимизација. Сите овие настани довеле до нејзино самоубиство во 2012 година.

Случај 8:

Родител на шеснаесетгодишно момче раскажал за последиците предизвикани кај неговиот син, кој бил исмејуван на социјалната мрежа Facebook за кратко време. Неговиот коментар гласи: “Мојот син, кој има шеснаесет години, беше виктимизиран на социјалната мрежа во период од осум часа. Настанот беше многу трауматичен за него, така што доживеа акутен психотичен удар и мораше да биде хоспитализиран на психијатрија за малолетници, речиси еден месец. Неговото однесување се промени целосно и мислам дека никогаш повеќе нема да биде ментално сосема здрав како порано. Социјалните мрежи и интернетот можат да ги повредат луѓето, и децата мора да бидат свесни за тоа. Децата кои ги малтретираат послабите не се казнети на никаков начин и сметаат дека ваквите инциденти се смешни. Но, ние знаеме дека овие случки ни го изменија целиот живот.”

Случај 10:

Четиринаесетгодишно девојче од Вашингтон, кое доживеало виктимизација на социјалните мрежи, негативното искуство го опишало со следните зборови: “Додека постојано ме исмејуваа, чувствував дека не сакам повеќе да живеам во овој свет. Ме нарекуваа со секакви погрдни имиња, и тоа навистина многу ме болеше. Понекогаш планирав како да извршам самоубиство. Но потоа се прашував, каде тоа ќе ме однесе? На крај, со тоа само ќе ги повредам оние што ме сакаат.”[199]

[199] Some Cyberbullying Stories Shared with Us. *Cyberbullying Research Center.* Достапно на: https://cyberbullying.org/stories (пристапено на 17 Септември 2023).

## ДЕЛ V

### 1. Превенција на виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи

Социјалните мрежи се сметаат за значајна алатка преку која децата развиваат мислења, перцепции и дури и модели на однесување, што ја нагласува важноста на нивното влијание во превенцијата на сајбер виктимизацијата. Како вистинска револуција во комуникациските технологии, тие играат клучна улога во современиот социјален контекст. Независно од социјалната средина, културните норми и верувања во кои децата живеат, можат да бидат од витално значење за спречување на виктимизацијата на интернет. Превентивните стратегии треба да се фокусираат на заштита на децата. Важно е да се создадат средини, како во реалниот така и во виртуелниот свет, во кои децата се чувствуваат поддржани и ценети. Дополнително,  едукацијата на децата за потенцијалните опасности на интернет , како и обезбедувањето на алатки за управување со онлајн интеракциите, може значително да придонесе за намалување на овие ризици.

Најдобар начин за справување со проблемот е превентивно реагирање. Тустин и други (2014) ги дале следните препораки за превенција:

1. Примарна превенција - Системот за превенција на виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи вклучува учество на децата, семејствата, училишниот кадар и целата заедница. Едукацијата на децата треба да биде на високо ниво, со цел да им се обезбедат информации за соодветно однесување онлајн. Едукацијата на родителите, зголемувањето на дигиталната писменост и подобрувањето на училиштата во овие области се од клучно значење за примарната превенција. Семејството треба да биде поддршка за детето, а воспоставувањето односи на доверлива и отворена комуникација меѓу родителите и децата е од особена важност. Училиштата и заедницата, треба да развиваат политики и програми насочени кон соодветна едукација на децата за нивна заштита.[200]

2. Секундарна превенција - Важно е да се направи рана идентификација на сторителот и жртвата во случаи на сајбер малтретирање. Ако кај детето се забележат симптоми кои укажуваат на можна почетно искусување на проблемот како што се незаинтересираност за учење, избегнување на училиштето, емоционални промени и социјална изолираност, неопходно е да се испита дали можеби тоа доживеало некое негативно искуство на социјалните платформи. Во такви случаи, треба да се започне со одредени интервенции.

[200] Цитирано во Apostolides, A. (2017). *Cyber bullying: Child and youth spirituality*. University of South Africa.

Овие интервенции треба да бидат насочени кон превенција на дис функционалното однесување на жртвата и да овозможат сторителот да ги поправи своите претходни постапки. За да им се помогне на децата кои се жртви на социјалните мрежи, интервенциите треба да бидат фокусирани на емоционалната и психолошката поддршка. Советувањето е еден од клучните методи за помош, овозможувајќи им на жртвите да дискутираат за своите искуства и емоции со стручно лице. Психолозите можат да им помогнат на децата да развијат вештини за справување со стресот и да ја зајакнат самодовербата. Дополнително, важни се и групните терапии каде децата ќе можат да се поврзат со врсници кои минуваат низ слични искуства, што ќе ги поттикне да не се чувствуваат изолирани.[201]Доколку виктимизацијата е на повисоко ниво, потребно е ангажман на тим на лица (едукатори, социјални работници, психолози, правници) кои ќе соработуваат на планот на помош и поддршка на жртвата.[202]

## 2. Ангажираност на клучните чинители за превенција на виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи

Со зголемената достапност на уреди како мобилни телефони, таблети и компјутери, децата имаат постојан пристап до интернет. Оваа ситуација ја нагласува потребата за развој на интегриран пристап во превенцијата на појавата што ја проучуваме. Таквиот пристап треба да вклучува повеќе засегнати страни, вклучувајќи училишниот кадар, родителите и старателите, самите ученици, а исто така и целата заедница.[203]

### 2.1 Училиштата и превенцијата

Училиштата играат клучна улога во превенцијата на виктимизацијата на социјалните мрежи. Преку редовни обуки и едукативни програми за учениците и наставниците, училиштата можат да придонесат за безбедноста на децата на интернет. Овие програми треба да опфатат теми како што се заштита на интернет просторот, препознавање на сајбер виктимизација, како и техники за справување со неа. Разбирањето на ризиците и последиците е од суштинско значење за навремено препознавање и реагирање. Училиштата треба да вложат напори во развивање на вештини за дигитална писменост кај учениците, што

[201] Цитирано во Apostolides, A. (2017). *Cyber bullying: Child and youth spirituality*. University of South Africa.
[202] Apostolides, A. (2017). *Cyber bullying: Child and youth spirituality*. University of South Africa.
[203] Цеков, А. (2019). *Водич за сајбер безбедност на децата во домот и училиштето*. Проект на Европска Унија, Скопје.

вклучува разбирање на основите за безбедноста на интернет и критичко размислување за дигиталните содржини. Ова може да вклучува активности како што се: проекти, предавања и интерактивни работилници. За да се постигне ефективна превенција, училиштата мора да применат интегриран пристап кој вклучува обуки, развивање на политики,  и соработка со родителите и заедницата. Училиштата треба активно да комуницираат со родителите и да ги информираат за ризиците и превентивните мерки за сајбер виктимизација на социјалните мрежи. Само со активно учество на сите засегнати страни може да се создаде безбедна средина за сите ученици.

Училиштата треба да развијат јасни политики и процедури за справување со случаи на сајбер виктимизација. Во училиштата треба има поддржувачка средина во која учениците се охрабрени да се обратат за помош кога се соочуваат загрозено Ова може да вклучува вработување на доверливи лица за комуникација, како и достапност на советници и психолози за поддршка на учениците.  Поддршката треба да биде насочена кон враќање на самодовербата и обезбедување на безбедноста на учениците. Овие политики треба да вклучуваат процедури за пријавување и истражување на инцидентите. Политиките треба да бидат јасни. Потребно е училиштата да ја прифатат сериозноста на овој проблем и да оформат внатрешни училишни акти со кои ќе се регулира како би се постапило во ваков случај. Доколку детето доживее некаков немил настан, потребно е пред сè да не го бриши доказниот материјал. Да направи копија од истиот, и веднаш да го пријави настанот кај надредените во училиште (директор, помошник директор, советник, психолог, наставник). Кон ваквите пријави треба да се постапи брзо, заради спречување на секундарна виктимизација и тие треба да бидат сериозно истражени.[204]

## 2.2 Родителите и превенцијата

Постојат неколку чекори кои родителите може да ги преземат во поглед на превенција на  виктимизацијата на социјалните мрежи:

1. Да ги подучат своите деца за пристојно однесување онлајн;
2. Потребно е самите родители да се однесуваат пристојно со другите корисници на социјалните платформи, бидејќи децата многу често го повторуваат нивното однесување (теорија на социјално учење);

[204] Notar, C. E .,et al. (2013),  *Cyberbullying: Resources for Intervention and Prevention, Universal Journal of Educational Research,* 1(3): 133-145, USA.

3. Родителите треба да имаат увид во однесувањето на децата. Треба да знаат со кои лица децата комуницираат. Потребно е да воспостават надзор врз нивните активности, а притоа да не му предизвикуваат непријатно чувство;
4. Потребно е да им ја ограничат употребата на интернетот и мобилните телефони на одреден број на часови во одредено време во денот;
5. Потребно е да направат договор со децата кој ќе содржи правила кои кажуваат кои активности на интернет му се дозволени, а кои забранети;
6. Родителите треба да го постават компјутерот во заедничка просторија, на пример дневна соба. Истовремено, тие треба да му дадат до знаење на децата дека доколку преземаат било какви ризични активности на социјалните мрежи може да се зголеми надзорот над нив;
7. Родителите треба да знаат како да користат програми за блокирање на корисници на социјалните мрежи;
8. Родителите треба да ги научат децата како да се самозаштитат. Доколку некој претходно ги советувал, многу е веројатно децата да се однесуваат безбедно во дигиталниот свет. .
9. Да ги едуцираат своите деца за сериозноста на последиците од доживеана сајбер виктимизација од врсници. Истовремено, да им објасни дека се што прават на интернет остава дигитална трага;
10. Родителите треба да го охрабрат детето да пријави било каков облик на виктимизација. Детето треба да чувствува слобода да разговара со родителите на таа тема. [205]

Поставувањето контроли и ограничувања за користење на интернетот, како што се софтвери за родителска контрола и временски ограничувања за користење на уредите, може да придонесат за зголемена превенција. Покрај ваквата контрола, родителите треба да ги научат своите деца на критичко размислување и свесност за потенцијалните опасности на интернет просторот. Промовирањето на критичко размислување и развојот на емоционална интелигенција ќе им помогнат на децата подобро да се справат со негативните искуства и да изградат отпорност кон виктимизацијата. Родителите не се секогаш во чекор со брзиот развој на технологијата. Тие ризичното однесување може да го намалат преку едукација и интеракција со своите деца (Никен и Де-Граф, 2013).[206] Едукацијата за безбедноста на

---

[205] Notar, C. E .,et al. (2013), *Cyberbullying: Resources for Intervention and Prevention, Universal Journal of Educational Research,* 1(3): 133-145, USA.

[206]Notar, C. E .,et al. (2013), *Cyberbullying: Resources for Intervention and Prevention, Universal Journal of Educational Research,* 1(3): 133-145, USA.

интернет може да им помогне на родителите да ги осознаат новите дигитални начини на комуникација на децата и начини за превенција на нивна виктимизација. Во поголем број случаи, децата знаат повеќе за социјалните мрежи од нивните родители. Тоа и се покажа во емпириското истражувањето за оваа магистерска теза, каде повеќе од половина испитаници, односно 55.5% одговориле дека ги познаваат социјалните мрежи повеќе од нивните родители. Затоа за родителите е тешко целосно да контролираат што прават нивните деца на социјалните мрежи. Ова го отежнува и фактот што повеќето од децата имаат контрола врз нивното однесување на интернет, така што може да бришат историја на пребарување, да бришат лозинки и да ставаат нови лозинки на своите телефони.

За да се создаде позитивна семејна атмосфера и да се одржуваат добри односи меѓу родителите и децата, се препорачува воспоставување на домашни договори. Тие претставуваат начин на јасно дефинирање на правилата за користење на социјалните мрежи, при што се вклучени и децата и родителите. Договорот, еднаш усогласен и прифатен, би било добро да се постави на видно место, како на пример над компјутерот. Кога станува збор за децата, различни возрасни категории имаат различни нивоа на вештини на интернет, различни потреби и преференции при користење на интернетот и на социјалните мрежи, па следствено на тоа, се соочуваат и со различни видови опасности. Притоа, се препорачува користењето на социјалните мрежи да започне од што поголема возраст на детето. Сепак, кога веќе ќе почнат да користат социјални мрежи, децата треба да бидат под надзор од родителите во поглед на содржините што ги гледаат и споделуваат, имајќи предвид дека одредени содржини не се соодветни за нивната возраст и може да ги вознемират. Уште од училишна возраст, корисно е децата да почнат да се едуцираат за ризиците од социјалните мрежи. Едукативни софтвери кои преку игра им помагаат на децата да разберат за овие опасности можат да бидат од помош. Покрај тоа, родителите треба да користат алатки за контрола и филтрација на интернет-содржини. Како што децата растат и достигнуваат возраст од 14 години, стануваат понапредни во користењето на социјалните мрежи. Со тоа добиваат пристап до поширок спектар на содржини, но и поголем ризик од опасности. На оваа возраст, родителите треба активно да ги едуцираат за важноста на заштита на личните податоци и информации. И на оваа возраст добро е да се применуваат софтвери за контрола, филтрација и надзор на содржините на интернет. Ограничувањето на содржините повеќе не треба да биде  ригорозно, но сепак некои од правилата треба да се почитуваат. Кога децата ќе наполнат 15 години, обично интензивно ги користат социјалните мрежи. Ова е и периодот кога најчесто се соочуваат со ризик од виктимизација од врсниците. Родителите треба да им дадат до знаење дека штом ќе се соочат со навредливи и непристојни пораки, треба веднаш

да ги известат. Освен тоа, повремено треба да ги потсетуваат на основните правила за безбедно споделување на лични податоци на интернет. [207]

## 2.3 Децата и превенцијата

Одредени однесувања на децата можат да придонесат за превенција од виктимизација на социјалните мрежи:

1. Децата треба да развијат вештини за критичко мислење во однос на содржината што ја гледаат и споделуваат на интернет. Ова вклучува способност да ги разликуваат доверливите од не доверливите извори.
2. Децата треба да користат сигурни поставки на приватност на своите профили. Ова вклучува ограничување на видливоста на нивните постови и информации.
3. Децата добро е да постават граници во комуникацијата на интернет. Ова вклучува избегнување на споделување на лични информации со непознати лица и одбегнување на секаква комуникација која може да се смета за сомнителна или непријатна.
4. Децата треба да се охрабрат да разговараат отворено со родителите и наставниците за своето искуство на социјалните мрежи.[208]
5. Децата добро е да бидат свесни за времето што го поминуваат на интернет и да избегнуваат прекумерно користење на социјалните мрежи, што може да доведе до поголема изложеност на ризици. Редовно правење паузи може да помогне во зачувување на менталното здравје.[209]
6. Децата треба да ги искористат предностите што ги нуди интернетот, избегнувајќи ризични однесувања. Важно е да го разберат значењето на сајбер виктимизацијата и последиците од неа. Тие треба да ги почитуваат минималните воспоставени барања за регистрација на платформите и да побараат совет од родителите или наставниците кога се сомневаат во некоја активност. Во случај на можност од ризик од виктимизација, децата треба да побараат помош од пријатели, наставници или родители и да избегнуваат споделување на лични податоци. [210]

---

[207] Цеков, А. (2019). *Водич за сајбер безбедност на децата во домот и училиштето*. Проект на Европска Унија, Скопје.

[208] Livingstone, S., Mascheroni, G., & Ólafsson, K. (2014). *Children's online risks and opportunities: Comparative findings from EU Kids Online, Net Children Go Mobile*. London, England.

[209] Notar, C. E .,et al. (2013), *Cyberbullying: Resources for Intervention and Prevention, Universal Journal of Educational Research,* 1(3): 133-145, USA.

[210] Livingstone, S., Mascheroni, G., & Ólafsson, K. (2014). *Children's online risks and opportunities: Comparative findings from EU Kids Online, Net Children Go Mobile*. London, England.

7. Децата добро е да бидат свесни за потенцијалните психолошки последици од доживеани негативни искуства на интернет, како што се стресот, депресијата и анксиозноста.

Виктимизираните деца најчесто не бараат помош бидејќи се чувствуваат засрамено, чувствуваат страв од повторна виктимизација, или претпоставуваат дека возрасните нема да преземат ништо. Поради генерациски јаз и поради стравот да не продолжат да бидат малтретирани, децата избегнуваат да се доверат на возрасна личност. Се смета дека за своето негативно искуство побрзо би му кажале на врсник, отколку на возрасна личност (Ливингстоне и други, 2011).[211] Децата кои искусиле негативно искуство различно реагираат. Некои се обидуваат да ја избегнат ситуацијата, која може да резултира со спречување на инцидентот, но не го заштитува детето на подолг термин. Оние пак кои преземаат акција, често чекаат ситуацијата да стигне до највисока точка на толеранција, што е несоодветно и многу опасно.[212]

### 2.4 Заедницата и превенција

Одредени активности на заедницата можат значително да придонесат за зајакнување на превенција на појавата.

Една од препорачаните активности е спроведување на едукативни проекти кои ќе промовираат позитивна употреба на технологијата. Овие проекти треба да се насочат кон создавање безбедни и ефективни практики при користење на интернетот, со што ќе се намалат ризиците од злоупотреба на дигиталните можности. Дополнително, заедницата има обврска да се осигура дека едукацијата на децата поддржува иновативни и креативни начини на користење на технологијата, кои ќе ја поттикнат безбедната онлајн интеракција.

Заедницата треба проактивно да се ангажира во развојот и имплементацијата на законодавство и политики насочени кон заштита на децата од сајбер виктимизација. Нејзиното вклучување во овие процеси е клучно за создавање општествени норми кои ја поттикнуваат безбедноста на децата во дигиталниот простор.

Заедницата може да поттикне соработка со технолошките компании за развој на алатки и ресурси за подобрување на безбедноста онлајн. Ваквата соработка може да вклучува развој на подобрени филтри за блокирање на непожелни содржини, како и креирање

[211] Livingstone, S., Haddon, L., Görzig, A., & Ólafsson, K. (2011). EU Kids Online: Final report 2011. *EU Kids Online Network*. London

[212] Notar, C. E .,et al. (2013), *Cyberbullying: Resources for Intervention and Prevention, Universal Journal of Educational Research,* 1(3): 133-145, USA.

ефективни алатки за пријавување на насилство и виктимизација. Ова ќе придонесе кон создавање побезбедна средина за децата и ќе им обезбеди поголема заштита.

Заедницата може да иницира кампањи за подигнување на свесноста за ризиците и последиците од појавата. Ваквите кампањи би можеле да вклучат различни медиумски платформи, како телевизија, радио, социјални мрежи и печатени медиуми, со цел да се допре до пошироката јавност.

Дополнително, формирањето намрежи и групи за помош на жртвите може да понуди психолошка поддршка, и правни совети за нив. Ваквите мрежи би обезбедиле важна инфраструктура за нивна помош и рехабилитација, како и за едукација и обука на пошироката заедница.

За превенција, неопходно е да се вклучи целата заедница со сите расположливи ресурси. Одговорните лица во заедницата треба да го охрабрат населението да ги искористи предностите на дигиталната технологија, но истовремено да се фокусира на зголемување на безбедноста при користење на социјалните мрежи. Наставниот кадар, со поддршка од владата или локалната заедница, треба да вклучи обуки за социјално однесување и безбедно користење на социјалните мрежи во своите програми. Едукативни програми за родителите преку соодветни кампањи се исто така клучни за подигнување на нивото на свесност за зголемување на надзорот и контролата над употребата на интернетот од страна на децата.[213] Потребно е постоење на соодветна законска регулатива за справување со проблемот.

Заедницата треба да се залага за промоција на позитивни содржини на социјалните мрежи, при што програмерите би биле охрабрени да креираат програми што ја подигнуваат свеста за превенција од сајбер виктимизација кај сите возрасни групи, вклучувајќи ги децата и тинејџерите. Маргоно, Ји и Раикундалиа (2014), на социјалната мрежа Twitter пребарувале објавени содржини кои содржеле зборови со кои врсниците се исмејувале меѓусебно. Вкупно биле извлечени 14.000 објавени содржини. Овие истражувачи покажале за начин на дизајнирање на софтверите така што самите софтвери ќе можат да ги детектираат навредливите пораки кои содржат исмејувачки зборови и ќе превенираат нивно јавно објавување. Ванхове и други (2013), предлагаат софтверите да извршуваат анализа на слики, видеа, аудио содржини и текстови со цел да се детектираат непристојните и навредливи содржини. При откривање на вакви содржини, модераторите на социјалните профили треба веднаш да го избришат профилот.[214]

---

[213] Livingstone, S., Mascheroni, G., & Ólafsson, K. (2014). *Children's online risks and opportunities: Comparative findings from EU Kids Online, Net Children Go Mobile*. London, England.

[214] Цитирано во Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

### 3. Превенција на  повторна виктимизација на децата на социјалните мрежи

Различни истражувачи поддржуваат различни стратегии за превенција од повторна виктимизација на социјалните мрежи. Дедкова и Денбек (2013), во нивната студија со 451 тинејџери, ги утврдиле следниве стратегии како најчести:

1. Бришење на сторителот од социјалните мрежи и избегнување било каков контакт со него во реалниот живот;
2. Измена на приватните поставки на лицето кое доживеало негативно искуство на интернет, со цел сторителот да не може да има пристап и да комуницира со него;
3. Игнорирање на доживеаната виктимизација, со цел да се минимизира нејзиниот ефект врз жртвата;
4. Известување на возрасни лица и барање помош и поддршка од нив – Резултатите од истражувањето на Дедкова и Денбек покажале дека речиси половина од децата кажале на возрасно лице за доживеаната ситуација, и овој начин на справување се покажал како позитивна метода.[215]

Дел од истражувачите сметаат дека за превенција од повторна виктимизација е важна работата на училишниот кадар со децата, поголем надзор и контрола од страна на родителите врз нивните активности на социјалните мрежи и промовирање на информативни интернет страни, каде децата можат да научат како да спречат натамошно малтретирање (Хадон и Олафсон, 2011).  Други истражувачи се залагаат за едукација на децата за користење на техничките можности за превенција на натамошна виктимизација, како на пример бришење на сторителот, блокирање или негово пријавување кај операторите на страната (Онеил и Дин, 2013). Сепак, повеќето истражувачи се сложуваат дека детето треба да продолжи да ги користи социјалните мрежи без да чувствува страв и да биде спремно да се соочи со ситуацијата што ја доживува. Доколку ја игнорира, на пример ја избриши пораката, тоа не значи дека истата ќе заврши и дека сторителот ќе престане со своето непримерно однесување.[216]

---

[215] Цитирано во  Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA.

[216] Цитирано во  Roswith, R. (2015). *Psychological Aspects of Cyberbullying. The Journal of the Learning Sciences.*

## ДЕЛ VI

## ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ВИКТИМИЗАЦИЈА МЕЃУ ДЕЦАТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ

### 1. Примерок на емпириското истражување

Со цел утврдување на основните социодемографски, психолошки, семејни и технолошки ризик фактори кои доведуваат до виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи, како и добивање на сознанија за обемот и зачестеноста на оваа појава, и за нејзините појавни облици, потребно е да се направат што повеќе емпириски истражувања.

На нашите простори, постоечките истражувања не даваат комплетна слика за ризик факторите кои придонесуваат за проблемот. Со оглед на тоа дека станува збор за особено ранлива категорија на лица, потребно е ваквите истражувања да се зголемат и детализираат, со цел темелно да се истражат причините кои доведуваат до оваа несакана појава меѓу децата.

Што се однесува на емпириското истражување за оваа магистерска теза, со оглед дека испитаниците се деца, истражувањето беше спроведено по претходно добиена согласност за анкетирање на таргетираната група од страна на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Во рамките на емпириското истражување беа опфатени 11 училишта. Емпириското истражување како дел од овој труд се спроведе во четири средни училиштата на територија на Град Битола, пет средни училишта на територијата на град Прилеп и по едно средно училиште во градот Ресен и едно училиште во градот Демир Хисар. Во рамките на примерокот беа опфатени ученици од прва до четврта година, Училиштата и класовите кои беа вклучени во анкетирањето беа избрани по случаен избор. (направен по компјутерски пат).

Испитувањето беше извршено во временски период од Февруари до Јуни 2023.

Обработката на податоците беше извршена со помош на компјутерската програма SPSS.

По добивање на согласноста, првично беше направено прелиминарно истражување на 66 деца, преку кое се утврдија видовите на прашања кои беа соодветни за анкетирање на лицата во оваа возраст. Понатаму, беше извршено финалното анкетирање, во кое учествуваа 602 испитаници. Од нив, 36 деца, не дадоа согласност за учество во анкетирањето, Согласно

тоа, резултатите од ова истражување се темелат врз основа на одговорите од 566 испитаници, односно 94% од децата кои беа предвидени во примерокот. (Види Графикон 1)

Во рамките на емпириското истражување вкупно се опфатени 566 ученици од 11 средни училишта. Во однос на половата застапеност, девојчињата се застапени со 56.2% додека момчињата со 43.8%. Што се однесува до возраста, во примерокот се опфатени деца од 14-18 години. Од испитаниците најзастапени се оние на 16 годишна возраст со 28.3%. Што се однесува на националноста, најзастапени се испитаниците од македонската националност (91.8%.). Меѓутоа, постои застапеност и од другите националности, правопропорционално со нивната застапеност во регионот. Застапеноста на испитаниците од различна националност е во согласност со структурата на населението во областа каде беше спроведено истражувањето.

Во поглед на успехот на училиште, најголем дел од испитаниците (41.5%) се со одличен успех, меѓутоа меѓу анкетираните застапени се ученици со различен успех на училиште. (Види Табела 1).

## 2. Резултати од емпириското истражување

### 2.1 Резултати од истражувањето кои се однесуваат на појавни облици на виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи

Со цел утврдување на појавните облици на сајбер виктимизација, како и интензитетот на доживеано и извршено насилство меѓу децата на социјалните мрежи во нашето истражување беше користена група на прашања. Прашањата се однесуваа за тоа дали испитаникот има доживеано исмејување, понижување, засрамување или заканување од врсници, како и интензитет на извршено насилство, односно, дали испитаникот некогаш засрамил, понижил, навредил или му се заканил на некој врсник на социјалните мрежи. Имено, на анкетираните им беше поставено прашање дали воопшто некогаш, доживеале одредено негативно искуство на социјалните мрежи, и дали доживеале такво искуство во последните 12 месеци.

Одговорите покажуваат дека најчесто искуство кое децата го искусиле било нарекување со погрдни имиња. 31.3% од испитаниците одговориле дека биле нарекувани со погрдни имиња. Во последните 12 месеци, 26% од испитаниците доживеале вакво искуство (3.4% од нив биле повеќе пати, 7.6% неколку пати, а 15.0% еднаш до два пати).

Понатаму, следува добивање на пораки од врсник со кој децата не сакале да имаат контакт и тие пораки упорно не престанувале. 30.4% се изјасниле позитивно. Во последните 12 месеци 29.9% од испитаниците доживеале таков настан (3.9%  од нив биле виктимизирани повеќе пати, 12.4% неколку пати, а 13.6% еднаш до два пати).

Понатаму следи добивањето на пораки со непристојна содржина од врсник. 27.4% од испитаниците се изјасниле позитивно. Во последните 12 месеци, 27.1%  биле вознемирувани на ваков начин. (4.8%  од нив биле вознемирени повеќе пати, 9.0% неколку пати а 13.3% еднаш до два пати).

Загрижувачки е процентот од 19.4% на испитаници кои биле исмејувани од врсник на социјалните мрежи воопшто. Во последните 12 месеци процентот на испитаници кои се изјасниле позитивно на овој став е 16.3%. А исто така не е за потценување ни тоа дека 18.9% од испитаниците се изјасниле дека им се случило да добиваат закани од дете или група на деца на социјалните мрежи. Во последните 12 месеци, 17% од испитаниците доживеале закани (1.6% повеќе пати, 3% неколку пати, а дури 12.4% еднаш до два пати).

Исто така голем е и процентот на испитаници кои биле игнорирани од група на деца на социјалните мрежи. Дури 26.0% од испитаниците се изјасниле дека доживеале вакво негативно искуство. Во последните 12 месеци, 24% се изјасниле дека го искусиле игнорирањето  (2.5% повеќе пати, 6.5% неколку пати, а 15.0% еднаш до два пати). (Види Табела 2 и Табела 3).

Најмалку од децата се изјаснија дека доживеале некој од врсниците да напише коментар во нивно име, користејќи нивните лични податоци. Вкупно, 3.9% од децата го искусиле тоа, а пак додека 4.2% од испитаниците доживеале некој од врсниците да објави лажни (модифицирани) слики од нив. Овие облици на насилство се најмалку застапени и во последните 12 месеци (3.7% доживеале некој од врсниците да напише коментар во нивно име користејќи ги нивните лични податоци, додека 4.6% доживеале некој од врсниците да објави лажни (модифицирани) слики од нив.)

Според одговорите од нашето истражување, најмногу од лицата кои искусиле негативно искуство, се изјасниле дека тоа се случило на на социјалната мрежа Instagram (39.6%,) потоа Facebook (12.5%), Snapchat (8%) и Tic Tok (5.3%). Најмалку пак тоа се случувало на Viber (2.1%) и Twitter (2.1%) (Види Графикон  2).

## 2.2 Резултати од истражувањето кои се однесуваат на сајбер насилството меѓу децата на социјалните мрежи

Во нашето истражување покрај прашањата за доживеано негативно искуство, на учесниците им беа поставени и прашања за извршено сајбер малтретирање или вознемирување кон врсници, конкретно на социјалните мрежи. Целта беше да се утврдат основните појавни облици на малтретирање кои децата ги извршуваат врз други деца. Иако не можеме да кажеме дека одговорите даваат целосна реална слика со оглед дека станува збор за само пријавување, сепак процентот на испитаници кои потврдно одговориле дека извршиле некакво вознемирување не е мал.

Најмногу потврдени одговори има на прашањето "Дали некогаш заедно со другите врсници си игнорирал/а некого на социјалните мрежи?" Тоа укажува дека игнорирањето е често на социјалните мрежи. 23.3% од испитаниците изјавиле дека игнорирале врсник, додека во последните 12 месеци 22.7% од испитаниците се изјасниле позитивно. (3% повеќе пати, 7.1% неколку пати, а 12.6% еднаш до два пати).

Од испитаниците, 11.5% изјавиле дека се случило да исмејуваат некого на социјалните мрежи. Во последните 12 месеци, 11.9% од испитаниците го направиле тоа (2.3% повеќе пати, 3.9% неколку пати, а 5.7% еднаш до два пати). Голем е и процентот на испитаници, 10%, кои се изјасниле дека им се случило некогаш да упатат пораки со непристојна содржина кон свој врсник. Во последните 12 месеци, 10% се изјасниле дека го направиле тоа (2.7% повеќе пати, 3.4% неколку пати, а 3.9% еднаш до два пати).

Најмалку потврдени одговори има на прашањето дали испитаникот некогаш се најавил во профил на негов врсник и од таму испраќал навредувачки коментари на врсниците. Само 2.3% од испитаниците одговориле потврдно на ова прашање. Во последните 12 месеци, 3.2% го направиле тоа (0.5% повеќе пати ,1.1% неколку пати, а 1.6% еднаш до два пати. (Види Табела 4 и Табела 5).

## 2.3 Разлики меѓу децата од различен пол во однос на искуство со доживеана виктимизација од врсници на социјалните мрежи

Во рамки на трудот беше истражувана посебната хипотеза дека постојат разлики врз основа на полот во однос на искуството на децата со виктимизацијата на социјалните мрежи.

Во таа смисла, резултатите од емпириското истражување укажуваат дека постои зголемен ризик за девојчињата да искусат некои форми на виктимизација. Тие се следните:

- да се шират гласини за нив на социјалните мрежи;
- да бидат не прифатени од група на врсници на социјалните мрежи, со цел да бидат навредени или понижени;
- да бидат игнорирани од група на деца на социјалните мрежи;
- постојано да добиваат пораки од врсник со кој не сака да има контакт;

За горенаведените облици, p-вредностите на Хи-квадрат тестот укажуваат на статистичка значајна поврзаност меѓу полот и можноста да се биде виктимизиран на социјалните мрежи. Меѓутоа, со исклучок на горенаведените облици на виктимизација, за останатите облици на виктимизација, резултатите покажуваат дека не постои статистички значајна разлика меѓу девојчињата и момчињата во однос на искуството со виктимизација на социјалните мрежи. ( Види Табела 6)

Според тоа, може да заклучиме дека хипотезата *Постојат разлики меѓу децата од различен пол во однос на искуство со виктимизација на социјалните мрежи делумно се потврдува.*

## 2.4 Разлики меѓу децата од различна возраст во однос на искуство со доживеана виктимизација од врсници на социјалните мрежи

Во рамки на трудот е поставена хипотеза која тврди дека возраста на детето може да се поврзе со ризикот од виктимизација на социјалните мрежи.

Во истражувањето се вклучени четири возрасти на децата : 15, 16, 17 и 18 години.

Резултатите од статистичката анализа покажуваат дека не постои статистичка значајна разлика меѓу децата од различна возраст во однос на нивното искуство со виктимизација на социјалните мрежи ($p > 0,05$). Процентот на деца кои имале такви искуства е релативно конзистентен во различни возрасни групи. Накратко кажано, анализата не утврди значителна варијација во искуството со виктимизација на социјалните мрежи кај децата од различна возраст. Ваквиот заклучок е донесен за сите видови на виктимизација кои беа вклучени како опција во анкетниот прашалник (Види Табела 7). Една од причините за ова би можела да биде фактот дека изложеноста на социјалните мрежи е многу слична за овие возрасни групи.

Со оглед на тоа што сите овие деца се тинејџери кои користат најчесно исти или слични социјални платформи на интернет, нивните искуства со виктимизација веројатно не се разликуваат значително. Социјалните мрежи нудат исти функционалности за сите корисници, без разлика на возраста. На пример, платформите како Facebook, Instagram, TikTok и други, не ги класифицираат своите корисници по возраст, што значи дека децата имаат пристап до исти содржини и се изложени на исти типови ризици од виктимизација.

Резултатите од нашето истражување покажаа дека *хипотезата која тврди дека постојат значајни разлики меѓу децата од различна возраст во однос на искуство со виктимизација на социјалните мрежи се отфрлува.*

## 2.5 Поврзаноста на виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи со понискиот степен на социјализација

Прашањата за социјализација кои беа дел од анкетниот прашалник, се однесуваат на социјалниот круг на испитаниците, пријателите кои ги опкружуваат и начинот на кој го поминуваат слободното време.

Според одговорите на испитаниците, децата најчесто имаат широк круг на пријатели и немаат тешкотии при стапување во контакт со своите врсници. Многу е мал процентот на испитаници кои се изјасниле дека имаат социјално затворен живот.

Најголем дел од децата сакаат да го минуваат слободното време со своите пријатели. при што најчесто (40,6%), одбираат мала група на пријатели (1-3). Еден дел од децата (5.1%) сакаат слободното време да го минуваат сами. Речиси сите испитаници се грижат за своите пријатели (94.3%) и се подготвени да им помогнат на истите доколку се најдат во неволја (97%).

Децата најчесто сакаат да се дружат со пријатели надвор од училиште (62.9%). Еден дел од учесниците (25.3%) сакаат да се дружат со пријатели од училиште. Мал процент (3.5%), преферираат да се дружат со пријатели од социјалните мрежи (онлајн пријатели). [217]

Заради потребата да се утврди поврзаноста помеѓу понизок степен на социјализација кај децата од една страна и ризикот од виктимизација на социјалните мрежи од друга, во склоп на истражувањето, беа анализирани одговори од испитаниците на прашања поврзани со овие теми.

[217] Дел од учесниците потенцираа дека за време на ковид пандемијата се запознале со онлајн пријатели со кои сега сакаат да минуваат повеќе време.

Според резултатите од анализата, постои веројатност лицата кои тешко воспоставуваат контакт со врсници да се во поголем ризик да доживеат непријатно искуство на социјалните мрежи во форма на :

- да бидат нарекувани со погрдни имиња од врсници;
- да бидат злогласно озборувани од врсници;
- да се шират гласини за нив;
- да бидат исмејувани од врсници,;
- да примаат закани од друго дете или група на деца;
- да биде создаден лажен профил со слика и податоци од нив со цел да бидат навредени и исмејувани;
- да направат нешто што не сакаат поради закани од дете или група на деца;
- да бидат објавени лажни/модифицирани фотографии од нив;
- да бидат не прифатени од група на врсници, со цел да бидат навредени или понижени;
- постојано да добиваат пораки од врсник со кој не сакаат да имаат контакт;
- да добиваат пораки со непристојна содржина.

Анализата на резултатите за прашањето кое се однесува на тоа дали детето чувствува страв кога им пристапува на врсниците, покажа статистички значајна поврзаност на оваа варијабла со следниве начини на вознемирување и малтретирање:

- да бидат нарекувани со погрдни имиња од врсниците;
- да се шират гласини за нив;
- да бидат исмејувани од врсници,
- да биде искористен нивниот профилот од нивен врсник, така што истиот би испраќал лажни пораки до нивните познаниците, во нивно име;
- да бидат сликани/снимени и таквите фотографии/видеа без нивна дозвола да бидат објавени;
- да бидат не прифатени од група на врсници, со цел да бидат навредени или понижени;
- да направат нешто што не сакаат поради закани од врсник или група на деца;
- да бидат не прифатени од група на врсници, со цел да бидат навредени или понижени;
- да бидат игнорирани од група на деца;

Во рамките на истражувањето беше анализирано дали децата кои не сакаат да го минуваат слободното време со своите другари/другарки се во поголем ризик за разлика од другите деца. Резултатите од анализата покажуваат дека кај децата кои не сакаат да го минуваат слободното време во дружење и забава со своите другари, се зголемува ризикот од

доживување на некое од следните негативни искуства:

- да биде создаден лажен профил со слика и податоци од нив со цел да бидат навредени и исмејувани;
- да биде искористен нивниот профил од врсник, така што истиот би испраќал лажни пораки до нивните познаници, во нивно име;
- да добиваат закани од врсник или група на деца,
- да бидат исмејувани од врсници,
- да бидат сликани/снимени и таквите фотографии/видеа без нивна дозвола да бидат објавени на социјалните мрежи;
- да бидат игнорирани од врсниците
- да бидат објавени лажни/модифицирани слики од нив
- да бидат не прифатени од група на врсници

Резултатите покажуваат дека повеќето од за испитаниците кои се изјасниле дека немаат многу социјално отворен живот можно е да се зголемува ризикот од појавата. Сепак, процентот на лица кои се изјасниле дека се социјално затворени е многу мал. Од друга страна целокупната анализа покажува дека значително поголем дел од испитаниците кои се изјасниле дека уживаат во социјализација со своите врсници исто така доживеале нешто од наброените облици на виктимизација. Според тоа поставената хипотеза која гласи, *понискиот степен на социјализација на децата кој е тесно поврзан со процесот на отуѓување го олеснува процесот на виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи се отфрла.*

## 2.6 Поврзаноста меѓу некои психолошки фактори и виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи

Во истражувањето за овој магистерски труд, еден дел од прашањата се однесуваат на некои психолошки карактеристики на испитаниците. Целта на овие сетови на прашања е да се утврди врската меѓу самодовербата на децата, по изразените чувства на осаменост или присуство на депресивни симптоми со виктимизацијата на социјалните мрежи.[218] Според

[218] Прашањата за самодоверба се превземени од Hafekost K., Boterhoven de Haan K., Lawrence, D., Sawyer M.G., and Zubrick S.R., Validation of the Adolescent Self-Esteem Questionnaire, 2017. „Овој прашалник беше дизајниран за да ја измери самодовербата на тинејџерите. Скалата се покажа дека има валидни и релијабилни мерки за самодоверба. Скалата покажа високо ниво внатрешна конзистентност, валидност на конструкција и

одговорите, една третина (35%) од испитаниците се изјасниле дека врз градењето на нивното мислење за себе влијае тоа што мислат другите врсници за нив. Не е за потценување ни фактот дека 25% од испитаниците дозволуваат нивниот физичкиот изглед да има влијание врз нивната самодоверба. Загрижувачки е и фактот што 28% од испитаниците чувствуваат дека никој не ги разбира.

Заради потребата да се утврди поврзаноста помеѓу самодовербата на децата и депресивните симптоми од една страна и ризикот од виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи од друга страна, беа анализирани одговори од испитаниците на прашањата за прашањата за самодоверба.[219] и прашањата за депресивност и осаменост.[220]

Анализата покажува статистички значајна поврзаност помеѓу доживувањето на виктимизација на социјалните мрежи од една страна и намаленото ниво на самодоверба и присуството на депресивни симптоми од друга страна.

Според резултатите од x2 тестовите, варијаблата која покажува дали мислењето на другите влијае врз градењето на сликата за себеси кај испитаниците покажа статистичка поврзаност со една варијабла. Заради подобра анализа на резултатите од оваа варијабла беа ре кодирани на помалку можни одговори,[221] Според резултатите, постои можност децата кои им придаваат значење на перцепциите на другите за нивната личност да се во поголем ризик од виктимизација на социјалните од игнорирање од група на деца.

Испитаниците одговараа и на прашањето „Дали имаат тенденција, доколку направат некоја мала грешка, постојано да размислуваат за таа грешка“. Според резултатите, постои значителна веројатност дека децата кои интензивно размислуваат за секоја своја грешка се изложени на поголем ризик од вознемирување и малтретирање на социјалните мрежи на следниве начини:

- да бидат преземени лични податоци за нив од нивните социјалните мрежи;
- да бидат неприфатена од група на врсници, со цел да бидат навредени или понижени;
- постојано да добиваат пораки од врсник со кој не сакаат да имаат контакт;

Од испитаниците  беше побарано да одговорат дали поради нивниот физички изглед имаат намалена самодоверба. Резултатите покажаа дека, испитаниците кои одговориле позитивно на овој став, се во поголем ризик да бидат виктимизирани на социјалните мрежи

веродостојност на ретестирање. Оваа скала се покажа подеднакво добра како и RSES (Rosenberg Self-Esteem Scale) , што е сегашната  стандардна мерка за самодоверба.

[219] На испитаникот му беа понудени следниве одговори: 1. Целосно се согласувам, 2. Делумно се согласувам, 3. Не знам, 4. Делумно не се согласувам, 5. Целосно не се согласувам

[220] Испитаникот можеше да избери една од следните изјави: 1. Често, 2. Понекогаш, 3. Никогаш

[221] Резултатите беа рекодирани, и анализата беше извршена на следниве можни одговори 1. Се согласувам, 2.Не се согласувам 3. Не знам

речиси на сите наброени начини. Прашањето во однос на тоа дали физичкиот изглед кај испитаникот влијае за намалена самодоверба, покажа статистичка поврзаност следниве варијабли:

- да бидат нарекувани со погрдни имиња од врсници;
- да бидат злогласно озборувани од врсници;
- да се шират гласини за нив;
- да бидат исмејувани од врсници,
- да биде создаден лажен профил со слика и податоци од нив со цел да бидат навредени и исмејувани;
- да направат нешто што не сакаат поради закани од дете или група на деца;
- да бидат објавени лажни/модифицирани фотографии од нив;
- да бидат не прифатени од група на врсници, со цел да бидат навредени или понижени;
- да бидат игнорирани од група на деца;
- постојано да добиваат пораки од врсник со кој не сакаат да имаат контакт;
- да добиваат пораки со непристојна содржина.

Следно, од испитаниците беше побарано да го искажат својот став дали имаат со кого да разговараат за своите проблеми. Според резултатите од истражувањето, постои веројатност за децата кои немаат со кого да разговараат за своите проблеми да се во поголем ризик од следниве ситуации:

- да бидат нарекувани со погрдни имиња од врсници;
- да бидат злогласно озборувани од врсници;
- да се шират гласини за нив;
- да примаат закани од друго дете или група на деца;
- да биде создаден лажен профил со слика и податоци од нив со цел да бидат навредени и исмејувани;
- да биде искористен нивниот профил од некој врсник, така што истиот би испраќал лажни пораки до познаниците на жртвите, во нивно име;
- да бидат сликани/снимени и таквите фотографии/видеа без нивна дозвола да бидат објавени;
- да направат нешто што не сакаат поради закани од дете или група на деца на социјалните мрежи;
- да бидат објавени лажни/модифицирани фотографии од нив;
- да бидат не прифатени од група на врсници, со цел да бидат навредени или понижени;
- некој од врсници лажно да ги пријави на социјалните мрежи, за да биде избришан

нивниот профил;

- да бидат игнорирани од група на деца;
- постојано да добиваат пораки од врсник со кој не сакаат да имаат контакт;
- да добиваат пораки со непристојна содржина.

Во однос на прашањето кое се однесува на тоа дали испитаниците имаат чувство дека никој не ги разбира, резултатите покажуваат дека децата кои имаат чувство дека не се разбрани од никого се во поголем ризик да искусат:

- да бидат нарекувани со погрдни имиња од врсници;
- да бидат злогласно озборувани;
- да бидат ширени гласини за нив;
- да бидат исмејувани;
- да примаат закани од друго дете или група на деца;
- да биде создаден лажен профил со слика и податоци од нив со цел да бидат навредени и исмејувани;
- да бидат сликани/снимени и таквите фотографии/видеа без нивна дозвола да бидат објавени;
- да направат нешто што не сакаат поради закани од дете или група на деца;
- да бидат не прифатени од група на врсници, со цел да бидат навредени или понижени;
- да бидат игнорирани од група на деца;
- постојано да добиваат пораки од врсник со кој не сакаат да има контакт;
- да добиваат пораки со непристојна содржина.

Понатаму, следуваат исказите за присуството на депресивни симптоми кај испитаниците и нивна поврзаност со можна виктмизизација. Резултатите покажуваат значителна статистичка поврзаност меѓу овие варијабли. Според резултатите, децата кои се изјасниле дека се чувствуваат депресивно, се повеќе подложни да да доживеат негативно искуство онлајн. Варијаблата што ја испитува присутноста на депресивни симптоми кај испитаниците покажа статистичка поврзаност со следните начини на сајбер вознемирување и малтретирање:

- да бидат нарекувани со погрдни имиња од врсници;
- да бидат злогласно озборувани од врсници;
- да бидат исмејувани од врсници,
- да примаат закани од друго дете или група на деца;
- да биде искористен нивниот профил од некој врсник, така што истиот би испраќал

лажни пораки до познаниците на жртвите, во нивно име;

- да бидат сликани/снимени и таквите фотографии/видеа без нивна дозвола да бидат објавени на социјалните мрежи;
- да направат нешто што не сакаат поради закани од дете или група на деца;
- да бидат не прифатени од група на врсници, со цел да бидат навредени или понижени;
- да бидат игнорирани од група на деца;
- постојано да добиваат пораки од врсник со кој не сакаат да има контакт;
- да добиваат пораки со непристојна содржина.

Резултатите се покажаа слични и за прашањето која ја испитува анксиозноста на испитаниците. Резултатите покажуваат дека постои можност лицата кои често се анксиозни да се во поголем ризик да доживеат:

- да бидат злогласно озборувани од врсници;
- да бидат ширени гласини за нив;
- да биде искористен нивниот профил од некој врсник, така што истиот би испраќал лажни пораки до познаниците на жртвите, во нивно име;
- да бидат сликани/снимени и таквите фотографии/видеа без нивна дозвола да бидат објавени;
- да направат нешто што не сакаат поради закани од дете или група на деца
- да бидат не прифатени од група на врсници, со цел да бидат навредени или понижени;
- да бидат игнорирани од група на деца;
- постојано да добиваат пораки од врсник со кој не сакаат да има контакт;
- да добиваат пораки со непристојна содржина.

Што се однесува пак на лицата кои понекогаш чувствуваат анксиозност, постои веројатност да се во поголем ризик од следниве несакани ситуации :

- да бидат нарекувани со погрдни имиња од врсници;
- да бидат злогласно озборувани од врсници;
- да бидат исмејувани од врсници,
- да примаат закани од друго дете или група на деца;
- да бидат сликани/снимени и таквите фотографии/видеа без нивна дозвола да бидат објавени;
- да направат нешто што не сакаат поради закани од дете или група на деца;
- да бидат не прифатени од група на врсници, со цел да бидат навредени или понижени;
- да бидат игнорирани од група на деца;
- постојано да добиваат пораки од врсник со кој не сакаат да имаат контакт;

- да добиваат пораки со непристојна содржина.

Понатаму, беше испитана врската меѓу ризикот од виктимизација кај децата на социјалните мрежи, и чувството на осаменост. Резултатите покажаа дека децата кои почесто се чувствуваат осамено се во поголем ризик од следниве ситуации:

- да бидат нарекувани со погрдни имиња од врсници;
- да бидат злогласно озборувани од врсници;
- да бидат исмејувани од врсници,
- да бидат ширени гласини за нив;
- да примаат закани од друго дете или група на деца;
- да направат нешто што не сакаат поради закани од дете или група на деца;
- да бидат објавени лажни/модифицирани слики од нив н социјалните мрежи;
- да бидат не прифатени од група на врсници, со цел да бидат навредени или понижени;
- да бидат игнорирани од група на деца;
- постојано да добиваат пораки од врсник со кој не сакаат да имаат контакт;
- да добиваат пораки со непристојна содржина.

И како последно, од испитаниците беше побарано да се изјаснат како се чувствуваат во однос на тагата. Така, според резултатите, често чувство на тага го зголемува ризикот од следниве несакани ситуации:

- да бидат нарекувани со погрдни имиња од врсници;
- да бидат злогласно озборувани од врсници;
- да се шират гласини за нив;
- да бидат исмејувани од врсници
- да примаат закани од друго дете или група на деца;
- да биде создаден лажен профил со слика и податоци од нив со цел да бидат навредени и исмејувани;
- да биде искористен нивниот профил од некој врсник, така што истиот би испраќал лажни пораки до познаниците на жртвите, во нивно име;
- да бидат сликани/снимени и таквите фотографии/видеа без нивна дозвола да бидат објавени;
- да направат нешто што не сакаат поради закани од дете или група на деца;
- да бидат не прифатени од група на врсници, со цел да бидат навредени или понижени;
- да бидат игнорирани од група на деца
- постојано да добиваат пораки од врсник со кој не сакаат да имаат контакт;
- да добиваат пораки со непристојна содржина.

Иако резултатите од истражувањето покажуваат силна статистичка поврзаност меѓу виктимизацијата на социјалните мрежи и присуството на депресивни симптоми, осаменост и анксиозност, не може со сигурност да се утврди дали овие состојби се причински фактори кои го зголемуваат ризикот од виктимизација или, пак, се јавуваат како последици од доживеаната виктимизација, која пак понатаму го олеснуваат процесот на ревиктимизација. Ова покажува на потребата од понатамошно истражување за да се утврдат точните механизми на оваа взаемна поврзаност.

Согласно, сето горе наведено, можеме да заклучиме дека резултатите укажуваат на можна врска меѓу присуството на депресивни симптоми, чувство на осаменост и намалена самодоверба од една страна и ризикот од виктимизација на социјалните мрежи од друга.

Според анализата, постои можност лицата кои имаат намалена самодоверба да се во поголем ризик од виктимизација на социјалните мрежи. Ваквиот заклучок особено се потврдува за лицата кои се им придаваат значење на физичкиот изглед, за оние кои немаат со кого да разговараат за своите проблеми и оние кои се чувствуваат дека никој не ги разбира. Резултатите пак покажуваат дека перцепцијата за тоа како другите ги доживуваат испитаниците не влијае на зголемен ризик од виктимизација. Исто така, според резултатите и оние деца кои често размислуваат за мали грешки за повеќето начини на виктимизација се покажа дека веројатно не се во зголемен ризик.  Што се однесува пак на врската помеѓу депресијата, осаменоста со ризикот од виктимизација, резултатите покажуваат дека присуството на депресивни симптоми, осаменост, анксиозност и тага веројатно го зголемуваат ризикот за поголемиот дел од наброените форми на виктимизација на социјалните мрежи.

Иако резултатите посочуваат на можна врска помеѓу намалената самодоверба и присуството на депресивни симптоми со зголемен ризик од виктимизација, сепак, еден дел од испитаниците што се изјасниле дека имаат намалена самодоверба и депресивни симптоми не биле жртви на виктимизација на социјалните мрежи, што укажува на тоа дека иако намалената самодоверба и депресивните симптоми може да бидат ризичен фактор, не секогаш водат до виктмизација на социјалните мрежи. Но, мора да земеме во предвид дека голем е процентот на испитаници кои се изјасниле дека доживеале негативно искуство на интернет и притоа имаат дел од наброените психички симптоми.

Според тоа, хипотезата *„Пониският степен на самодоверба, по изразените чувства на осаменост или присуство на депресивни симптоми, го зголемуваат ризикот од виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи“ делумно се потврдува.*

### 2.7 Поврзаноста меѓу семејните фактори и виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи

Еден дел од прашањата во емпириското истражување за овој магистерски труд се фокусираа на надзорот и контролата од страна на родителите во врска со користењето на социјалните мрежи, семејните односи и негативните случувања во животот на децата. Резултатите покажуваат дека децата генерално подобро ги разбираат социјалните мрежи од своите родители, што им дава одредена предност доколку сакаат да прикријат некакви информации. Најчесто, родителите им дозволуваат на децата да имаат сопствени профили, при што 91.5% од испитаниците во истражувањето одговориле потврдно на ова прашање. Загрижувачки е што значителен процент од децата – 17.7% не би им кажале на родителите доколку доживеат било каква форма на вознемирување онлајн, а 17.8% не би им кажале дури ни ако бидат сведоци на такви настани.

Конкретно во врска со контролата на користењето на социјалните мрежи, резултатите укажуваат дека речиси сите испитаници немаат никакви ограничувања. Така, 85% од испитаниците изјавиле дека времето не им е ограничено од страна на родителите, 83.2% изјавиле дека родителите не им поставуваат правила за активностите на социјалните мрежи, а 87.8% се изјасниле дека родителите не им ги проверуваат пораките.

Најголем процент од испитаниците, 47%, изјавиле дека понекогаш разговараат со своите родители за активностите на социјалните мрежи. Сепак, загрижувачки е фактот дека речиси половина од испитаниците, 46.5%, изјавиле дека никогаш не разговараат со родителите за нешто што им пречи или ги вознемирува на социјалните мрежи.

Заради потребата да се утврди поврзаноста меѓу надзорот од страна на родителите врз децата, меѓу семејните односи и негативните случувања во семејството од една страна и ризикот од виктимизација на социјалните мрежи меѓу децата од друга страна, беа анализирани одговори на испитаниците кои се однесуваа на прашања поврзани со овие теми.

Согласно резултатите од истражувањето, не постои значајна поврзаност меѓу варијаблите кои ги испитуваат различните форми на малтретирање на децата и надзорот што го вршат родителите. Резултатите од x2 не покажуваат статистички значајна врска помеѓу овие варијабли ($p > 0.05$). Врз основа на овие резултати, можеме да заклучиме дека намалениот надзор од страна на родителите не го зголемува ризикот од виктимизација на социјалните мрежи кај децата.

Кога станува збор за поврзаноста меѓу негативните случувања во семејството и зголемениот ризик од појавата, резултатите прикажуваат сосема поинаква слика. Учесниците во истражувањето беа поделени во две групи: испитаници кои доживеале некои од наведените негативни настани во животот и испитаници кои немаат доживеано вакви настани. Оваа категоризација овозможува подобро разбирање на влијанието на семејните искуства врз ризикот од виктимизација на социјалните мрежи.[222]

Согласно податоците од истражувањето, децата кои доживеале некакви негативни случувања во семејството се во поголем ризик да доживеат негативно искуство онлајн. Резултатите покажуваат дека речиси сите наброените негативни настани во семејството се во позитивна корелација со зголемен ризик од виктимизација. Уникатност покажува варијаблата која испитува доживување смрт на родител. Според резултатите, децата кои имаат доживеано ваков настан не се во зголемен ризик од виктимизација. Во однос на прашањето дали испитаниците некогаш биле сведоци на сериозна болест кај некој од родителите или блиска личност, резултатите покажуваат дека доживувањето на такви настани може да биде фактор кој влијае врз зголемување на ризикот од појавата кај децата. Тие се во поголем ризик да доживеат нешто од наведеното:

- да бидат нарекувани со погрдни имиња од врсници;
- да бидат злогласно озборувани од врсници;
- да бидат исмејувани од врсници,
- да бидат сликани/снимени и таквите фотографии/видеа без нивна дозвола да бидат објавени;
- да бидат игнорирани од група на деца;
- постојано да добиваат пораки од врсник со кој не сакаат да имаат контакт;
- да добиваат пораки со непристојна содржина.

Понатаму, резултатите покажуваат дека децата кои растеле во семејства каде еден од родителите имал проблеми со алкохол може да бидат изложени на поголем ризик од вознемирувачки настани на социјалните мрежи, за разлика од децата кои немаат искусено такви предизвици во своето семејство. Анализата на податоците укажува на позитивна корелација помеѓу оваа варијабла и следниве облици на негативни ситуации:

- да бидат нарекувани со погрдни имиња од врсници;
- да бидат злогласно озборувани од врсници;

---

[222] Негативни случувања кои беа наведени во прашалникот се: смрт на родител, многу сериозна болест на родител, некој од родителите да има проблеми со алкохол, некој од родителите, да има проблеми со дрога, родителите физички да се нападнат меѓу себе, родителите да имаат жестоки расправии меѓу себе, родителите да се разведат или разделат,

- да се шират гласини за нив;
- да бидат исмејувани,
- да примаат закани од друго дете или група на деца;
- да биде создаден лажен профил со слика и податоци од нив со цел да бидат навредени и исмејувани;
- да бидат сликани/снимени и таквите фотографии/видеа без нивна дозвола да бидат објавени;
- да направат нешто што не сакаат поради закани од дете или група на деца;
- да бидат објавени лажни/модифицирани фотографии од нив;
- да бидат не прифатени од група на врсници, со цел да бидат навредени или понижени;
- да бидат игнорирани од група на деца;
- постојано да добиваат пораки од врсник со кој не сакаат да имаат контакт;
- да добиваат пораки со непристојна содржина.

Следната анализа на податоците е извршена врз основа на прашањето поврзано со користењето на дрога од страна на еден од родителите. Според анализата, користењето на дрога од страна на родител во семејството е фактор кој може да го зголеми ризикот од следните ситуации:

- да бидат нарекувани со погрдни имиња од врсници;
- да доживеат некој врсник да влезе во нивниот профил и да ги преземе нивните лични податоци;
- да бидат објавени лични податоци за жртвите;
- да бидат исмејувани од врсници;
- да примаат закани од друго дете или група на деца;
- да биде напишан коментар во име на жртвите, користејќи ги нивните лични податоци и слика;
- да биде создаден лажен профил со слика и податоци од жртвите со цел да бидат навредени и исмејувани;
- да биде искористен профилот на жртвите од врсник, така што истиот би испраќал лажни пораки до познаниците на жртвите, во нивно име;
- да бидат приморани да направат нешто што не сакаат под притисок и закани од врсник или група на деца;
- да бидат објавени лажни/модифицирани фотографии од нив;
- некој од нивните врсници лажно да ги пријави на социјалните мрежи, за да бидат избришани нивните профили;

- да добиваат пораки со непристојна содржина.

Согласно резултатите од истражувањето, беше утврдена статистички значајна поврзаност меѓу варијаблата што испитува дали лицето било сведок на физички конфликти меѓу неговите родители и варијаблите што ги испитуваат формите на доживеано малтретирање од врсници на социјалните мрежи. Согласно резултатите, децата кои биле сведоци на физички конфликти во семејството, се во поголем ризик да ги доживеат сите наброени ситуации на малтретирање и вознемирување на социјалните мрежи.

Слична е состојбата и со варијаблата која испитува дали испитаникот бил сведок на жестоки расправии меѓу неговите родители. Резултатите укажуваат дека децата кои биле изложени на вакви негативни искуства во семејството имаат зголемен ризик од следниве ситуации:

- да бидат злогласно озборувани од врсници;
- да бидат ширени гласини за нив;
- да бидат исмејувани;
- да примаат закани од друго дете или група на деца;
- да биде напишан коментар во нивно име, користејќи ги нивните лични податоци и слика;
- да биде создаден лажен профил со слика и податоци од жртвите со цел да бидат навредени и исмејувани;
- да биде искористен профилот на жртвите од врсник, така што истиот би испраќал лажни пораки до познаниците на жртвите, во нивно име;
- да бидат приморани да направат нешто што не сакаат под притисок и закани од врсник или група на деца;
- да бидат игнорирани од група на деца
- постојано да добиваат пораки од врсник со кој не сакаат да имаат контакт;
- да добиваат пораки со непристојна содржина.

Последната варијабла која ги испитува негативните искуства во семејството се однесува на тоа дали испитаникот доживеал разделба или развод на неговите родители. Резултатите од истражувањето покажуваат дека доживувањето на развод или разделба на родителите го зголемува ризикот децата да доживеат:

- да бидат нарекувани со погрдни имиња од врсници;
- да бидат злогласно озборувани од врсници;
- да бидат ширени гласини за нив;
- да бидат исмејувани,

- да биде создаден лажен профил со слика и податоци од нив со цел да бидат навредени и исмејувани;
- да мора да направат нешто што не сакаат под притисок од закани од врсник или група на деца на социјалните мрежи;
- да бидат објавени лажни/модифицирани фотографии од нив;
- да бидат игнорирана од група на деца;
- постојано да добиваат пораки од врсник со кој не сакаат да имаат контакт;
- да добиваат пораки со непристојна содржина.

Согласно горенаведените резултати, можеме да заклучиме дека истражувањата покажале на можна поврзаност помеѓу негативните случувања во семејството кај децата од една страна и ризикот да доживеат вознемирувачки ситуации на социјалните мрежи. Децата кои доживуваат некакви негативни случки во семејството, веројатно се соочуваат со емоционална и психичка вознемиреност. Оваа вознемиреност пак, може да се манифестира со пониска самодоверба и зголемена ранливост од виктимизација на социјалните мрежи. Децата од нарушени семејства веројатно имаат помала емоционална поддршка неопходна да се заштитат од сајбер виктимизацијата . Ваквите деца, може да покажат однесување кои врсниците може да го толкуваат како знак за слабост и со тоа да го привлечат вниманието на сторителите. Тука е и срамот од доживувањето на некоја негативна случка во семејството, што може да придонесе децата од ваквите семејства да бидат неправедно судени или исклучени од друштвото поради нивната семејна ситуација. Во обид да се справат со нивната ситуација, можно е да побараат внимание на социјалните мрежи со нивните активности (искажување емоции, објавување слики, итн.) што може да резултира со контраефект.

За испитувањето на односот меѓу децата и родителите, во истражувањето беа вклучени соодветни варијабли. Варијаблите испитуваат дали испитаниците се сложуваат добро со својата мајка и со својот татко.

Анализата покажува дека постои статистички значајна врска помеѓу нарушените односи со таткото и зголемениот ризик од следниве негативни ситуации:

- да бидат нарекувани со погрдни имиња;
- да бидат сликани/снимени и таквите фотографии/видеа  без нивна дозвола да бидат објавени;
- да бидат игнорирани од група на деца;

Според резултатите, децата кои повремено имаат нарушени односи со својата мајка се изложени на зголемен ризик од:

- да биде напишан коментар на социјалните мрежи во нивно име, користејќи ги нивните

лични податоци и слика;

- да биде искористен нивниот профил од врсник, така што истиот би испраќал лажни пораки до нивните познаници;
- да мора да направат нешто што не сакаат под притисок од закани од врсник или група на деца;
- да бидат игнорирани од група на деца;

Согласно анализата на резултатите, повеќето варијабли кои ги испитуваат начините на виктимизација не покажуваат никаква поврзаност со варијаблата која го испитува односот со родителите. Истовремено, резултатите покажаа дека надзорот од страна на родителите не го зголемува ризикот од виктимизација на децата на социјалните мрежи. Повремено нарушен однос со родителите, укажува на можно зголемување на ризикот децата да бидат повредени на некои од наброените начини. Кога станува збор за поврзаноста помеѓу негативните случувања во животот на детето и зголемениот ризик од виктимизација на социјалните мрежи, резултатите се поразлични. Според резултатите децата кои се изложени на некој негативен настан во својот живот се во поголем ризик. Според тоа, можеме да заклучиме дека поставената хипотеза, *децата кои доаѓаат од семејства каде има послаб надзор од страна на родителите и има присуство на поладни односи имаат поголема можност да бидат виктимизирани на социјалните мрежи делумно се потврдува.*

## 2.8 Поврзаноста меѓу технолошки фактори и виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи

Интензитетот на користење на социјалните мрежи и впуштањето во ризични активности на може да претставуваат значајни фактори за зголемен ризик од виктимизација на социјалните мрежи. Токму поради тоа, еден дел од прашањата во истражувањето беа посветени на некои технолошки фактори. Дел од прашањата се однесуваа за фреквенцијата со која испитаниците ги користат социјалните мрежи, нивната зависност од истите, бројот на социјални мрежи што ги користат, бројот на пријатели што ги познаваат само преку социјалните платформи, како и колку често имаат личен контакт со луѓе што ги запознале онлајн.

Според одговорите во однос на интензитетот на користење на социјалните мрежи и интернетот воопшто, нема испитаници кои не користат интернет или го користат многу ретко, што е очекувано со оглед на неговата значајна улога во секојдневието. Вкупно 90.6%

од испитаниците изјавиле дека го користат интернетот секој ден, додека 8.7% го користат речиси секој ден во неделата. Само 0.7% од испитаниците изјавиле го користат неколку пати месечно.

Кога станува збор за социјалните мрежи, повеќе од половина испитаници - 59.4% се изјавиле дека се вклучуваат на социјалните мрежи неколку пати во еден час, 6.5% еднаш во еден час, а додека 29.9% неколку пати во денот.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека секој од испитаниците е активен барем на една социјална мрежа. Повеќето од половина испитаници - 51.2% користат повеќе социјални мрежи (4 и повеќе). Од испитаниците 41.5% се изјасниле дека користат 2-3 социјални мрежи. Само 7.1% од испитаниците кажале дека користат само една социјална мрежа.

Од одговорите кои беа дадени, очигледно е дека децата користат голем број на социјални платформи. Најчесто користена мрежа е Instagram – 95.4%, понатаму Facebook - 82.7%, Tik Ток - 66.1%, Viber - 57.6%. Повеќе од половина испитаници, односно 52.7% имаат профил на Snapchat. What's up го користат 19.8% од анкетираните, а Twitter 17.1% (Види Графикон 3). Оние кои дадоа одговор дека користат други социјални мрежи, ги наведоа следниве: Youtube, Bereal, Discord, Telegram, LinkedIn.

Во поглед на активностите, повеќето од испитаниците се изјаснија дека социјалните мрежи не ги користат со голем интензитет. Така, најчесто децата (23.5%) објавуваат статуси на социјалните мрежи само неколку пати месечно. Фотографии од себеси на социјалните мрежи, најголем број на испитаници (36.1%) објавуваат само неколку пати годишно, додека пак најголем процент на испитаници (61.8%,) никогаш не објавуваат видеа од себеси. Децата најчесто објавуваат новости (story) неколку пати месечно, исто така неколку пати месечно коментираат на објави од врсници, а додека апликацијата за разговор не ја користат многу често. Повеќе од половина испитаници (54.4%) воопшто не ја користат оваа апликација. Во поглед на играње игри на социјалните мрежи, имаме различни одговори, но сепак најголем дел од испитаниците (27%) се изјасниле дека никогаш не играат игри. Исто така релативно голем процент од анкетираните (84%) никогаш не се вклучуваат во живо (live).

Заради потребата да се утврди поврзаноста помеѓу интензитетот на користење на социјалните мрежи кај децата и ризикот од негативни искуства онлајн, беа анализирани одговорите на учесниците кои се однесуваа на прашања поврзани со овие теми.

Првото прашање во анкетата кое беше поставено на оваа тема бара одговор колку често испитаникот користи интернет. [223]

Според резултатите од анализата, зачестеното користење на интернетот не го зголемува ризикот од виктимизација на наброените начини. Вакви резултати покажа и следното прашање кое се однесува на тоа колку често корисниците се онлајн за да ги користат социјалните мрежи.[224] Не се пронајдени показатели кои би покажале дека времето минато на социјалните мрежи ја зголемува можноста за виктимизација од врсници кај децата, на било каков начин. Понатаму, од испитаниците е побарано да одговорат на колку социјални мрежи имаат активен профил.[225] Резултатите од истражувањето не покажуваат поврзаност меѓу бројот на активни профили на социјалните мрежи и веројатноста да се биде виктимизиран.

Заради утврдување на поврзаноста помеѓу зачестеноста на постирање и ризикот од виктимизација на социјалните мрежи на испитаниците им беа поставени одредена група на прашања.[226] Заради полесна обработка на податоците, одговорите беа ре кодирани во три можни опции.[227] Резултатите покажаа дека голем дел на испитаниците иако не постираат редовно, доживеале некакво негативно искуство на социјалните мрежи. Кај оние пак кои почесто постираат, резултатите покажуваат поврзаност со некои форми на вознемирување и малтретирање.

Најпрво од испитаниците беше побарано да одговорат колку често објавуваат на статуси на социјалните мрежи. Според резултатите, зачестеното објавување на статуси кај децата го можно е да влијае на доживување на некоја од следниве ситуации:

- да бидат нарекувани со погрдни имиња од врсниците;
- да бидат ширење гласини за нив;

---

[223] Учесниците се категоризирани во 5 групи на можни одговори (испитаници кои користат интернет секој ден, испитаници кои користат интернет речиси секој ден во неделата, испитаници кои користат интернет неколку пати месечно, испитаници кои користат интернет еднаш месечно и испитаници кои не користат интернет).

[224]Учесниците се категоризирани во 6 групи на можни одговори (испитаници кои се онлајн неколку пати во еден час, испитаници кои се онлине еднаш во еден час, испитаници кои се онлине неколку пати во денот, испитаници кои се онлине неколку пати во неделата, испитаници кои се онлине ретко, испитаници кои никогаш не се онлајн).

[225] Учесниците се категоризирани во 4 групи на можни одговори (испитаници кои користат една социјална мрежа, испитаници кои користат две до три социјални мрежи, испитаници кои користат три или повеќе социјални мрежи и испитаници кои не користат социјални мрежи).

[226] Одговорите на учесниците ги групираат испитаниците во 8 различни групи ( испитаници кои објавуваат статуси неколку пати на ден, испитаници кои објавуваат статуси еднаш дневно, испитаници кои објавуваат статуси речиси секој ден во неделата, испитаници кои објавуваат статуси неколку пати месечно, испитаници кои објавуваат статуси еднаш месечно, испитаници кои објавуваат статуси неколку пати годишно и испитаници кои никогаш не објавуваат статуси)

[227] Рекодирани одговори во три можни опции: 1.Неделно, 2. Месечно, 3.Никогаш (или не користам социјални мрежи)

- да добијат закани од друго дете или група на деца;
- да бидат сликани/снимени и таквите фотографии/видеа без нивна дозвола да бидат објавени;
- да бидат не прифатени од група на врсници, со цел да бидат навредени или понижени;
- да бидат игнорирани од група на деца;
- да добиваат постојани пораки од врсници со кој не сакаат да имаат контакт;
- да добиваат пораки со непристојна содржина.

Следното прашање кое беше поставено во врска со интензитетот за користење на социјалните мрежи, се однесува за зачестеноста на објавување на лични фотографии. Според резултатите, за децата кои зачестено постираат фотографии од себе на социјалните мрежи постои поголем ризик од следниве ситуации:

- да бидат ширени гласини за нив;
- да примат закани од друго дете или група на деца;
- да биде напишан коментар во нивно име, користејќи ги нивните лични податоци и слика;
- да биде искористен нивниот профил од врсник, така што истиот би испраќал лажни пораки до нивните познаници;
- да бидат сликани/снимени и таквите фотографии/видеа без нивна дозвола да бидат објавени;
- да бидат објавени лажни/модифицирани фотографии од нив;
- да бидат не прифатени од група на врсници, со цел да бидат навредени или понижени;
- да бидат игнорирани од група на деца;
- постојано да добиваат пораки од врсник со кој не сакаат да имаат контакт;
- да добиваат пораки со непристојна содржина.

Од испитаниците беше побарано да одговорат колку често објавуваат фотографии од забавен или едукативен карактер. Според резултатите статистички значајна поврзаност постои меѓу зачестеното постирање на вакви фотографии и следниве ситуации:

- да бидат нарекувани со погрдни имиња од врсниците;
- да бидат ширени гласини за нив;
- да бидат исмејувани
- да примат закани од друго дете или група на деца;
- да биде напишан коментар на социјалните мрежи во нивно име, користејќи ги нивните лични податоци и слика;
- да биде создаден лажен профил со слика и податоци од нив со цел да бидат навредени

и исмејувани;

- да бидат сликани/снимени и таквите фотографии/видеа без нивна дозвола да бидат објавени;
- да бидат објавени лажни/модифицирани фотографии од нив;
- да бидат не прифатени од група на врсници, со цел да бидат навредени или понижени;
- некој од врсници лажно да ги пријави, за да биде избришан нивниот профил;
- да бидат игнорирани од група на деца;
- постојано да добиваат пораки од врсник со кој не сакаат да имаат контакт;
- да добиваат пораки со непристојна содржина.

Следно прашање кое им беше поставено на испитаниците се однесуваше за зачестеноста на објавувањето на видеа. Резултатите укажуваат на поврзаноста од зачестеното објавување на видеа на социјалните мрежи и ризикот од следниве ситуации:

- да бидат ширени гласини за нив;
- да примат закани од друго дете или група на деца;
- да биде напишан коментар во нивно име, користејќи ги нивните лични податоци и слика;
- да биде создаден лажен профил со слика и податоци од нив со цел да бидат навредени и исмејувани;
- да бидат сликани/снимени и таквите фотографии/видеа без нивна дозвола да бидат објавени;
- да бидат објавени лажни/модифицирани фотографии од нив;
- постојано да добиваат пораки од врсник со кој не сакаат да имаат контакт
- да добиваат пораки со непристојна содржина

Понатаму, од испитаниците е побарано да одговорат колку често објавуваат новости на нивните приказни (Story).[228] Според резултатите, зачестеното објавување на новости, можно е да го зголемува ризикот од следниве вознемирувачки ситуации:

- да бидат нарекувана со погрдни имиња од врсниците;
- да бидат ширени гласини за нив
- да бидат исмејувани
- да примат закани од друго дете или група на деца;
- да биде напишан коментар во нивно име, користејќи ги нивните лични податоци и слика;

[228] Испитаниците ги имаа следниве можни одговори : 1. Неколку пати на ден, 2. Еднаш дневно, 3. Речиси секој ден во неделата, 4. Неколку пати месечно, 5. Еднаш месечно, 6, Неколку пати годишно, 7. Никогаш, 8. Не користам социјални мрежи

- да биде создаден лажен профил со слика и податоци од нив со цел да бидат навредени и исмејувани;
- да бидат сликани/снимени и таквите фотографии/видеа без нивна дозвола да бидат објавени;
- да бидат игнорирани
- постојано да добиваат пораки од врсник со кој не сакаат да имаат контакт;
- да добиваат пораки со непристојна содржина.

Понатаму, на испитаниците им беше поставено прашање кое се однесува на зачестеноста на коментирање на објави, фотографии или видеа кај пријатели на социјалните платформи.[229] Според резултатите, зачестеното коментирање на постови кај врсници, можно е да го зголемува ризикот од следниве ситуации:

- да бидат нарекувана со погрдни имиња;
- да бидат ширени гласини за нив;
- да бидат исмејувани од врсници,
- да примат закани од друго дете или група на деца;
- да биде напишан коментар во нивно име, користејќи ги нивните лични податоци и слика;
- да биде создаден лажен профил со слики и податоци од нив со цел да бидат навредени и исмејувани;
- да бидат не прифатени од група на врсници, со цел да бидат навредени или понижени;
- да бидат игнорирани
- постојано да добиваат пораки од врсник со кој не сакаат да имаат контакт;
- да добиваат пораки со непристојна содржина.

Според горенаведените резултати, можеме да заклучиме дека зголемено време на користење на интернет и користењето на повеќе социјални мрежи, не го зголемува ризикот од виктимизација на социјалните мрежи, Зачестено постирање пак покажа поврзаност со одредени начини на виктимизација. Меѓутоа, иако резултатите посочуваат на можна врска помеѓу зачестеното постирање на социјалните мрежи и зголемениот ризик од виктимизација, сепак, мора да земеме предвид дека голем дел од испитаниците што се изјасниле дека често постираат на интернет не биле жртви на виктимизација на социјалните мрежи. Покрај тоа,

[229] Учесниците се категоризирани врз следниве можни одговори ( испитаници кои коментираат на постови од врсници неколку пати на ден, испитаници кои коментираат на постови од врсници еднаш дневно, испитаници кои коментираат на постови од врсници речиси секој ден во неделата, испитаници кои коментираат на постови од врсници неколку пати месечно, испитаници кои коментираат на постови од врсници еднаш месечно, и испитаници кои коментираат на постови од врсници неколку пати годишно, испитаници кои никогаш не коментираат на постови од врсници)

голем е процентот на деца кои поретко или никогаш не постираат на социјалните мрежи, а сепак доживеале некоја форма на малтретирање. Сето тоа укажува дека иако зачестеното постирање може да бидат ризичен фактор, не секогаш е причина за зголемен ризик од виктимизација.

Согласно сето тоа, посебната хипотеза која гласи дека *„Зголемениот интензитет на користење на интернет, користењето на повеќе социјални мрежи и зачестеното постирање од страна на децата, се поврзува со зголемување на ризикот и обемот на виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи“, се отфрлува.*

## 2.9 Поврзаноста меѓу комуникацијата со непознати лица и зголемената достапност на личните податоци со виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи

Комуникацијата со непознати деца на социјалните мрежи и зголемената достапност на личните податоци се сметаат за ризични активности, кои според некои истражувачи, може да го зголемат ризикот од виктимизација на социјалните мрежи (Валваре и Хеирман, 2011; Мишна и други 2012; Наваро и Јуберо, 2012).[230] Токму поради тоа, еден дел од прашањата во истражувањето беа посветени токму на овие теми. Со цел да добиеме одговор дали комуникацијата со непознати лица и зголемената достапност на личните податоци, го зголемуваат ризикот од виктимизација, на испитаниците им беа поставени прашања кои се однесуваа за приватноста на нивниот профил (дали е јавен или приватен)[231], за комуникација со непознати лица[232], дали се сретнале некогаш приватно со личност што ја запознале на социјалните мрежи[233], како и колку често постираат фотографии од нив, видеа од нив или ја користат опцијата да се вклучат во живо (live) на социјалните мрежи[234]

Одговорите на испитаниците покажуваат дека најчесто децата преферираат приватни поставки на нивните профили. Во истражувањето, најголем дел од анкетираните, 63.4% (359 испитаници) се изјасниле дека имаат приватен профил на социјалните мрежи (достапен само за пријатели), додека 24% (136) имаат делумно приватен профил (достапен за пријатели и

[230] Цитирано во Garsia, D., Perez, J., Gonzalez, A., & Perez, C. (2014). *Risk factors associated with cybervictimization in adolescence*. In Sierra, H. C. (Ed.), *International Journal of Clinical and Health Psychology*, Granada.

[231] Учесниците можеа да изберат еден од следниве одговори: 1. Јавен, достапен за секого, 2. Делумно приватен, достапен за пријатели и пријатели на пријателите, 3. Приватен, само пријателите може да го посетат, 4. Немам профил на социјалните мрежи, 5. Не знам

[232] Учесниците можеа да изберат еден од следниве одговори: 1. Да, 2.Не, 3. Не користам социјални мрежи

[233] Учесниците можеа да изберат еден од следниве одговори: 1. Да, 2.Не, 3. Не користам социјални мрежи

[234] Учесниците можеа да изберат еден од следниве одговори: 1. Неколку пати на ден, 2. Еднаш дневно, 3.Речиси секој ден во неделата, 4.Неколку пати месечно, 5.Еднаш месечно, 6.Неколку пати годишно, 7. Никогаш, 8. Не користам социјални мрежи

пријатели на пријателите). Од анкетираните, 10.4% (59) користеле јавен профил (достапен за секого). 1.6% (9) се изјасниле дека не знаат какви се поставките на нивниот профил, додека 0.5% (3) заокружиле одговор дека немаат профил на социјалните мрежи.

Кога станува збор конкретно за комуникацијата со непознати лица на социјалните мрежи, резултатите покажуваат дека голем дел од испитаниците се впуштиле во вакво однесувања. Според резултатите, 44.5% (252) се изјасниле дека во последните 12 месеци преку социјалните мрежи имале контакт со некој којшто воопшто не го сретнале претходно. Остатокот од испитаниците 55.5% (314) одговориле дека немале ваков контакт. Овие резултати ни даваат слика дека добар дел од децата не се свесни за опасностите кои можат да произлезат од комуникација со непознати лица на социјалните мрежи и често се впуштаат во вакви однесувања.

Не е за потценување и процентот на деца кои одговориле дека во последните 12 месеци се сретнале приватно со некого што го запознале на социјалните мрежи. Според резултатите 28.3% (160) одговориле потврдно на ова прашање, додека остатокот 71.7% (406) немале ваков контакт.

Што се однесува на фреквенцијата на постирање на лични фотографии, најголем дел од испитаниците, 36.2% (205) се изјасниле дека објавуваат вакви фотографии неколку пати годишно, 24.6%(139) неколку пати месечно, 18.7% (106) еднаш месечно, 14%(79) не објавуваат вакви фотографии. Дел од испитаниците 4.2% (24) објавуваат фотографии од себеси речиси секој ден во неделата, додека пак 1.6%(9) објавуваат вакви фотографии еднаш дневно. Мал процент, 0.5%(3) објавуваат фотографии од себеси неколку пати на ден.

Од испитаниците беше побарано да одговорат и колку често постираат видеа од себеси на социјалните мрежи. Според одговорите, најголем дел од испитаниците 62%(351) се изјасниле дека никогаш не постираат вакви видеа, 20.3%(115) постираат вакви видеа неколку пати годишно, 8.7%(49) постираат вакви видеа неколку пати месечно, додека 6.5%(37) постираат видеа од себе еднаш месечно. Мал дел од испитаниците, 1.4%(8) постираат видеа од себе речиси секој ден во неделата, а 0.5%(3) заокружиле одговор секој ден. Само, 0.4%(2) од испитаниците неколку пати на ден постирале вакви видеа.

Следно, испитаниците требаше да одговорат колку често на социјалните мрежи ја користат опцијата да се вклучат во живо (live). Според одговорите, најголем дел од испитаниците, 84.5%(478) никогаш не ја користат оваа опција, додека 10.4%(59) ја користат оваа опција неколку пати годишно. Останатите опции добија по мал број на одговори. Така, 1.8%(10) ја користат оваа опција неколку пати месечно, 1.4%(8) еднаш месечно, 0.9(5) неколку пати на ден, 0.5%(3) еднаш во денот, а 0.4%(2) речиси секој ден во неделата.

Покрај овие прашања, испитаниците требаше да одговорат на прашање кое се однесување за тоа колку контакти имаат на социјалните мрежи. Според одговорите, на социјалната мрежа што најмногу ја користат, најголем процент од испитаниците, 22.6%(128) имаат над 500 контакти, 17.1%(97) имаат 200-499 контакти, 14.8%(84) имаат 5-9 контакти, 13.8%(78) имаат 10-19 контакти,12.2%(69) имаат 50-199 контакти, 9.9%(56) имаат 2-4 контакти, 7.6%(43) имаат 20-49 контакти, а 1.9%(11) имаат 1 контакт..

Заради потребата да се утврди поврзаноста помеѓу ризичните однесувања на децата како комуникацијата со непознати лица и достапноста на личните податоци од една страна и ризикот од виктимизација од врсници на социјалните мрежи од друга, беа анализирани одговорите на учесниците кои се однесуваа на овие теми.

Резултатите покажаа дека голем дел од децата иако имале контакт со непознати лица, не биле виктимизирани на социјалните мрежи. Од оние кои имале комуникација со непознати постои можност од зголемен ризикот од доживување на некоја од следниве ситуации:

- добивање пораки во кои се нарекувани со погрди имиња;
- да бидат објавени лични податоци за нив;
- ширење гласини за нив;
- да бидат исмејувани од врсници;
- примање закани од друго дете или група на деца;
- пишување коментари во нивно име, користејќи ги нивните лични податоци и слика;
- да биде искористен нивниот профил од врсник, така што истиот би испраќал лажни пораки во нивно име;
- да бидат сликани/снимени и таквите фотографии/видеа без нивна дозвола да бидат објавени;
- да бидат објавени лажни/модифицирани фотографии од нив;
- да бидат не прифатени од група на врсници, со цел да бидат навредени или понижени;
- некој од врсници лажно да ги пријави на социјалните мрежи, за да биде избришан нивниот профил;
- да бидат игнорирани од група на деца;
- да добиваат постојани пораки од врсници со кој не сакаат да имаат контакт;
- да добиваат пораки со непристојна содржина.

Според резултатите, постои врска помеѓу комуникацијата со непознати лица и и виктимизацијата на социјалните мрежи. Сепак треба да имаме предвид, дека голем е и

процентот на испитаници кои немале комуникација со непознати лица, а сепак искусиле некоја форма на онлајн виктимизирање. Исто така дел од испитаниците иако имале таков контакт, сепак не искусиле никаква форма на вознемирување. Согласно сето тоа, можеме да заклучиме дека посебната хипотеза која гласи „Комуникацијата со непознати деца и достапноста на лични податоци и слики на социјалните мрежи ја зголемува можноста за виктимизација на децата на тие мрежи“*, се орфтлува.*

## 2.10 Поврзаноста помеѓу индивидуалните карактеристики на децата (социодемографиски и психолошки), семејните и одредени технолошки фактори и виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи.

Во рамките на овој труд, генералната хипотеза, од која произлегуваат сите останати поединечни хипотези, претпоставува дека индивидуалните карактеристики на децата (социодемографски и психолошки), семејни и одредени технолошки фактори ја детерминираат виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи.

Првиот дел од генералната хипотеза, се однесува на поврзаноста помеѓу социодемографските фактори (пол, возраст) и искуството со виктимизацијата на социјалните мрежи. Овој дел беше анализиран во склоп на поединечната хипотеза која претпоставуваше дека постојат разлики меѓу децата од различен пол и возраст во однос на искуство со виктимизација на социјалните мрежи. Според резултатите од истражувањето, постојат разлики меѓу децата од различен пол во однос на искуство со одредени начини на виктимизација на социјалните мрежи. Сепак, влијанието на полот кога ќе се стави во одредена корелација со други варијабли во одредување на ризикот од одредени облици на виктимизација на социјалните мрежи може да опадне. Кога станува збор за возраста, резултатите покажаа дека не постојат разлики меѓу децата од различна возраст во однос на искуство со виктимизација на социјалните мрежи. Согласно сето тоа, самата поединечна хипотеза која тврди дека постојат разлики меѓу децата од различен пол и возраст во однос на искуство со виктимизација на социјалните мрежи делумно се потврди. Според тоа можеме да заклучиме дека делот од генералната хипотеза кој тврди дека социодемографските карактеристики (пол, возраст) на децата ја детерминираат виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи делумно се прифаќа.

Следен дел од генералната хипотеза се однесува на поврзаноста помеѓу некои психолошки фактори (самодоверба, депресија, тага, емпатија итн.) и зголемен ризик од виктимизација на социјалните мрежи. Овој дел беше анализиран во склоп на поединечната

хипотеза која претпоставуваше дека пониските степен на самодоверба, по изразените чувства на осаменост или присуство на депресивни симптоми, го зголемуваат ризикот од виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи. Според анализите на резултатите на истражувањето, поединечна хипотеза покажа поврзаност со дел од варијаблите кои ја испитуваа самодовербата, како и со варијаблите кои ги испитуваа депресивните симптоми. Според тоа оваа поединечна хипотеза делумно се потврдува, а со тоа и делот од генералната хипотеза кој претпоставува дека индивидуалните психолошки карактеристики на децата ја детерминираат виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи се делумно се прифаќа.

Во склоп на истражувањето, како индивидуален фактор беше земен предвид степенот на социјализација на децата. Беше анализирана и поединечна хипотеза која се однесува на поврзаноста помеѓу пониският степен на социјализација и зголемен ризик од виктимизацијата на социјалните мрежи. Анализата на резултатите покажа значително дека голем дел од испитаниците иако немаат никакви социјални тешкотии, сепак доживеале одредена форма на виктимизација онлајн. Согласно сето тоа поединечната хипотеза која претпоставува дека пониският степен на социјализација на децата го олеснува процесот на виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи се отфрла.

Следната поединечна хипотеза се однесува на претпоставката дека децата кои доаѓаат од семејства каде има послаб надзор од страна на родителите и има присуство на поладни односи имаат поголема можност да бидат виктимизирани на социјалните мрежи. Анализата на резултатите покажа дека намалениот надзор од страна на родителите не влијае на зголемен ризик од виктимизација на социјалните мрежи, додека пак повремено нарушување на односите меѓу децата и родителите се покажа како ризик фактор за одредени начини на виктимизацијата на децата на социјалните мрежи. Истовремено беше анализирано и прашањето како негативните случки во семејството влијаат на зголемување на ризик од виктимизација. Ваквите негативни настани се покажаа како можни ризик фактори за виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи. Согласно сето тоа, оваа поединечна хипотеза делумно се прифаќа, а со тоа и делот од генералната хипотеза кој тврди дека некои семејни карактеристики на децата ја детерминираат виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи делумно се прифаќа.

Следните поединечни хипотези се однесуваат на поврзаноста помеѓу одредени технолошки фактори и ризикот од виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи. Според анализата на резултатите, хипотезата која претпоставува дека зголемениот интензитет на користење на интернетот, користењето на повеќе социјални мрежи и зачестеното постирање од страна на децата се поврзуваат со зголемен ризик и обем на виктимизација се отфрла.

Имено, резултатите покажаа дека зголеменото време поминато на интернет и социјалните мрежи не влијае врз зголемувањето на ризикот од виктимизација. Спротиво од тоа, беше утврдена поврзаност помеѓу зачестеното постирање на социјалните мрежи и ризикот од виктимизација. Меѓутоа и покрај ваквата поврзаност, земајќи во предвид дека голем е бројот на испитаници кои ретко постираат на социјалните мрежи, а сепак доживеале виктимизација оваа хипотезата се отфрлува.

Следната поединечна хипотеза се однесува на поврзаноста помеѓу комуникацијата со непознати деца и зголемената достапност на личните податоци од една страна и ризикот од виктимизација од друга. Иако резултатите покажуваат на можна врска, сепак треба да имаме предвид дека значително голем дел од испитаниците иако имале комуникација со непознати деца не биле виктимизирани на социјалните мрежи. Согласно тоа, поединечната хипотеза која гласи „Комуникацијата со непознати деца и достапноста на лични податоци и слики на социјалните мрежи ја зголемува можноста за виктимизација на децата на тие мрежи“ се отфрлува. Согласно горенаведеното, делот од генералната хипотеза кој претпоставува дека технолошките фактори ја детерминираат виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи се отфрлува.

Генералната хипотеза која гласи индивидуалните карактеристики на децата (социодемографски и психолошки), семејните и одредени технолошки фактори ја детерминираат виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи е делумно прифатена. Делумно потврдени делови од главната хипотеза се следните:

- Социодемографски карактеристики - пол: Постојат разлики во искуството со виктимизацијата на социјалните мрежи кај девојчињата и момчињата, што го потврдува делот од главната хипотеза кој се однесува на полот, како индивидуална карактеристика на децата.
- Психолошки фактори: Хипотезата за поврзаноста помеѓу некои психолошки карактеристики на детето (пониска самодоверба, осаменост, депресивни симптоми) и ризикот од виктимизација на социјалните мрежи е делумно прифатена, што покажува дека постои можност присутноста на ваквите карактеристики кај децата да го зголемува ризикот од виктимизација на социјалните мрежи.
- Семејни фактори (присуство на поладни односи, негативните случувања во семејството): Анализата покажа дека децата кои доаѓаат од семејства во кои повремено има нарушени односи помеѓу децата и родителите, како и оние деца кои искусиле некакви негативни случувања во семејството имаат поголем ризик

да бидат виктимизирани на социјалните мрежи од страна на врсниците, што го потврдува делот од главната хипотеза што се однесува на семејни фактори (присуството на поладни односи меѓу членовите во семејството и негативни случувања во семејството) и нивната поврзаност со зголемен ризик од виктимизација на социјалните мрежи.

2. Делови од главната хипотеза кои не се потврдија:
   - Социодемографски карактеристики - возраст: Хипотезата за возраста е отфрлена, бидејќи нема значајни разлики во виктимизацијата помеѓу децата на социјалните мрежи од различни возрасни групи.
   - Степенот на социјализација: Хипотезата која тврди дека пониският степен на социјализација на децата го олеснува процесот на виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи не се потврди поради големата бројка на добро социјализирани деца кои доживеале виктимизација,
   - Семејни фактори (намален надзор од родителите врз активностите на децата на социјалните мрежи). Анализата на резултатите покажа дека намалениот надзор на родителите врз активностите на децата на социјалните мрежи, не го зголемува ризикот од виктимизација на социјалните мрежи.
   - Технолошки фактори (користење на повеќе профили на социјалните мрежи, зачестено постирање на социјалните мрежи и комуникација со непознати лица) Резултатите покажаа дека децата кои имаат активни профили на повеќе социјални мрежи, оние кои почесто постираат на социјалните мрежи и оние кои имаат комуникација со непознати деца, не се во поголем ризик од виктимизација на социјалните мрежи, што го отфрлува делот од хипотезата за технолошките фактори и нивното влијание за зголемен ризик од виктимизација на социјалните мрежи.

Согласно наведеното може да се констатира дека главната хипотеза која гласи индивидуалните карактеристики  на децата (социодемографски и психолошки), семејните и одредени технолошки фактори ја детерминираат виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи е делумно потврдена.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

### 1. Заклучоци

Виктимизацијата на социјалните мрежи може да има негативни ефекти врз благосостојба на жртвите и да влијае врз менталното здравје и развојот на адолесцентите. Со зголемената популарност на социјалните мрежи меѓу младите, се зголемува и ризикот од виктимизација.

Сајбер виктимизацијата, претставува сериозен проблем за современото општество, особено за децата и адолесцентите кои активно користат социјални мрежи. Таа се извршува преку електронски комуникации и се разликува од традиционалната виктимизација. Социјалните мрежи, како Facebook, Instagram и други платформи, се покажуваат како места каде проблемот е најизразен. Различните облици на појавата, како исклучување од групи, вознемирување, објавување чувствителни податоци, измами, укажуваат на нејзината разнообразност и комплексност.

Интересот за истражувања поврзани со оваа темасе зголеми во последните години (Бредшо и др, 2017; Карваљо и др, 2017). Претходните истражувања откриваат дека виктимизацијата на социјалните мрежи е честа и застапена појава во многу земји во светот (Јаман и Сонмез, 2015; Турк и Сенјува, 2021, Сенер и соработници (2022), Мачимбарена и Гарајгордобил (2018)).[235] Проценките од досега спроведени истражувања укажуваат на тоа дека значителен процент од адолесцентите се соочиле со некаква форма на малтретирање на интернет.

Податоците од истражувањето на овој магистерски труд рефлектираат широк спектар на вознемиреност меѓу децата на социјалните мрежи, од социјална исклученост до посериозни форми на злоупотреба, како што се закани и малтретирање. Податоците од емпириското истражување покажуваат дека Instagram е најчестата платформа каде што се случуваат ваквите појави, а потоа следуваат Facebook, Snapchat и TikTok. Како најчест облик е нарекување со погрдни имиња, при што 31.3% од испитаниците изјавиле дека биле нарекувани со погрдни имиња на социјалните мрежи (Во текот на последните 12 месеци, 3.4% го доживеале тоа повеќе пати, 7.6% неколку пати, а 15.0% еднаш или двапати). Ова укажува на тоа дека вербалното насилство е значаен проблем во онлајн интеракциите меѓу врсниците. Дополнително, 30.4% од испитаниците пријавиле дека добивале пораки од врсник

[235] Цитирано во Eroglu, Y., Peker, A., & Cengiz, S. (2022). Cyber victimization and well-being in adolescents: The sequential mediation role of forgiveness and coping with cyberbullying. *Frontiers in Psychology*

со кој не сакале да имаат контакт и тие пораки упорно не престанувале, што уште повеќе го потенцира проблемот на вознемирување во дигиталниот простор. (Во последните 12 месеци 3.9% пријавиле ваков настан повеќе пати, 12.4% неколку пати, а 13.6% еднаш до два пати). Друг загрижувачки облик на виктимизација е примањето на непристојни пораки, при што 27.4% од учесниците во истражувањето изјавиле дека добиле вакви пораки (Во последните 12 месеци 4.8% добивале пораки повеќе пати, 9.0% неколку пати а 13.3% еднаш до два пати). Овие наоди ја истакнуваат зачестеноста и разновидноста на штетните интеракции со кои децата се соочуваат на социјалните мрежи. Потребно е да се нагласи дека иако некои облици на виктимизација, како кражба на идентитет или објавување модифицирани слики се поретки, тие сепак претставуваат значителни закани за безбедноста и благосостојбата на децата.

Според резултатите, децата освен што се јавуваат во улога на жртви, се јавуваат и во улога на вакви настани. Податоците покажуваат дека значителен процент од децата се вклучени во различни форми на сајбер малтретирање и вознемирување. Најчест облик е игнорирање на врсниците на социјалните мрежи, при што 23.3% од испитаниците се изјасниле дека извршиле игнорирање на врсник (Во последните 12 месеци 3% го направиле тоа повеќе пати, 7.1% неколку пати, а 12.6% еднаш до два пати). Ова покажува дека социјалната исклученост и изолацијата се распространети проблеми во комуникациите меѓу децата онлајн. Одредени форми на сајбер насилство, како што се претставување во име на жртвата (2.7%) или пристапување и користење на нејзиниот профил без нејзина согласност (2.3%), се поретки, но сепак присутни. Овие однесувања, иако се поретки, претставуваат значителни ризици за приватноста и безбедноста на оние кои ги искусуваат.

Во однос на влијанието на полот како ризик фактор, резултатите од претходно спроведените истражувања, укажуваат дека разликата во пол има важна улога во тоа како децата доживуваат и реагираат на виктимизација на социјалните мрежи. Согласно анализираните истражувања во овој магистерски труд, девојчињата најчесто се доживуваат индиректна агресија, како што е ширење гласини за нив и добивање на непристојни пораки, додека момчињата се почесто изложени на директни форми на агресија, како што е говорот на омраза (Грос и Делхи, 2013). Дел од истражувачите се согласуваат дека девојчињата поминуваат повеќе време на социјалните мрежи, што може да ги изложи на поголем ризик (Ленхарт, 2015, Андерсом. М, 2018). Резултатите добиени од нашето истражување се согласуваат со веќе постоечките истражувања. Согласно анализата на резултатите, постојат статистички значајни разлики помеѓу децата од различен пол во однос на одредени форми на виктимизација на социјалните мрежи. Резултатите покажаа дека девојчињата се почесто

жртви на одредени начини како што се ширење гласини, неприфаќање во групи, игнорирање од страна на врсници, и постојано добивање на пораки од лица со кои не сакаат да имаат контакт. Резултатите укажуваат на тоа дека девојчињата се повеќе подложни на овие форми на виктимизација во споредба со момчињата. Сепак, за други облици на виктимизација, како што се примање погрдни пораки, преземање лични податоци, и објавување на лажни фотографии, не е утврдена значајна разлика меѓу половите. Ова покажува дека веројатно разликите во полот влијаат на одредени видови на онлајн виктимизација.

Што се однесува пак на влијанието на возраста, постоечките истражувањата покажуваат различни резултати кога се анализира влијанието на возраста и ризикот од виктимизација на социјалните мрежи. Некои студии укажуваат на поголем ризик кај помладите деца (Келет, 2013), додека други покажуваат дека постарите адолесценти се повеќе изложени (Токунада, 2010 ). Резултатите од нашето истражување не покажуваат разлика во искуството кај деца од различни возрасни групи (15, 16, 17, и 18 години). Анализата на податоците покажува дека процентот на деца кои се изјасниле дека доживеале различни форми на сајбер малтретирање е релативно конзистентен низ сите возрасни групи. Според резултатите, негативното искуство на социјалните мрежи не се менува значително во зависност од возраста на децата.

Во врска со поврзаноста помеѓу понискиот степен на социјализација на децата постоечките истражувањата покажуваат дека квалитетот на социјалните врски кои детето ги има со своите врсници игра клучна улога во заштита од виктимизација на социјалните мрежи (Сапуна и Волке, 2013). Децата со силни пријателства се помалку подложни на виктимизација, додека оние со социјална изолација или слаби врски се поранливи. Постоечките истражувања потврдуваат дека социјализацијата е важна за намалување на ризикот од виктимизација на социјалните мрежи, бидејќи квалитетните врски можат да помогнат во развојот на социјалните вештини и самозаштита. Промовирањето на здрави социјални врски е клучно за заштита. Резултатите од емпириското истражување на овој магистерски труд не ги потврдија резултатите од веќе спроведените истражувања. Според резултатите, децата кои тешко воспоставуваат контакт со врсниците најчесто пријавиле некаква форма на малтретирање онлајн. Но уште поголема е бројката на деца кои се изјасниле дека имаат многу пријатели и немаат тешкотии со воспоставување на контакти, а сепак доживеале некоја форма на виктимизација. Согласно сето тоа, како заклучок можеме да извлечеме дека намалената социјализација кај децата најчесто не влијае за зголемен ризик од виктимизација.

Во однос на поврзаноста на некои психолошки карактеристики на децата, постоечките истражувања покажуваат дека ниската самодоверба, депресијата и мислите за самоубиство се значајни ризик фактори за  виктимизација на социјалните мрежи кај децата. Децата со ниска самодоверба се повеќе подложни на онлајн виктимизација и може да се најдат во циклус на постојана виктимизација што ја влошува нивната психолошка состојба.

Анализата на резултатите од емпириското истражување на овој магистерски труд укажува на  неколку клучни заклучоци:

- Децата кои имаат ниска самодоверба, особено поради физичкиот изглед, се по изложени на различни форми на виктимизација на социјалните мрежи.
- Децата кои имаат депресивни симптоми се повеќе подложни на различни одредени ситуации, вклучувајќи исмејување, закани и ширење гласини.
- Чувствата на осаменост и анксиозност кај децата се значително поврзани со ризикот од виктимизација.
- Кај децата кои немаат со кого да разговараат за своите проблеми се зголемува ризикот од појавата
- Чувството на тага и разочараност  може да го зголеми ризикот на децата за виктимизација на социјалните мрежи,

Истражувањето во склоп на овој магистерски труд се фокусираше и на прашањето за поврзаноста помеѓу семејните фактори и ризикот од виктимизација. Постоечките истражувањата покажуваат дека децата кои растат во семејства со отворена комуникација и блиски односи со родителите се помалку подложни на ризик појавата. Ако родителите покажуваат интерес и грижа за активностите на своите деца на интернетот, децата ќе имаат поголема свест за безбедната употреба на социјалните мрежи, а со тоа и ризикот ќе биде помал за нив. Недостатокот на комуникација помеѓу децата и родителите може да предизвика ризично онлајн однесување од страна на децата (Никен и Де Граф, 2013; Сасон и Меш, 2014). Заради испитување на поврзаноста помеѓу семејни односи и зголемениот ризик од виктимизација, од испитаниците беше побарано да одговорат каков е нивниот однос со својата мајка и татко. Резултатите покажуваат дека повремено несогласување помеѓу децата и родителите може да доведе до зголемен ризик од одредени начини на онлајн виктимизација. Во истражувањето беше анализирана поврзаноста меѓу некои негативни случувања во семејството и зголемен ризик од појавата. Резултатите покажуваат дека децата кои доживеале негативни случувања во семејството, како што се проблеми со алкохол кај родителите, физичко насилство или развод на родителите, се изложени на поголем ризик од виктимизација.

Кога станува збор за односот помеѓу намалениот надзор од родителите,, иако резултатите од различни истражувања варираат, сепак некои автори како  Алварез-Гарсија и други (2015), укажуваат на значајноста на родителскиот надзор во контекст на заштитата на децата од виктимизација на интернет. Истражувањето на Куртз и Завала (2017) укажува дека недостатокот на надзор може да доведе до зголемена импулсивност кај децата, што е силен индикатор за ризично однесување. Спротивно на ова, резултатите од нашето истражување, покажуваат дека нема статистичка поврзаност помеѓу различните аспекти на надзорот од страна на родителите (како што се ограничување на времето на користење на социјалните мрежи или проверка на пораките) и ризикот од виктимизација.

Во рамките на трудот беа анализирани и некои технолошки фактори и нивното влијание. Постоечките истражувања покажуваат дека колку повеќе време децата минуваат на социјалните мрежи, толку е поголема веројатноста да бидат изложени на ризици, вклучувајќи и сајбер виктимизација. Истражувањето на Касас и други (2013) покажува дека со зголемување на времето минато на социјалните мрежи, се зголемува ризикот од виктимизација кај децата. Хиндуџа и Патчин (2012) откриваат дека зголеменото време поминато на социјалните мрежи доведува до почести конфликти и емоционални проблеми, што ги прави децата поранливи на виктимизација и негативни социјални интеракции на социјалните мрежи. Сите овие резултати се во спротивност со наодите од нашето истражување, кое не утврди поврзаност помеѓу времето минато на интернет и зголемениот ризик од виктимизација. Според резултатите од нашето истражување, зголеменото време поминато на интернет веројатно не претставува значаен ризик-фактор за виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи. Дополнително, резултатите покажаа дека користењето на повеќе социјални мрежи, како и зачестеното постирање, не се поврзуваат со зголемен ризик. Што се однесува до комуникацијата со непознати лица и зголемената достапност на личните податоци, резултатите укажуваат дека децата кои имаат контакт со непознати лица, како и за оние чии лични податоци и фотографии се јавни и достапни, не се со зголемен ризик од виктимизација на социјалните мрежи.

Генералната хипотеза од овој магистерски труд, која претпоставува дека индивидуалните карактеристики на децата (социодемографски и психолошки), семејните и технолошките фактори ја детерминираат виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи, е делумно потврдена. Анализите покажаа дека постојат значајни разлики во искуствата со виктимизацијата меѓу девојчињата и момчињата, како и поврзаност помеѓу пониска самодоверба, осаменост и тага и со зголемен ризик од виктимизација. Исто така, присуството на поладни односи во семејството како и негативните случувања во семејството се потврдија

како фактори што го зголемуваат ризикот од виктимизација. Од друга страна, возраста, социјална изолација, намалениот родителски надзор, користењето на повеќе социјални мрежи, зачестено постирање на социјалните мрежи, впуштањето во ризични активности, зголеменото време минато на интернет и комуникацијата со непознати лица не покажаа значајно влијание врз виктимизацијата.

## 2. Препораки кои произлегуваат од истражувањето

Резултатите од бројни истражувања кои беа анализирани во овој труд, ја нагласуваат важноста за справување со виктимизацијата меѓу децата на социјалните мрежи во сите нејзини форми и имплементирање на превентивни мерки за оваа појава. Резултатите од нашето истражување покажуваат на широка распространетост на појавата во различни облици. Со цел спречување и справување неа, добро е да се спроведат следните препораки.

- Развивање на програми за подобрување на самодовербата кај децата. Ваквите програми може да придонесат во намалувањето на ризикот. Овие програми можат да вклучуваат работилници за личен развој кои би можеле да ги организираат заедницата и училиштата. Создавањето вакви работилници, како и групи за поддршка на децата во училиштата и заедницата, може да им помогне на децата да се чувствуваат помалку осамени и да имаат со кого да ги споделуваат своите проблеми.
- Обезбедување на услуги за психолошка поддршка и терапија за деца со депресивни симптоми и анксиозност. Ова може да помогне во јакнење на нивната самодоверба и во намалувањето на нивниот ризик за виктимизација. Потребно е да се развијат сеопфатни стратегии за справување со различни форми на сајбер виктимизација. За да се намали ризикот од повторна виктимизација, важно е да се обрне внимание на социјалната поддршка и емоционалната добросостојба на децата. Подобрувањето на социјалните вештини и обезбедувањето на соодветни стратегии за справување со стресот и стравот може да помогне во намалувањето на нивната изложеност на ревиктимизација.
- Важно е во училиштата да бидат воспоставени образовни програми за безбедност на социјалните мрежи кои вклучуваат стратегии за заштита на личните податоци и препознавање на онлајн виктимизација. Одговорноста на училиштата е да воспостават јасни политики и процедури кои ќе го регулираат користењето на интернетот и социјалните мрежи од страна на учениците. Преку создавање на свесност за

последиците од виктимизацијата на социјалните мрежи, училиштата можат да делуваат превентивно. Наставниците и училишниот кадар имаат значајна одговорност да воспостават здрава училишна клима, во која децата ќе се чувствуваат сигурно и заштитено, не само физички, туку и во виртуелниот простор. Здрава училишна клима, каде владее меѓусебна почит и разбирање, е значајна за превентивен план.

- Што се однесува до родителскиот надзор, иако резултатите од истражувањето , не покажуваат врска помеѓу надзорот од страна на родителите и онлајн виктимизацијата меѓу децата, се препорачува родителите да извршуваат активен надзор врз децата при користењето на социјалните мрежи. Родителите треба да работат на подигнување на свеста и знаењето кај децата за безбедноста на интернет и како да се заштитат од можни форми на виктимизација. Родителите треба да постават граници во користењето на социјалните платформи и да го надгледуваат интензитетот и типот на активности на нивните деца. Треба да ги поттикнат децата да ги постават своите профили да бидат целосно приватни и да се осигурат дека само пријателите имаат пристап до нивните лични информации и содржини и да ги подучуваат децата да не се впуштаат во комуникација со непознати лица.
- Децата кои доживеале негативни случувања во семејството треба да добијат соодветна поддршка и помош, како што се советување и психолошка помош, за да се намали нивниот ризик од виктимизација на социјалните мрежи.

Истражувањето во контекст на овој магистерски труд ја нагласува потребата од сеопфатни стратегии за спречување на виктимизацијата на социјалните мрежи и заштита на благосостојбата на децата во дигиталниот свет. Резултатите ја истакнуваат потребата од сеопфатен пристап за решавање на проблемот, кој налага да се вклучат образовните институции, заедницата, семејствата и креаторите на социјалните мрежи. Со имплементирање на насочени едукативни програми и цврсти превентивни мерки, може да се создаде побезбедна онлајн средина за децата.

Заштитата на нашите деца од опасностите на интернет бара колективна посветеност, будност, едукација и емпатија. Само така може да се влијае на намалување на ризиците од виктимизација меѓу децата на социјалните мрежи и подобрување на позитивните искуства на децата во виртуелниот свет.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:**

**Книги:**


- Bandura, A. (1977). *Social learning theory*. Englewood Cliffs, NJ: Prentice-Hall.
- Barboza, G. E., & Schiambers, B. R. (2021). Racial and ethnic diversity in the social ecology of online harassment and cybervictimization: The adolescent school context. In *Child and adolescent online risk exposure* (Chap. 12).
- Bronfenbrenner, U. (2005). *Making human beings human: Bioecological perspectives on human development*. Thousand Oaks, CA: Sage Publications.
- Milosevic, T. (2018). *Protecting children online? Cyberbullying policies of social media companies*. MIT Press.
- Smith, P., Mahdavi, J., Carvalho, C., & Tippett, N. (2006). *An investigation into cyberbullying, its forms, awareness and impact, and the relationship between age and gender in cyberbullying*. Department for Education and Skills.
- Мојаноски, Ц. (2012). *Методологија на истражување на безбедносните науки, книга II*. Скопје, Северна Македонија.


**Интернет извори:**


- Allen, J. P. (2003). An overview of Beck's cognitive theory of depression in contemporary literature. *Rochester Institute of Technology*. Достапно на http://www.personalityresearch.org/papers/allen.html
- Anderson, M. (2018). „A majority of teens have experienced some form of cyberbullying". *Pew Research Center*. Достапно на: https://livemorescreenless.org/blog/resource/a-majority-of-teens-have-experienced-some-form-of-cyberbullying/ (пристапено на: 02 Мај 2023);
- Belsey, B. *Cyberbullying*. Достапно на https://billbelsey.com/?cat=13 (пристапено 06 Декември 2021).
- Connect Safely. „The parent's guide to cyberbullying". Достапно на: https://www.connectsafely.org/cyberbullying/ (пристапено 22 Ноември 2021);
- Cyberbullying Research Center USA. (2010). Достапно на: https://cyberbullying.org/ (пристапено 26 Ноември 2021);

- Gordon, S. (2021). „The Real-Life Effects of Cyberbullying on Children". Достапно на: https://www.parents.com/what-are-the-effects-of-cyberbullying-460558 (пристапено 01 Декември 2021);
- How to make an app like TikTok. Достапно на: https://www.uptech.team/blog/create-app-like-tiktok (пристапено на 02 Јуни 2024);
- Robers, J. (2016). *Social Media–Uses and Messaging*, Chapter 58 – Social Media characteristics. Достапно на https://ohiostate.pressbooks.pub/stratcommwriting/chapter/types-of-social-media/ (пристапено на 19 Септември 2023).
- Murphy, T. F. (2024, April 24). Social identity theory. *Psychology Theory*. Достапно на https://psychologyfanatic.com/social-identity-theory/
- Social Comparison Theory Reviewed by Psychology Today Staff, достапно на https://www.psychologytoday.com/us/basics/social-comparison-theory
- Some Cyberbullying Stories Shared with Us. *Cyberbullying Research Center.* Достапно на: https://cyberbullying.org/stories (пристапено на 17 Септември 2023);
- Stopbullying.gov. (2021). „Ефекти од сајбер булинг". Официјална интернет страна на Владата на САД. Достапно на: https://www.stopbullying.gov/bullying/effects (пристапено 16 Август 2021);
- Willard, N. „An Educator's Guide to Cyberbullying and Cyberthreats". *Center for Safe and Responsible Internet Use*. Достапно на: https://cdn.ymaws.com/www.safestates.org/resource/resmgr/imported/educatorsguide.pdf (пристапено 20 Ноември 2021);
- Wright, M. F. (2018). *The nature, extent, causes, and consequences of cyberbullying, gосӣаӣно на https://www.igi-global.com/chapter/the-nature-extent-causes-and-consequences-of-cyberbullying/183888*
- Листа на функции на Facebook. Достапно на: https://en.wikipedia.org/wiki/List_of_Facebook_features (пристапено на 05.04.2024);
- Официјална страница на апликацијата „Viber". Достапно на: https://www.Viber.com/en/features/ (пристапено на 12.05.2024);
- Официјална страница на апликацијата „Instagram". Достапно на: https://cookesleyInstagram.weebly.com/characteristics.html (пристапено на 16.04.2024);
- УНИЦЕФ. „Што претставува сајбер силеџиство и како да се запре". Достапно на: https://www.unicef.org/northmacedonia/mk (пристапено 02 Декември 2021);

- Шумадиева, И., & Ресавска, Т. (2011). *Сајбер насилсѿво - и ѿоа е насилсѿво*. Достапно на https://dzlp.mk/sites/default/files/u1002/Sajbernasilstvo-II-izdanie.pdf (пристапено 27 Ноември 2021).

**Законска регулатива:**

- Закон за правда на децата, ,,Службен весник на РСМ”, бр. 66/2024.

**Тези, Дисертации и Трудови**:

- Adeoye, A. (2020). *Cyberbullying in social media: Teenagers' and adults' experiences of the occurrence and consequences of cyberbullying*. Master thesis, Tilburg University;
- Burlet, E. R. (2019). *Cyberbullying Prevention and Intervention: Perspectives of School Psychologists and School Counselors*. Doctoral dissertation, Minnesota State University;
- Corliss, C. L. (2017). *The established and the outsiders: Cyberbullying as an exclusionary process*. Doctoral dissertation, University of Glasgow;
- Rančić, J. (2018). *Вршњачко насиље на društvenim mrežama u Republici Srbiji*. Универзитет во Белград, Факултет за политички науки;
- Shariff, S. & Rachel, G. (2006). *Cyber-dilemas: Gendered Hierarchies, Free Expression and Cyber-Safety in Schools*. McGill University, Canada;
- Stauffer, S., et al. (2012). *High school teachers' perceptions of cyberbullying: Prevention and intervention strategies*. *Psychology in the Schools*, page: 353-367, Utah, US;
- Stricca, F. (2013). *Bullying goes online: Definition, risk factors, consequences, and prevention of (cyber)bullying*. Doctoral dissertation, University of Zurich;
- Summers, N. (2015). *Cyberbullying: Experiences and support needs of students in a secondary school*. Manchester, England;
- Јованова, Н. (2014). *Насилсѿвоѿо меѓу децаѿа во училишѿаѿа, со ӣосебен осврѿ на ӣревенција*. Докторска дисертација, Факултет за безбедност, Скопје;

**Списанија:**

- Adebayo, D. O., et al. (2020). *Relationship between Demographic Factors and Undergraduates' Cyberbullying Experiences in Public Universities in Malaysia*. *International Journal of Instruction*, 13(1): 901-914;
- Alim, S. (2016). *Cyberbullying in the World of Teenagers and Social Media*. In Bouzaida, M. N. (Ed.), *International Journal of Cyber Behavior*, (pp. 68-86), USA;
